





ОД АРТЕФАКТ ДО ИНДЕНТИТЕТ СЕДУМ ДЕЦЕНИИ КУЛТУРНА МЕМОРИЈА





НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп

ОД АРТЕФАКТ ДО ИДЕНТИТЕТ, СЕДУМ ДЕЦЕНИИ КУЛТУРНА МЕМОРИЈА

Музејска дејност

Прилеп 2025

Издавач:
НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп

За издавачот:
Мимоза Христоска

Уредници:
Биљана Темелкоска
Паре Заревска

Дизајн на корица:
Ирина Христоска

Компјутерска обработка и дизајн:
Биљана Темелкоска

Фотографии:
Димитрија Димески

Лектор:
Елена Апостоловска

Печати:
„Андриано“, Прилеп

Тираж:
70

Монографијата е финансиски поддржана од Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија во рамки на проектот „70 години НУ Завод и Музеј - Прилеп“

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам

Пред вас е монографијата што ја раскажува приказната за 70 години истрајна, тивка, но моќна работа – приказна за еден музеј што прерасна во институција која го чува, интерпретира и оживува културното наследство на Прилеп и пошироко.

На оваа годишнина не славиме само бројка. Славиме генерации посветени работници, славиме истражувачи и уметници, конзерватори, археолози, историчари и етнолози кои со љубов ја градеа оваа куќа на знаењето. Славиме идеи преточени во изложби, објекти спасени од заборав, проекти кои го збогатија националното културно ткиво.

Оваа монографија не е само документ – таа е сведоштво. Создадена е од самите луѓе што го живеат музејот, денес, тука. Тоа ја прави уште повредна. Во неа се запишани патиштата што ги изодевме, предизвиците со кои се соочувавме и страста со која продолжуваме да работиме.

Овој јубилеј е повод за гордост, но и момент за сублимирање на целокупното институционално и културно наследство кое нашата установа го создава, чува и неуморно развива седум децении наназад. Секоја година од овие 70 носи своја приказна, своја историја, свои имиња и дела – испишани со посветеност, научна љубопитност и грижа за заштита и презентација на културното богатство на Прилеп и пошироко.

Во оваа пригода, особена благодарност упатувам до сите вработени – сегашни, поранешни и идни – кои со својата работа, знаење и страст го вградија и ќе го вградуваат својот придонес во иднината на музејот. Вашата работа е незаменлив дел од историјата на оваа институција.

Со особена почит и благодарност се обраќам и до семејството на д-р Бошко Бабиќ, првиот директор и основач на Народниот музеј – Прилеп. Неговата визија, посветеност и научна мисија го поставија темелот врз кој е изграден овој музеј. Благодарност до фамилијата Бабиќ за достоинственото чување на неговото наследство, кое и денес претставува ориентација во нашата работа.

Оваа монографија, која стои пред вас, е плод на тимска, внимателна и стручна работа на колегите од сите одделенија во музејот. Таа е создадена како документ на времето, како сведоштво за институцијата што ги одржува корените на културното сеќавање и го пренесува знаењето на идните генерации. Монографијата ги обединува сите сегменти од нашата работа: истражувањата, изложбите, заштитата на културното наследство, едукативните програми, проектите, соработките, теренските активности, публикуваните трудови и музејските поставки.

Како директор, со гордост ја претставувам оваа монографија како значаен издавачки потфат и институционална потврда за континуирана работа, истрајност и посветеност. Таа претставува не само ретроспектива, туку и поставување нови темели за идна визија. Монографијата е доказ за патот по кој одиме од 1955 година до денес – соочувајќи се со предизвици, но секогаш чекорејќи напред, со идеја, мисија и љубов кон културата и наследството.

Нека оваа книга биде траен запис за нашата историја, за луѓето кои ја создадоа и развија институцијата, и инспирација за сите што ќе дојдат по нас.

Музејот не е само зграда, ниту само колекции. Музејот сме ние – оние што го создаваат, што го одржуваат и што го доживуваат.

Јас, ти, Музејот – заедно го градиме наследството.

Со почит,

Директор
Мимоза Христоска



Бошко Бабиќ (1924–1998)
Прв директор на Народен музеј – Прилеп

Основачката улога на Бошко Бабиќ во настанувањето на Народниот музеј во Прилеп претставува еден од клучните моменти во културната историја на градот.

Како историчар на уметноста и археолог, Бабиќ во 1955 година ја поставил темелната визија за музејска институција која ќе го истражува, собира и презентира богатото културно наследство на Прилеп и неговата околина. Со формирањето на музејот, Бабиќ го поставил концептот на музејот како жив организам, кој не само што го зачувува минатото, туку создава простор за дијалог помеѓу минатите културни изрази и современите уметнички тенденции. Неговата визија се темели на идејата дека музејот треба да биде чувар на културното наследство, но и активен учесник во културниот живот на заедницата.

Една од најзначајните иницијативи на Бабиќ е собирањето археолошки, етнолошки и уметнички предмети, кои ја формираат основата на денешните музејски збирки. Неговата научна методологија, заснована на теренски истражувања и внимателна документација, го поставила музејот како централна институција за проучување на културната историја на Прилепскиот Регион. Преку неговите истражувања на сакралните објекти, како манастирот Архангел Михаил, црквите Свети Никола и Свети Димитрија, Бабиќ го нагласил континуитетот на културното наследство, поврзувајќи го византискиот и поствизантискиот период со современата културна сцена.

Неговата идеја за музејот како простор каде што минатото и сегашноста се преплетуваат, го претвора Бошко Бабиќ во визионер кој ја поставува основата за современото сфаќање на музејските институции како динамични културни центри. Неговото наследство продолжува да живее преку музејските збирки, научните истражувања и културните манифестации што ги инспирирал.

Бошко Бабиќ е роден на 18 февруари 1924 година во Босанска Градишка, Босна и Херцеговина. Основното образование го завршува во родниот град, а потоа продолжува во Белград, каде што посетува Граѓанско средно училиште и Трговска академија. Во 1943 година, поради активното учество во отпорот против окупаторот, е исклучен од академијата и им се приклучува на партизанските единици. На 22 декември 1944 година, како борец на Сремскиот фронт, е тешко ранет. Иако поради последиците од ранувањето е прогласен за тежок воен инвалид со препорака да не се занимава со интелектуална работа, тој по војната ја продолжува својата едукација.

Запишува студии на Филозофскиот факултет во Белград, каде дипломира на Катедрата за историја на уметноста. Во 1955 година се сели во Прилеп и на 1 јули ја иницира и го предводи основањето на Народниот музеј – Прилеп, каде е именуван за прв директор. Неговата работа остави длабока трага, особено во областа на средновековната историја на уметноста и археологијата.

Под негово водство се формирани неколку значајни музејски збирки:

- Археолошка и етнографска збирка,
- Колекција на икони,
- Репрезентативна збирка на предмети поврзани со употребата на тутунот.

Во 1970 година ја иницира основата на Археолошкото друштво на Македонија и станува негов прв претседател. Беше основач и уредник на стручните списанија Macedoniae Acta Archaeologica и Balkanoslavica.

Во 1972 година е избран за прв претседател на Сојузот на археолошки друштва на СФР Југославија, а во 1975 година, на собир во Киев, е избран за претседател на Меѓународната унија за словенска археологија.

Во 1980 година докторира на Универзитетот „Марија Кири-Склодовска“ во Лублин, Полска. Истата година го основа Центарот за истражување на старословенската култура во рамките на Народниот музеј, кој подоцна прераснува во Институт за истражување на старословенската култура – институција со национално значење, каде што Бабиќ станува прв директор.

Неговиот придонес кон културниот живот на Прилеп е исклучителен:

- Активен учесник и доживотен почесен претседател на Центарот за современа ликовна уметност.
- Главен уредник и активен член на редакцијата на списанието Стремеж.
- Прв претседател на театарските игри „Војдан Чернодрински“.
- Автор на повеќе филмски и телевизиски сценарија, елаборати и проекти.
- Координатор за СФРЈ во меѓународниот проект „Енциклопедија на раната историја на Европа“.

Се пензионира во 1987 година, но останува активен во научниот и културниот живот сè до последните денови од својот живот. Зад себе остави обемно и значајно научно и стручно дело, признато и наградувано со бројни домашни и меѓународни признанија, награди и ордени.

На 20 септември 1998 година, кога сè уште беше полн со творечка енергија, Бошко Бабиќ ненадејно почина. Неговото дело останува длабоко втемелено во историјата на македонската археологија, уметност и музеологија.

Неговото наследство продолжува да живее преку музејските збирки, научните истражувања и културните манифестации што ги инспирирал.

Мимоза Христоска
виш кустос

ПОЧЕТОЦИ И РАЗВОЈ НА МУЗЕЈОТ

Значењето на музејската дејност

Музејската дејност претставува темелен столб во зачувувањето на културното, историското и уметничкото наследство на една заедница. Таа има мултидимензионална улога – научна, едукативна, културна и општествена, која го надминува просторот на институцијата и се вплеткува во севкупниот идентитет на општеството.

Музеите се чувари на материјалното и нематеријалното наследство. Тие ги чуваат сведоштвата за човечката креативност, дух и историја, а преку нивното истражување, документирање и изложување, овозможуваат континуитет на колективната меморија. Во таа смисла, музејот не е само место на предмети, туку жив простор на знаење, дијалог и разбирање меѓу генерации и култури.

Во локален контекст, музејската дејност во Прилеп има особено значење. Преку неа се афирмира богатото културно-историско наследство на градот и регионот, се негува почитта кон минатото и се создава основа за културен развој и туристичка видливост. Музејот претставува отворен извор за истражувачите, наставниците, учениците и граѓаните, нудејќи им можност за учење, инспирација и поврзување со сопствените корени.

Особено значајна е и едукативната улога на музејот – тој делува како продолжена училница каде знаењето се добива преку искуство. Преку изложби, работилници, предавања и публикации, музејската дејност ја збогатува културната писменост и ја поттикнува љубопитноста кај сите возрасни групи.

Современата музејска пракса се стреми кон отвореност, интердисциплинарност и вклучување на заедницата. Музејот денес не е само простор за чување, туку и за создавање нови значења – место каде историјата се гледа низ современите вредности и каде културата се оживува во нови облици.

Оттука, музејската дејност не е само професионална обврска, туку и општествена одговорност. Таа е акт на грижа за наследството, израз на почит кон минатото и инвестиција во иднината. Затоа, нејзиното унапредување и заштита се прашања од јавен интерес и основа за културен и духовен напредок на општеството.

Музејската дејност во Прилеп започнува во 1948 година, кога во рамките на Народно-ослободителниот одбор е формирана првата музејска збирка со документи, фотографии и уметнички дела од прилепски автори, посветени на Народноослободителната борба. Збирката била сместена во објект во близина на градскиот пазар, во анот на фамилијата Ачкоски.



Анот на Ачковци каде што е сместена првата музејска збирка

Со зголемен интерес за систематско документирање на историјата, во 1952 година, по иницијатива на Сојузот на борци, е отворен Музејот на НОБ. Тој бил сместен во зграда што имала симболично значење – поранешен полициски участок на бугарската окупаторска власт, кој бил цел на нападот на Прилепскиот партизански одред на 11 октомври 1941 година, што се смета за почеток на востанието во Македонија. Со официјалното отворање на *Постојаната изложбена поставка* во рамките на овој музеј од страна на претседателот на Околискиот народен одбор Тоде Ношпал, била поместена и првата повремена изложба *„Изградбата во Прилеп и околината од 1945 до 1951 година”*.

Постојаната поставка на музејот претставувала сведоштво за организирањето на партизанското движење, херојството на првоборците, како и страдањата под окупацијата. Во неа биле изложени фотографии, документи, пропаганден материјал и лични предмети на борци. Со ова, Прилеп станува еден од првите градови во Македонија со институционализиран

музејски простор посветен на зачувување на националната меморија.

Во 1955 година започнува процесот на институционализација на музејската дејност во Прилеп, со конкретна иницијатива за формирање на Народен музеј со комплексен карактер. Историчарот на уметност Бошко Бабиќ, кој живеел и работел во Белград, по неколку посети на Прилеп добива задача од тогашниот претседател на општината, Џоџа Николоски, да започне со подготвителни активности за основање на ваков тип установа. Целта била јасна – да се создаде институција која ќе прибира, проучува, чува, реставрира и презентира културни добра со археолошка, етнолошка, историска, уметничка, природна и техничка вредност од поширокиот регион на Прилеп.



Зградата на участокот
во која извесно време се наоѓал Народниот музеј - Прилеп

Официјалното формирање на Народниот музеј е извршено со Одлука на Собранието на општина Прилеп на 1 јули 1955 година. За прв директор е назначен токму Бошко Бабиќ, кој се смета за клучна личност во неговото основање и понатамошно унапредување. Во основачкиот тим, покрај него, биле вработени и Александар Георгиевски (препаратор), Александар Насески (економ), Загорка Коруноска (етнолог), Загорка Расолкоска (препаратор) и Нада Никуљска (историчар на уметност).

Првично, музејот бил сместен во поранешната зграда на бугарската полициска станица, но по изградбата на новата општинска зграда, музејската институција се преселува во старата општинска зграда на улица „Моша Пијаде“, каде се наоѓа и денес.

Развојот на Народниот музеј – Прилеп, денес Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп, претставува континуиран и посветен процес. Благодарение на стручното залагање, професионалноста и ентузијазмот на вработените, установата прерасна во почитуван културен и научен центар, препознатлив не само на национално, туку и на меѓународно ниво.

Музејот реализирал бројни научно-истражувачки, музеолошки и конзерваторски проекти, организирал голем број изложби, тематски поставки и културни манифестации, и учествувал во меѓународни иницијативи, особено во рамките на развојот на словенската археологија. Прилепската историска и културна слоевитост овозможила развој на научни дисциплини како археологија, историја, историја на уметност, етнологија и архитектура, низ кои се формирани богати и разновидни музејски збирки. Дел од овие експонати се претставени во постојаните поставки, а низ децении биле прикажани и бројни повремени и гостински изложби.

Уште во раните години од своето постоење, музејот формира препараторско-конзерваторска работилница и фото лабораторија – два витални сегменти за стручна обработка и документирање на музејскиот материјал. Покрај нив, значајна улога имаат и одделението за правна заштита на културното наследство, одделението за музејска документација, како и техничката и илустративната служба.

Со деценискo искуство, институцијата денес е темел на културното паметење, истражување и јавна едукација, поставена како модел на одржливо управување со културното наследство во Македонија.

Нашата установа беше, и е носител на голем број научно-истражувачки и конзерваторски проекти, организатор на голем број изложби и културни манифестации и расадник на стручни кадри кои учествуваат во реализација на најразлични проекти во Република Македонија, поранешна Југославија, но и во европските земји, особено оние кои ја развиваа словенската археологија.

Повеќевековната историска традиција на Прилеп овозможува во нашата институција развој и афирмација на

повеќе научни дисциплини, меѓу кои археологијата, историјата, историјата на уметноста и етнологијата, додека подоцна се интегрира и архитектонската наука. Во рамките на овие дисциплини се формираат богати и разновидни музејски збирки со голем број значајни експонати. Дел од нив се експонирани во постојаните изложбени поставки на музејот, додека во текот на повеќе од седум децении работа реализирани се и бројни повремени тематски изложби, кои дополнително ја збогатуваат културната понуда и научната продукција на институцијата.

Библиотечната дејност во Народниот Музеј - Прилеп започнува од 01.04.1958 година со вработување на првиот библиотекар. Библиотеката по пат на размена, претплата и подарок до јули 1980 година создава библиотечен фонд од над 16 илјади публикации и од околу 7 илјади публикации за меѓубиблиотечна размена. Но во јули 1980 година, целокупниот библиотечен фонд на библиотеката и библиотекарот од Народниот Музеј - Прилеп преминуваат во новоформираниот Институт за истражување на старословенската култура. Во тој период во Народниот Музеј - Прилеп доаѓа до прекин на библиотечната дејност. Од јануари 1981 година со враќање на библиотекарот во Народниот Музеј - Прилеп, библиотеката продолжува со работа, но од почеток го создава библиотечниот фонд бидејќи целокупниот библиотечен фонд останува во Институтот за истражување на старословенската култура. Библиотеката е од затворен тип и е ограничена за одредена корисничка група, зависно од целната група корисници. Библиотечниот фонд се состои од монографски и периодични изданија на домашна и странска литература, општи информативни публикации - енциклопедии, лексикони, речници, библиографии, прирачници, водичи, каталози и сл. Нашата стручна литература ја користат и студенти, студенти на постдипломски студии, се користи и за подготовка на докторати и од други физички и правни лица со кои соработува установата. *Специјализираната библиотека* денес располага со библиотечен фонд од околу 6 000 публикации.

Во текот на 70 години развој на институцијата се развива *Секторот на заеднички служби*, архива, книговодство и возен парк, кои во голема мера го олеснуваат работењето на стручните лица.

Во рамките на Народниот музеј во 1957 година е основана првата *Сликарска колонија* во Македонија, во 1963 година е основан *Скулптурскиот симпозиум „Мермер“* и подоцна во 1974 година *Интернационалното студио за пластика во дрво*.

Како резултат на сè поинтензивните истражувачки работи во областа на археологијата, во 1961 година во рамките на Народниот музеј е поместена *Постојана археолошка изложбена поставка*, која во текот на изминатиот период се надополнува со новоткриен материјал. По повод 50 години од формирањето на музејот истата се постави во ентериерно современ преуреден и поширок простор.

Во 1973 година на предлог од тутунската индустрија на Југославија и со Одлука на претпријатието „Југотутун“ од Скопје се формира ***Музеј за тутун***, односно Народниот Музеј отпочнува со собирање на предмети за уживање и обработка на тутун, документација, ликовни и скулпторски дела од предметната област. На развојот на Музејот за тутун интензивно се работело сè до 1979 година, кога активностите биле ставени во мирување. Конечно, како резултат на големото залагање на Институтот за тутун и Заводот и Музеј – Прилеп, во 1994 година во реновирани простории во институтот е поставена *Постојаната изложбената поставка* на Музејот за тутун. Денес, изложени се над 2224 експонати, поголемиот број од нив луксузни и раритетни, што ја прават оваа поставка единствена од овој вид не само во Република Македонија, но и пошироко.

Со одлука на Собранието на СИЗ за култура на општина Прилеп од 08.10.1979 година во состав на Народниот музеј - Прилеп влегува и ***Меморијалниот музеј „Кузман Јосифоски-Питу”***, со *Постојана изложбена поставка* посветена на ликот и делото на народниот херој.

Од 1 јули 1981 година, Народниот музеј – Прилеп прераснува во Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј. Покрај класичната музејска дејност, новоформираната институција го проширува својот мандат со развој на активности за заштита и конзервација на спомениците на културата кои во Прилеп и Прилепскиот Регион се застапени во голем број. Овие споменици опфаќаат археолошки локалитети, средновековни цркви и манастири, објекти од преродбенската и исламската архитектура, како и споменици од периодот на Народноослободителната борба.

Во периодот што следи, реализирани се значајни проекти во областа на заштитната дејност, вклучувајќи конзервација и реставрација на голем број споменици на културата, како и на богатото фреско-живописно наследство во повеќе цркви од Прилепскиот Регион. Истовремено, музејската дејност продолжува со континуирани археолошки истражувања на

бројни локалитети и организирање изложби преку кои се презентира движното културно наследство.

Во рамките на својата научна дејност, Заводот и Музејот издава значаен број публикации, а неговите стручни кадри активно учествуваат со трудови во домашни и меѓународни списанија, зборници и други научни изданија на сродни институции. Со овие активности, Заводот и Музејот – Прилеп се утврдува како водечка и високо ценета установа не само во Република Македонија, туку и во поширокиот регион.

Од 10.07.2002 година во реновираното т.н. „Бабанеделино училиште" е сместена ***Галеријата на икони***, со што Заводот и Музеј - Прилеп го зголеми бројот на своите постојани музејски поставки. Оваа галерија, како со уреденият енетриер, така и со вредноста на изложените експонати е една од најрепрезентативните во Република Македонија. Во неа се изложени 66 извонредни икони од црквите и манастирите од поширокиот Прилепски Регион, како и друг музејски материјал поврзан со христијанската религија.

На 22.12.2003 година Владата на Република Македонија донесе Одлука за утврдување на мрежата на национални установи од областа на културата со која Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј − Прилеп прераснува во ***Национална установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп***.

Развојниот пат на ***Национална установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Прилеп***, го унапреди својот капацитет и програмски профил преку проширување и збогатување на своите збирки и изложбени простории.

Во овој период, музејот го формираше и разви етнолошкиот фонд, со собирање и чување на значајни предмети од традиционалната материјална и нематеријална култура на Прилепскиот Регион. Оваа етнолошка збирка претставува важен сегмент во музејската дејност, бидејќи го отсликува секојдневието, обичаите и традициите на локалното население.

Дополнително, формирана е и збирка на графички листови која денес брои 53 графики од различни автори и периоди. Оваа збирка значајно го збогатува визуелниот фонд на музејот и е дел од неговите изложбени поставки.

Во рамките на програмата за културно-музичка промоција, музејот ја постави изложбата на роднокрајно музичко творештво, која преку експонати и документација ја афирмира богата музичка традиција и творештво од регионот.

Важен дел од институцијата претставува и Лапидариумот - отворен простор за изложба на камени споменици и надгробни плочи, кои се значаен сведок на историското и уметничкото наследство на Прилеп и околината.

Од особено значење е и Спомен домот на Блаже Конески, национален поет и лингвист, кој е составен дел од музејскиот комплекс и ја почитува неговата голема улога во македонската култура и национална историја.

Паралелно со збогатувањето на фондот, музејот инвестираше во модернизација на изложбените простории и воведување на современи музеолошки практики, со цел подобро да ги презентира своите збирки и да ја збогати едукацијата на посетителите. Научно-истражувачката и конзерваторската дејност продолжи со интензивирање на археолошките истражувања, реставрација на културните споменици и учество во национални и меѓународни проекти, со што институцијата го зацврсти својот статус како водечка установа за заштита и промоција на културното наследство.

Во овој развоен период, НУ Завод и Музеј – Прилеп се позиционира како современа институција со широка мисија, вклучувајќи истражување, заштита, презентација и едукација, која активно придонесува за зачувување и афирмација на културното богатство на регионот и државата.



Зграда на НУ Завод и Музеј - Прилеп, денес

„Она што го чуваме денес, ќе зборува утре.
Нашето наследство е писмо до идните генерации.“

МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

АРХЕОЛОГИЈА

Археолошки истражувања – Предисторија

На крајот на 19-от и во почетните декади на 20-от век, во Прилепскиот Регион, инцидентна појава претставуваат првите скромни, аматерски ископувања од страна на месните учители во областа Мариово. Од записи за тоа време дознаваме дека во 1897/98 година учителот А. Петров извршил ископувања во месноста Сатока која се наоѓа помеѓу селата Бешиште и Градешница. Во 1917 година учителот С. Стефанов ископувал во м.в. Грамади - Св. Петка кај селото Витолиште, при што биле пронајдени камени орудија и фрагменти од керамички садови, мермерни скулптури и релјефи и остатоци од цркви и фрескоживописи. Овие ископувања покажале дека истражуваниот простор егзистирал како населба, во континуитет, подолг временски период. Според информации добиени од селаните на селото Вепрчани, во периодот од 1925 до 1927 година, селскиот учител Васил Ѓурановиќ извршил копање на локалитетот Градиште, при што отворил пет гробови од типот на циста, кои се распоредени полукружно и се градени од поголеми монолитни камени плочи.

Првите посериозни археолошки истражувања, пред сè во вид на површински рекогносцирања и во помал обем како теренски ископувања, се вршени од тогашни еминентни имиња, активни на поширокиот балкански простор. Така во 1925 година, М. Кокиќ презел помали археолошки ископувања во кругот на денешната болница, а некогашна Учителска школа во Прилеп. Следната година на истото место ископувал и Ч. Трухелка и притоа откриени се и истражени четири гробови – цисти оградени и покриени, а еден и поплочен со камени плочи. Во 1956 година Народниот музеј од Прилеп презел нови археолошки истражувања на истата локација, но за жал не се откриени нови гробови. Меѓу двете светски војни, на оваа територија (северниот дел од Пелагонија), поточно во 1932/33 година, како и во цела Македонија извршено е едно рекогносцирање од страна на Харвардскиот универзитет на чело со Владимир Фјукс. Од таа акција на прилепскиот терен од праисториските наоѓалишта се спомнуваат, локалитетот Бакарно Гумно кај село Чепигово како неолитска населба, како и локалитетот Тумба кај село Боротино, кој истовремено го

спомнува и Н. Вулиќ во неговата Археолошка карта. И двајцата овој локалитет го сметаат за мала могила од бронзено време.

По Втората светска војна истакнати истражувачи од нашата земја биле, но и денес се вклучени во осознавањето на цивилизацискиот развој низ подалечните епохи во прилепскиот дел од Пелагонија и Мариово. Ова, особено е нагласено по формирањето на Народниот музеј во Прилеп, во 1955 година. Во истражувањата на локалитети од предисторијата, значаен придонес даваат археолозите од установата Благоја Китаноски и Александар Миткоски.

Покрај бројните активности на делување на стручните лица од оваа институција, во изминатите 70 години, во однос на теренски археолошки истражувања, површински рекогносцирања, публикување на стручни трудови, особено е значајна и соработката со бројни еминентни стручни лица и институции од земјава и странство, која е особено нагласена во последниве години. Ваквата соработка резултираше со повеќе реализирани проекти, како и одреден број на стручни трудови од одредени области, публикувани во домашни и странски списанија. Истовремено, покрај стандарните методи карактеристични за истражувањата на археолошките локалитети во Македонија, сега се пристапува и кон мултидисциплинарни истражувања што даваат исклучително битни резултати за темелно разбирање на истите.

Археолошки истражувања – Антички период

Најголем број од евидентираните археолошки наоѓалишта во Прилепскиот Регион, се датираат во античката епоха. Овој период ги вклучува фазите на раната антика, времето на владеење на македонските кралеви и неколкувековното опстојување на моќната Римска империја на овие простори.

Први истражувања реализира српскиот научник Никола Вулиќ помеѓу двете светски војни, кој евидентира поголем број од наоѓалиштата, но прибира и податоци за наоди од мермер во поширокиот регион − скулптури, архитектонски елементи и епиграфски споменици. По формирањето на Народниот музеј − Прилеп, започнати се истражувања на неколку локации. Секако едно од најзначајните претставува истражувањето кај селото Чепигово во 1959 година од страна на Д. Вучковиќ Тодоровиќ, со кое се убицира античкиот урбан центар на областа Дериоп, Стибера. Во 60-те години од минатото столетие сегменти од античките наоѓалишта истражуваат Бошко Бабиќ и Благоја

Китаноски, додека од 70-те години со истражувањата раководи Костадин Кепески. Со истражувањата се определени локациите на неколку антички населби: Керамија (Варош – Прилеп), Писаион (село Дебреште), Достонеи (село Пештани – Мариово) и Колобаиса (манастир Трескавец и атарите на селата Дупјачани и Горно Село).

Особено е важно отпочнувањето на неколкудецениските систематски истражувања на Стибера, коишто ги продолжуваат Лилјана Кепеска и Душко Темелкоски и дадоа богатство од наоди - јавни градби од римскиот империјален период и мноштво репрезентативен движен материјал, особено скулптури на божества и видни граѓани изработени од мермер.

Во последната деценија поинтензивно се истражуваат неколку локалитети кои понудија мошне вредни сознанија, како што се локалитетот Долиште кај селото Прилепец и Мал Сурун кај селото Дупјачани. На неколку локации во северниот дел од Прилепското Поле, се доистражуваат евидентираните над 20 гробници издлабени во карпа од времето на последните македонски антички кралеви. Овој тип гробници во кои биле погребувани граѓани од повисокиот сталеж во предримскиот период во II век пред н.е., се во најголем број откриени токму во Прилепскиот Регион. Секако мошне значајни се и повеќегодишните археолошки истражувања во соработка со скопскиот Филозофски факултет на повеќе наоѓалишта од комплексот на локалитети Старо Бонче кај селото Бонче и единствената кај нас, репрезентативна гробница на локалитетот Павла Чука во близина на соседното село Подмол, во којашто бил погребан еден од пелагониските кнезови. Мошне е веројатно наоѓалиштата од овој комплекс да биле сегменти од сè уште неубицираниот град Пелагонија.

Резултатите од истражувањата на античките наоѓалишта во регионот се публикувани во бројни стручни и научни публикации во земјата и странство, како и презентирани на изложби во соработка со други установи.

Археолошки истражувања – Среден век

Истражувањата на средновековните археолошки локалитети во Прилепскиот крај започнуваат кон крајот на 1950-тите години, под раководство на археологот Бошко Бабиќ. Првите ископувања биле насочени кон просторот на средновековната урбана целина Варош, каде се евидентирани повеќе цркви, гробишта и делови од некогашно населено место.

Активностите на Бабиќ, кои продолжуваат интензивно и во текот на 1960-тите и 1970-тите години, воспоставуваат темел за понатамошно систематско истражување на материјалната култура на средновековниот човек на ова подрачје. Се истражуваат византиските цркви Св. Атанас, Св. Јован, Св. Никола и Св. Харалампиј во населбата Варош, како и мошне значајната средновековна тврдина на Марковите Кули. Овие истражувања резултирале со бројни публикации и стручни прилози, објавени во археолошки прегледи и научни списанија, а нивниот придонес останува суштински за разбирањето на словенското населување, црковната архитектура и погребните обичаи во Прилеп и околината во периодот од VI до XIV век.

Во текот на 1980-тите и 1990-тите години, особено активни во теренските истражувања беа археолозите Костадин и Лилјана Кепески, кои ги проширија истражувањата и во поширокиот регион, односно во областа Мариово (локалитети Задна Река - Грмајте, Трпчева Црква, Царичина Нива). Дел од резултатите се објавени во стручни зборници и списанија, а денес претставуваат основа за понатамошни научни истражувања.

Преглед на археолошки истражувања

1957 година

Бостаниште, с. Алинци - антички период
(раководител Б. Бабиќ)

1958 година

Чука, с. Тополчани - предисториски период
(раководител Б. Бабиќ)
Крклари, Прилеп - антички период
(раководител Б. Алексова)
Испраена Плоча, с. Горно Село - антички период
(раководител Б. Алексова)

1959 година

Бакарно Гумно, с. Чепигово - предисториски период
(раководител Б. Китаноски)
Попадин Дол, Варош, Прилеп - предисториски период
(раководител Б. Китаноски)
Гумење - Манастир Трескавец, с. Дабница - антички период
(раководител Б. Бабиќ)

Испраена Плоча, с. Горно Село - антички период (раководител Б. Китаноски)
Св. Атанас, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Алексова)

1960 година
Локалитет на ул. „Мире Цилкоски“, бр. 7, Варош, Прилеп - предисториски период (раководител Б. Китаноски)
Марков Чардак, с. Бело Поле - антички период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Атанас, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Никола, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Јован, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Харалампије, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1961 година
Бакалица, Прилеп - антички период (раководител Б. Бабиќ)
Ташачица, Прилеп - антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Атанас, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1962 година
Ракида, с. Тројаци - предисториски период (раководители Б. Бабиќ и Б. Китаноски)
Крклари, Прилеп - антички период (раководител Б. Бабиќ)

1964 година
Градиште, с. Дебреште - предисториски, антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Атанас, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1965 година
Пештерица, с. Присад - антички период (раководител Б. Бабиќ)
Ташачица, Прилеп - антички период и средновековен (раководител Б. Бабиќ)

Маркови Кули, Варош, Прилеп - антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Атанас, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Димитрија, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Архангел Михаил, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Гробишта, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1966 година
Светец (Дуќан), Варош, Прилеп - предисториски период (раководители Б. Бабиќ и Б. Китаноски)
Долиште, с. Прилепец - антички период (раководител Б. Бабиќ)

1967 година
Маркови Кули, Варош, Прилеп - антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1968 година
Локалитет во Куќа на Мантеви, Варош, Прилеп - предисториски период (раководител К. Кепески)
Маркови Кули, Варош, Прилеп - антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Под Кули, Варош, Прилеп - антички период (раководител К. Кепески)
Св. Димитрија, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1969 година
Али Чаир, Прилеп - предисториски период (раководител Б. Китаноски)
Локалитет во Куќа на Ѓошеви, Варош, Прилеп - предисториски период (раководител К. Кепески)
Калдрма - Заград, Варош, Прилеп - антички период (раководител Б. Китаноски)
Под Кули, Варош, Прилеп - антички период (раководител К. Кепески)
Маркови Кули, Варош, Прилеп - антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

Св.Димитрија, Варош, Прилеп - средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1970 година

Али Чаир, Прилеп - предисториски период (раководител Б. Китаноски)
Сивец, с. Присад - предисториски период (раководител Б. Китаноски)
Могила, с. Сенокос - предисториски период (раководител Б. Китаноски)
Градиште, с. Дебреште - предисториски, антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Св. Никола, с. Манастир - средновековен период (раководител Б. Китаноски)

1972 година

Градиште, с. Дебреште - предисториски, антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1974 година

Градиште, с. Дебреште - предисториски, антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)
Под Кули, Варош, Прилеп - антички период (раководител К. Кепески)

1975 година

Чука, с. Тополчани - предисториски период (раководители Б. Китаноски, Д. Симоска и Ј. Тодоровиќ)

1976 година

Пештерица, с. Присад - предисториски период (раководители Б. Китаноски, Д. Симоска и Ј. Тодоровиќ)

Радин Дол, с. Ореовец - предисториски период (раководители Б. Китаноски, Д. Симоска и Ј. Тодоровиќ)
Градиште, с. Дебреште - предисториски, антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1979 година

Крушеанска Чука, с. Крушеани - предисториски период (раководители Б. Китаноски, Д. Симоска и Ј. Тодоровиќ)
Врбјанска Чука, с. Славеј - предисториски период (раководители Б. Китаноски, Д. Симоска и Ј. Тодоровиќ)

1980 година

Маркови Кули, Варош, Прилеп - антички и средновековен период (раководител Б. Бабиќ)

1981 година

Врбјанска Чука, с. Славеј - предисториски период (раководители Б. Китаноски, Д. Симоска и Ј. Тодоровиќ)
Царичина Нива, с. Вотолиште - предисториски и антички период (раководител Л. Кепеска)

1982 година

Врбјанска Чука, с. Славеј - предисториски период (раководители Б. Китаноски, Д. Симоска и Ј. Тодоровиќ)
Проект Археолошка карта на СР Македонија - Археолошки рекогносцирања на подрачјето на општина Витолиште, Мариово
(раководители Б. Китаноски, К. Кепески и Л. Кепеска)

1983-1988 година

Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител К. Кепески)

1983-1990 година

Задна Река - Грмајте, с. Витолиште - антички и средновековен период (раководители К. Кепески и Л. Кепеска)

1984 година

Колкот, с. Подмол - антички период
(раководител Б. Китаноски)

1987 година

Врбјанска Чука, с. Славеј - предисториски период (раководители Б. Китаноски, Д. Симоска и Ј. Тодоровиќ)

1988 година

Врбјанска Чука, с. Славеј - предисториски период (раководител Б. Китаноски)

1989 година

Врбјанска Чука, с. Славеј - предисториски период (раководител Б. Китаноски)

1990 година
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител К. Кепески)

1991, 1993, 1997-2002 година
Трпчева Црква, с. Дуње - средновековен период
(раководител Л. Кепеска)

1992 година
Сурун - Испраена Плоча, с. Горно Село - антички период
(раководител А. Миткоски)

1994 година
Барата, с. Чаниште - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител К. Кепески)

1998 година
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител К. Кепески)

1999 година
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител К. Кепески)

2001 година
Трештена Стена, с. Манастир - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Археолошки рекогносцирања на подрачјето на општина Витолиште, Мариово - праисториски населби и некрополи
(раководител А. Миткоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител К. Кепески)

2002 година
Три Дабици, с. Крушевица - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Кутлине, с. Ракле - предисториски период
(раководител Д. Темелкоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Л. Кепеска)

2003 година
Трештена Стена, с. Манастир - предисториски период (раководител А. Миткоски)
Големи Камен, с. Лопатица - предисториски период (раководител Д. Темелкоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период (раководител Л. Кепеска)

2004 година
Ридот, с. Мажучиште - предисториски и антички период (раководител А. Миткоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период (раководител Л. Кепеска)

2005 година
Трештена Стена, с. Манастир - предисториски период (раководител А. Миткоски)
Баба, Прилеп - предисториски, антички и средновековен период (раководител А. Миткоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период (раководител Л. Кепеска)

2006 година
Стибера, с. Чепигово - антички период (раководител Л. Кепеска)

2008 година
Трештена Стена, с. Манастир - предисториски период (раководител А. Миткоски)
Баба, Прилеп - предисториски, антички и средновековен период (раководител Д. Темелкоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период (раководител Л. Кепеска)

2008-2010, 2019-2021, 2022 и 2024 година
Павла Чука, с. Подмол - антички период (кораководител Д. Темелкоски)

2009 година
Трештена Стена, с. Манастир - предисториски период (раководител А. Миткоски)
Баба, Прилеп - предисториски, антички и средновековен период (раководител Д. Темелкоски)

Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Л. Кепеска)

2010 година
Сламите, с. Вепрчани - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Баба, Прилеп – предисториски, антички и средновековен период (раководител Д. Темелкоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Л. Кепеска)
Рекогносцирање на просторот опфатен со зоната на изградба на хидроцентралата „Чебрен", Мариово
(раководители А. Миткоски, Д. Темелкоски и И. Ристески)

2011 година
Баба, Прилеп - предисториски, антички и средновековен период (раководител Д. Темелкоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Л. Кепеска)
Сурун - Тумба, с. Горно Село - антички период
(раководител А. Миткоски)

2011-2012 и 2015-2017 година
Старо Бонче, с. Бонче - антички период
(кораководител Д. Темелкоски)

2012 година
Сламите, с. Вепрчани - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Сурун - Испраена Плоча, с. Горно Село - антички период
(раководител Д. Темелкоски)

2013 година
Трештена Стена, с. Манастир - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Л. Кепеска)
Сурун - Тумба, с. Горно Село - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Алоица, с. Боротино - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Касарна, Прилеп - антички период
(раководител Д. Темелкоски)

2014 година

Трештена Стена, с. Манастир - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Д. Темелкоски)

2015 година

Таламбасица, с. Крушевица - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Рид, с. Бучин - антички период (раководител Д. Темелкоски)

2016 година

Попов Нос, с. Чаниште - предисториски период
(раководител А. Миткоски)
Мал Сурун, с. Дупјачани - предисториски и антички
(раководител Д. Темелкоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Долиште, с. Прилепец - антички период
(раководител Д. Темелкоски)

2017 година

Мал Сурун, с. Дупјачани - предисториски и антички
(раководител Д. Темелкоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Долиште, с. Прилепец - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Манастир, с. Подмол - антички период
(кораководител Д. Темелкоски)

2018 година

Георекогносцирање на просторот на општините Прилеп, Долнени, Кривогаштани и Крушево
(раководители А. Миткоски и Д. Темелкоски)
Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Д. Темелкоски)

2021 година

Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Д. Темелкоски)

Марков Чардак, с. Бело Поле - антички период
(раководител Д. Темелкоски)

2022 година

Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Долиште, с. Прилепец - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Разбојна Дупка, с. Алданци и Мечкина Дупка, Варош, Прилеп - антички период (раководител А. Миткоски)
Селиште, с. Беловодица - средновековен период
(раководител Д. Темелкоски)

2023 година

Стибера, с. Чепигово - геоскенирање
(раководител Д. Темелкоски)
Манастирче, с. Кадино Село - антички и средновековен период (раководител Д. Темелкоски)
Крклари, Прилеп - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Манастир Трескавец, с. Дабница - антички и средновековен период (раководител Д. Темелкоски)

2024 година

Стибера, с. Чепигово - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Манастир Трескавец, с. Дабница - антички и средновековен период (раководител Д. Темелкоски)
Долно Садово, Прилеп - антички и средновековен период
(раководител Д. Темелкоски)

2025 година

Долиште, с. Прилепец - антички период
(раководител Д. Темелкоски)
Лозја, с. Заполжани - антички и средновековен период
(раководител Д. Темелкоски)
Слатина, с. Долнени, Сурун и Лозја, с. Донени - антички и средновековен период (раководител Д. Темелкоски)

Ацо Миткоски, *кустос советник*

Душко Темелкоски, *кустос советник*


Најраниот период на човековиот развиток претставува каменото време. Според основната поделба тоа се дели на: старо (палеолит), средно (мезолит) и младо камено време (неолит). Старото камено време, палеолит или „ледено време“ е хронолошки најдолг и најстар период од праисторијата. Се одбележува со присуство на мали човечки заедници чие опстојување е поврзано со ловечко-собирачкиот начин на живеење. Големата подвижност на овие заедници била, пред сè, предизвикана од начинот на исхрана, од животинските и растителните видови кои се наоѓале на одредена територија. Палеолитските заедници зад себе оставиле траги на местата каде што престојувале – пештерите, под карпите и под отворено небо. Остатоци од овој праисториски период во прилепскиот крај не се откриени иако постоеле сите услови за живот на човекот и во тој период. Идентичен е случајот и со наредната преодна епоха ***мезолитот***, како и најраниот ***преткерамички неолит.***

Неолитот - младо камено време е најмлад период на каменото доба кој траел од почетокот на VI милениум до крајот на V милениум пред н.е. Во тоа време се востановува седелачкиот начин на живеење, односно се формираат првите постојани населби покрај поголеми водени токови, плодни пасишта и шумски појаси, а земјоделството и сточарството стануваат доминантни стопански дејности. Најстарите траги од животот на човекот во Пелагонија потекнуваат токму од овој праисториски период. Поволните природни услови што ги нуди котлината овозможиле ран развој на првите земјоделски заедници.

Во овој временски период се развила регионална културна група ***Велушина - Породин,*** таканаречена по двете истоимени населби во битолскиот дел на Пелагонија. Таа е синоним на раниот и средниот неолит. Карактеристично за населбите од оваа група е што биле подигани на вештачки возвишенија „тумби“, додека куќите биле надземни и градени во вообичаената праисториска техника на градење од дрвена граѓа и лепеж.

Во прилепскиот дел на Пелагонија, евидентирани се неколку населби кои егзистирале во раната фаза на неолитот. Една од нив е локалитетот ***Врбјанска Чука*** кај село Славеј, кој е еден од најдобро истражените на просторот на Република Македонија, особено со новите истражувања од 2016 година

кои се во тек. Со нив се добија многу значајни податоци за стратиграфијата, архитектурата и стопанскиот живот во неолитот, доцната антика и средниот век. Тоа го овозможи мултидисциплинарниот пристап во истражувањата, преку коишто освен со елементарните методи и студии на наодите, се проучува и преку археоботаниката, археозоологијата, геомагнетното скенирање, дигитална топографија, геоархеологијата, фотограметријата и 3Д моделирање на артефактите и теренот, дронската ортографија, изотопските, радиокарбон и „usewear“ анализите, како и оние на липидите.




Од движните наоди најзастапена е садовата керамика во повеќе форми и варијанти како и предмети поврзани со духовниот живот, култот и религијата на заедниците кои ги населувале овие простори.




Сите овие предмети зборуваат за високоразвиен духовен живот на носителите на неолитската културна група Велушина - Породин.



Потврда за тоа е и уникатниот култен објект – жртвеник, пронајден во Градбата 1 на локалитетот ***Врбјанска Чука***. Тој според начинот на градење и димензиите претставува единствен од овој вид на просторот на Република Македонија, но и пошироко на Балканот. Објектот претставува сложена конструкција составена од поголем четириаголен простор со влез од југоисток, заоблени задни агли и во низа поставени четири помали правоаголни реципиенти, ориентирани во правец на југозапад.




За разлика од населбата на локалитетот Врбјанска Чука, населбата на локалитетот ***Пештерица*** која се наоѓа во близина на вештачкото Прилепско Езеро, припаѓа на типот рамничарски населби и била сместена на вливот на една помала рекичка во Оревоечка Река. На истиот евидентирана е еднослојна населба со траги од полувкопани земјанки и еднолична груба керамика украсена со барботин и импресо техника.



Доцниот неолит - движните археолошки наоди од повеќе наши локалитети се вклучуваат во внатрешнобалканскиот доцнонеолитски ***Винчански културен комплекс,*** за кого се карактеристични садовите со сјајно полирана црна површина украсена со канелирана орнаментика и дршки во форма на рог. За разлика од нив, постарата фаза од населбата ***Могила*** кај село Сенокос припаѓала на културите од таканаречената ***Преодна зона,*** во која се преплетени влијанијата од ***Винчанскиот*** од една и ***Јадранско медитеранскиот културен круг*** од друга страна. Во Пелагонија, со припадност на оваа зона е детерминирана културната група ***Могила - Трн - Али Чаир.***

Садовата керамика од времето на доцниот неолит од просторот на Пелагонија и Мариово претежно е со лоша фактура, а многу ретко се среќаваат и керамички фрагменти со убава фактура и сјајно мазнети површини. Покрај керамиката пронајдени се и голем број предмети поврзани со духовниот живот, култот и религијата на заедниците кои го населувале просторот на прилепскиот дел на Пелагонија и Мариово.




Енеолит **(халколит), односно бакарното време** е преоден период од неолитот во бронзеното време и е послабо истражена праисториска епоха. Археолошките истражувања во Пелагонија ја издвоија регионалната средноенеолитска културна група ***Шуплевец - Бакарно Гумно,*** таканаречена по двете истоимени населби и се сместува во рамките на поширокиот југоисточен балкански културен комплекс Бубањ - Хум - Салкуца - Криводол. Во овој временски период населбите биле подигани на природни пониски или повисоки возвишенија, погодни за одбрана или пак лежеле врз постари напуштени неолитски населби - тумби. Објектите за живеење биле надземни, градени од дрвена граѓа и лепеж или од камен, при што биле користени и природните карпи.

Од движните наоди преовладуваат фрагментите од керамички садови украсени со разни техники на украсување од кои покарактеристичен е орнаментот на „лажен шнур“ кој е особено карактеристичен за енеолитските населби во Пелагонија. Само во најстариот хоризонт на живеење на локалитетот Бакарно Гумно констатирано е присуство на керамички садови со интензивен црн сјај и притоа одреден број од нив украсени се со графитно сликање што е карактеристично за раниот енеолит.



Богатството на движен материјал откриен при повеќегодишните систематски археолошки истражувања на локалитетот Трештена Стена кај село Манастир, Мариово, даде можност да се дефинира истоимена ***регионална доцноенеолитска културна група - Трештена Стена.*** Во овој временски период има неколку типови на населби: населби кои се поставени или лежеле врз постари напуштени неолитски населби - тумби, лесно пристапни, рамничарски населби како и населби подигани на природни возвишенија или се сместени на повисоки и потешко пристапни места, со извонредна доминантна положба над поширокаата околина кои се забележуваат од поголема далечина и се погодни за одбрана. На локалитетот Маркови Кули – Прилеп евидентирано е живеалиште Подкарпа кое е единствено до сега на просторите на Пелагонија, па и пошироко во Македонија. Во движниот археолошки материјал присутни се карактеристичните облици на керамички садови.

Евидентирани се и голем број на движни наоди поврзани со духовниот живот на населението. Секако, вреден наод кој овде треба да се спомне е ***лиената бакарна секира*** со едно сечиво и отвор за држалка од непознато наоѓалиште, која според предложената класификација припаѓа на типот III/3, а хронолошки се сместува во доцниот енеолит.




Бронзено време - почетокот на бронзеното време на територијата на Македонија може да се поврзе со стабилизацијата на индоевропските групи по нивното продирање и доселување, како и мешањето со автохтоното население. Во текот на ***раното бронзено време*** на просторот на Пелагонија се издвојува регионалната културна група ***Арменохори (Пелагониска) група,*** која истовремено претставува и продолжување на енеолитскиот развиток, но во сосема нови културно-историски услови.



Средно бронзено време - овој временски период на територијата на Република Македонија го покрива времето од XIX до XVIII век пр.н.е., до воспоставување на новите доцнобронзенодопски културни вредности кон почетокот на XIV век пр.н.е. Тоа се смета за недоволно стабилно време пред сè поради фактот произлезен од низа климатолошки истражувања, кој зборува дека на самиот почеток на овој период настапила последната голема еколошка криза.

Доцно бронзено време **-** во овој временски период заедниците во Пелагонија и Мариово воглавно продолжиле и понатаму да ги негуваат традиционалните локални вредности од претходните фази на бронзеното време. Населбите од овој временски период се мали по површина, од градински тип, организирани на доминантни возвишенија, со истакната геостратегиска позиција, вообичаено заштитени со бедем од сувосид.


Што се однесува до куќите за живеење во доцното бронзено време, тоа биле широки објекти, сидани од непечена тула врз темелна основа од кршени камења. Скромни остатоци од објект за живеење на нашите простори е откриен на локалитетот ***Ридот*** кај село Мажучиште.



Со мошне специфични архитектонски појави се издвојува локалитетот ***Мал Сурун (Орлов Камен)*** кај селото Дупјачани. Сместен е на потешко достапно, доминантно карпесто возвишение. На поголем број карпи се забележуваат интервенции направени со вдлабувања и делкања. Според првичните анализи, со оглед на тоа што не се констатирани праисториски населбински слоеви, а се откриени неколку специфични појави кои наведуваат на култна намена, постои голема веројатност просторот во праисторијата пред сè да бил сакрално користен.

Во пошироките рамки на бронзеното време може да се смести и Тумулот III на локалитетот ***Три Дабици*** кај село Крушевица, Мариово кој е со кружна форма и имал калота од нафрлен аморфен камен и од сите страни бил опкружен со ограден сид. Во западниот дел од тумулот се наоѓа влез и од него кон неговата внатрешност продолжува тесна патека која ја

опкружува централната камена конструкција која е со кружна форма и во која не беа констатирани никакви траги од извршени погребувања или какви било други дејствија. Ваквиот тип на тумули се сметаат за кенотафи или почесни ритуални тумули, подигнати во чест на починатите родовски првенци или пак култни објекти со посебна намена.




Времето од крајот на XII – X пред н.е. се определува како ***преоден период*** од бронзеното во железното време. Во овој временски период Република Македонија, како и целиот Балкански Полуостров, ја зафаќа бран на немири, поместувања на племињата и уривања, историски процес кој траел неколку векови. Во ова време се јавува употреба на два основни ритуали на погребување, инхумирање и спалување во рамни некрополи или под тумули.

Некрополи со инхумација - со археолошки истражувања евидентирани се три рамни некрополи со инхумирани покојници. Тоа се некрополи со гробови од типот „циста“ - оградени, покриени и во некои случаи поплочени со камени плочи. Покојниците биле положувани во згрчена положба.

Локалитет Болница (Учителска школа), Прилеп - во кругот на денешната болница, а некогашна Учителска школа,

во два наврати откриени се и истражени четири гробови. Од гробните прилози пронајдени се: врв од кратко бронзено копје, бронзен меч од типот *„Erbenhajm“* со додаток на држалката, два керамички садови од типот бокал со една вертикална дршка и бронзена фибула од типот peshiera.

Локалитет Сивец кај село Присад - локалитетот Сивец се наоѓа североисточно од Прилеп во самото подножје на планината Бабуна, на просторот на рудникот за бел мермер. При експлоатација на мермер случајно се откриени 4 гробови распоредени на различно растојание**.** Остатоци од покојници се откриени само во два гроба (гроб 2 и 3), додека движни наоди пронајдени се само во гробот 2 и тоа еден меч од бронза, кој припаѓа на типот „Nenzingen“, без додаток на дршката, прстен од бронза, орнаментирана дршка од коска и украсени делови од кружна коскена плочка.



Под Кули – Куќата на Мантови, Варош, Прилеп - при изградба на неколку индивидуални станбени згради на улица „Нил Армстронг“ во Варош, Прилеп, откриен е дел од некропола, односно 4 гробови. Гробните прилози претставуваат само керамички садови кои се ставани покрај покојникот, но со погребните обичаи се поврзани и наодите од повеќето керамички садови заедно или поединечно откриени во просторот помеѓу гробовите.


Некрополи со кремација - во овој временски период хронолошки може да се смести и гробот со урна со остатоци од кремирана жена, откриен во една пештера - процеп на локалитетот ***Светец (Дуќан)*** во Варош, Прилеп. Кремирањето било извршено надвор од местото на погребот, а керамичкиот сад - урна во која биле ставени кремираните остатоци поставен

е во земја и ограден со неколку помали камења. Ваквиот начин на погребување во природни процепи или пештери се толкува како принесување на човечка жртва на хтонските божества од долниот свет, чии влезови се токму споменатите места, поврзани со култот на плодноста.




Таканаречено ***Керамичко депо, Варош, Прилеп*** **-** при изградба на индивидуална станбена зграда на улица „Борка Лопач“, бр. 3б во Варош, Прилеп, Народниот музеј од Прилеп во 1968 година извршил археолошки истражувања при што се пронајдени три купови со фрагменти од керамички садови кои лежат директно на здравицата, наредени во права линија и на блиско растојание. Иако на оваа локација не се откриени гробни целини, сепак врз основа на застапените керамички форми што одговараат на функцијата (урна, капаци на урни и садови - гробни прилози за погребна храна), се претпоставува дека во случајот се работи за собрани и дислоцирани остатоци од некропола со спалени покојници.

Во овој временски период погребување се вршело и во тумули. На просторот на Мариово истражени се неколку од нив – ***Тумулот на локалитет Страгата –*** тој се наоѓа југоисточно од селото Крушевица и лево од патот Крушевица - Чаниште. Во 2001 година беа извршени археолошки истражувања и притоа откриени 77 гробни конструкции, од кои неколку радијално се распоредени околу еден централен гроб, поставен приближно во средината на тумулот. Сите гробови се од типот на „циста“ и некои од нив за погребување биле користени и во средновековниот период. Од движни наоди пронајдени се бројни фрагменти од керамички садови, а во насипот на тумулот и движни наоди од неолитскиот период.




Од тумулите кои можат да се сместат во овој временски период се и: ***Тумул I на локалитет Попов Нос*** кој се наоѓа северно од селото Чаниште и на кој во 2016 година беа преземени заштитни археолошки истражувања при што се констатирани 6 гробни конструкции од типот на циста и една конструкцијата од камени плочи**.**


Гробни наоди беа пронајдени само во гробот 2 и тоа керамички сад кој се датира во доцното бронзено време. На различна длабочина во насипот на тумулот, покрај гробовите или помеѓу нив, беа откриени повеќе фрагменти од керамички садови. Тие секако биле кршени и расфрлани во времето на погребниот ритуал. Некои од гробовите за погребување биле користени во доцноантичкиот/раносредновековниот период.



Тумул 1* на *локалитет Сламите - се наоѓа западно од селото Вепрчани, има приближно кружна форма и ограден sид изграден од покрупен камен, белутрак. Северно од оградниот sид се наоѓа помал sид кој полукружно се движи околу него. Тоа е единствениот досега откриен тумул кај нас, околу кој се наоѓаат неколку конструкции од камени плочи и една помала градба. Со ископувањата констатирани се 9 гробни конструкции од различни типови, од кои 8 се во рамките на тумулот. Некои од гробовите за погребување биле користени во доцноантичкиот период. Од движни наоди претежно застапена е керамиката како и накитот од бронза - игла со глава на клинец (*nagelkopfnadeln*), фрагменти од дијадема, предмет (вкосница) од бронзена жица, со кружен пресек и рамна глава во форма на широк прстен како и фрагмент од бронзен салталеон.



Тумулот на локалитет Падината - Таламбасица кој се наоѓа југоисточно од селото Крушевица и со археолошките ископувања во 2015 година се констатира дека најстариот негов дел била северната половина, што укажува на фактот дека примарниот тумул всушност бил полутумул. Јужната половина на тумулот е доградена во античкиот период. Во северната половина од тумулот, покрај оградниот sид се наоѓа поголема конструкција изградена од крупни аморфни и делумно обработени камени блокови, наредени во два реда и ориентирана во правец североисток - југозапад. Тоа бил симболички гроб, кој бил посветен на некој хероизиран предок, односно најистакнат поединец на заедницата кој загинал некаде далеку и во негова чест е подигнат истиот, а потоа и тумулот.




За разлика од претходниот, преоден период, ***железното време*** претставува епоха во која се воспоставуваат нови општествени, економски и културни односи. Времето од X до VIII век пр.н.е. се означува како рана фаза на железното време. Населбите сега се мали по површина, од градински тип, организирани на доминантни возвишенија со истакната геостратегиска позиција, вообичаено заштитени со бедеми од сувосид. Во однос на погребувањето, гробовите се организирани на два начина - како рамни некрополи или под тумули.

На ***рамни некрополи*** од оваа фаза припаѓаат гробовите од типот на „циста“ и во нив покојниците се погребувани во испружена положба. Вакви гробови се откриени на локалитетите ***Попадин Дол*** во близина на Прилеп и ***Ракида*** кај село Тројаци. Од гробните прилози во Попадин Дол пронајдени се: две лачни фибули од бронза - „либурнски“ тип, две спирални бронзени белезици, шест белезици од бронза со отворени краеви, еден прстен од бронза со завршетоци во облик на спирално завиткани наспроти поставени дискови, две мониста од килибар и едно од стаклена паста. Во гробот 2 во ***Ракида*** пронајдена е само една оштетена лачна фибула од бронза од

„либурнски“ тип, а иста таква е пронајдена и во еден растурен гроб во ***село Прилепец*** кај Прилеп.

Во раната фаза на железното време може да се смести и Тумулот I на локалитетот ***Барата*** кај село Чаниште, Мариово. Со археолошките ископувања во 1994 година констатирани се 10 гробови, од кои 9 гробни конструкции се од типот на „циста“, а додека централниот гроб бил граден од поголеми камења и врз него била насипана могила од земја. Сите гробови се со инхумација, освен гробот 8 кој е со кремација. Осум од гробовите радијално се распоредени околу еден поголем гроб, означен како гроб 9. Во основа, овде се работи за двоен тумул со двојно централно погребување кој припаѓал на т.н. родовско-клановски тип со најстар централен гроб и повеќе подоцнежни погребувања во гробови од типот „циста“, радијално распоредени околу него.

Гробните дарови ги сочинуваат цели и фрагментирани керамички садови, прстен од бронза и неколку фрагментирани железни ножеви. Низ насипената земја беа откриени бројни фрагменти од керамички садови, најверојатно кршени и расфрлани во времето на погребниот ритуал.



Во текот на ***развиената фаза на железното време***, од VIII до VI век пр.н.е. се воспоставуваат стабилни услови, при што расне јасно изразената свест за етноплеменската припадност на популациите кои ги населувале овие простори. На оваа фаза ѝ припаѓаат единечните гробови од типот на циста со покојници погребани во испружена положба, откриени во ***Варош, Прилеп*** и на локалитетот ***Касарни*** во Прилеп. Од наодите во овие гробови откриени се садови украсени со шрафирани триаголници и наочарести бронзени фибули без осумки меѓу дисковите.

Од непознат локалитет во Прилеп потекнуваат ***две масивни и раскошни бронзени белезици*** со вкрстени краеви, кои завршуваат во вид на печат. Овие белезици во литературата се познати како тип „Прилеп". Истите, како вотивни дарови најверојатно биле поврзани со некое погребување.



Доцноархајскиот период е последна протоисториска развојна етапа**,** која во Македонија е определена со хронолошки рамки од втората половина на VI до длабоко во V век пр.н.е. Значајна новина во погребувањето сега е појавата на новиот ритуал со спалување, а најголем број од погребувањата и понатаму се извршуваат во рамките на старите железновременски некрополи. Таков е и гробот 8 кој е од типот на циста од тумулот I од локалитетот ***Барата*** кај село Чаниште во кој биле положени остатоци од кремирана возрасна личност. Гробот е ориентиран во правец на централниот гроб. Тоа укажува на фактот дека на просторот на Мариово тумуларните обичаи биле мошне долго одржувани, како одраз на конзерватизмот на заедниците кои ги населувале овие простори.

Ацо Миткоски
кустос советник

Рана антика

Прилепскиот Регион е дел од плодната рамница, котлината Пелагонија, која со своите погодни услови овозможила континуиран цивилизациски развој низ епохите. Преминот од предисториските периоди во антиката не е истовремен. Тоа е интервал, некаде на преминот од вториот во првиот милениум пред нашата ера, кога се веќе оформени првите балкански популациски заедници. На овие простори, односно во котлината Пелагонија, вклучително со Демирхисарскиот Регион и басенот на двете езера, Охридското и Преспанското, свој подем имаат Бригите, моќен етникум, кој во мнозинство на почетокот од првиот милениум пред нашата ера мигрира во Анадолија (денешна Турција). Таму Бригите го формираат кралството Фригија, додека нивни потомци, во значително помал број, остануваат да живеат во споменатите области. Постепено во раната антика (7-5 век пр.н.е.) како посебни етникуми се издвојуваат Пелагонците, Дериопите, Линкестите и Десаретите. Но сепак, со оглед на заедничкиот етнички корен, имаат препознатливи, во многу нешта слични особености во материјалната и духовна култура, потврдени со ископувања на повеќе раноантички археолошки наоѓалишта.



Раноантички период - карта

Во Прилепскиот Регион истражувани се неколку локалитети од раноантичкиот период, односно населбински комплекси со некрополни простори: Долиште и Присои кај селото Прилепец, Калдрма во прилепската населба Варош и Старо Бонче со репрезентативната градба на врвот Висока, помеѓу селата Бонче и Подмол. Поконкретни сознанија

понудија истражувањата на некрополите. Во плитки гробови, оградени со масивни исправени плочести камења, биле положувани останките од кремираните покојници, како и гробните прилози, делови од накит, облека и опрема од злато, сребро и бронза, како и фигурини на божества и разни форми на керамички садови.



Раноантички гроб на локалитетот Дупнатица, с. Бонче



Наоди од рана антика, накит и теракота на богинката Кибела

Секако најзначајно раноантичко наоѓалиште претставува монументалната гробница од „македонски“ тип на локалитетот Павла Чука кај селото Подмол. Според начинот на изградба, се датира на крајот од 4 век пр.н.е. Кон внатрешноста на гробницата води надворешен ходник - дромос, всечен во карпестиот терен, кој понатаму продолжува како засведен коридор. Внатрешните градежни елементи се преткомората и комората, изградени од убаво обработени бигорни камења. Затворениот дел од дромосот, преткомората и комората, биле опкружени со перимeтален ѕид со пречник од 32 м. Ваква иста архитектонска концепција е позната и кај репрезентативната гробница од истиот тип во Амфиполис, Грција.



Гробница на локалитетот Павла Чука, с. Подмол

Овој тип гробници е познат како „македонски“ тип, со оглед на тоа што во нив биле погребувани членови од поширокаta македонската кралска куќа, како и високопозиционирани лица, блиски до неа. Сепак, во гробницата на Павла Чука најверојатно бил погребан еден од владетелите на локалното кнежество Пелагонија. Пишани антички извори говорат за крал на Пелагонците со име Менелај, кој во два наврати (во 365 и 362 година пр.н.е.) им помогнал на Атињаните со намирници, во нивната битка против Халкидикските градови, за што бил почестен со посебен статус на заслужен граѓанин на градот Атина. За жал, веројатно уште во подалечно минато е влезено во комората и е ограбена, така што со неевидентирање на гробни прилози во неа, не постојат конкретни сознанија за тоа кој пелагониски владетел бил погребан во гробницата. Но, просторот околу неа добил култен статус на духовно место во римскиот империјален период, како и во раното средновековие, односно во времето од 10 до 12 век. Потврда за ова се повеќето откриени погребувања датирани во овие подоцнежни периоди.



Гробница на локалитетот Павла Чука, с. Подмол - дромос и внатрешност

Македонски период

Моќната империја на Македонците постепено ги припојува соседните области во средината на 4 век пр.н.е. за време на владеењето на кралот Филип II. Меѓу нив се и трите кнежества во котлината Пелагонија, на Линкестите, Пелагонците и на Дериопите. Мајката на кралот, Евридика, била

по потекло токму од Линкестида, па во нејзина чест тој го подигнал градот Хераклеја. Линкестида е всушност позната како најсеверна територија на античките Македонци. Што се однесува пак до Пелагонците и Дериопите, тие најверојатно се вклучуваат во моќната империја на мирен начин, со оглед што не постои ниту еден антички пишан извор за каков било нивен судир со Филип II. Познато е и тоа дека неговиот наследник, големиот војсководец Александар Велики, имал огромна доверба во офицерите во својата војска кои биле со потекло од овие простори. Така офицерот Пеитон од дериопскиот град Алкомена, бил назначен за еден од неговите генерали, додека пак принцот Александар од Линкестида, бил определен за заповедник на Тракија.



Некропола од македонскиот период на локалитетот Кале, с. Подвис




Теракотна претстава на Артемида и воен шлем од локалитетот Градиште, с. Дебреште

Во времето кога владеат македонските кралеви, како позначајни урбани центри во Прилепскиот Регион се развиваат Керамија (Варош, Прилеп), Алкомена (с. Бучин), Пелагонија (с. Бонче или с. Прилепец), Стибера (с. Чепигово), Колобаиса (с. Горно Село и с. Дупјачани), Писаион (с. Дебреште) и Достонеи (с. Пештани). Бројни наоди кои го потврдуваат ова, се пронајдени со археолошки истражувања: градежни остатоци од станбени целини и вредни движни наоди на накит, монети, садова керамика и теракотни претстави на божества.

Во овој период и понатаму погребувањата биле со кремација. Местата на вечното почивалиште биле означувани со надгробни мермерни украсни стели, со прикажани сцени од животот на покојникот и натписи на благодарност - епитафи. Во почетокот на 2 век пр.н.е., побогатите семејства го прифаќаат трендот од исток, подигање на гробници издлабени во карпи. Овој вид гробници, во најголем број (повеќе од 20) на територијата на Северна Македонија се евидентирани токму во Прилепскиот Регион.




Доцномакедонски гробници во карпа, локалитети Тумба, с. Горно Село и Мечкина Дупка, Прилеп



Доцномакедонска гробница во карпа на локалитетот Крклари, Прилеп (основа и пресек)

Едно од највредните откритија потекнува од Старо Бонче, единствен наод во Северна Македонија. Тоа се остатоците од три македонски штитови, кои веројатно припаѓале на висок офицер во гардата на кралот Деметриј I, чие име е испишано на нив. Симболот на македонската кралска куќа – сонцето, на овие штитови е прикажан централно како поголемо сонце со дванаесет зраци и со седум мали сонца со по осум зраци во периферната радијална зона. Кралот Деметриј I (294-288 година пр.н.е.) бил родоначелник на Антигонидската династија, која владее со Македонија по смртта на Александар Велики, сè до потпаѓањето под римска власт.



Македонски штит од локалитетот Старо Бонче, с. Бонче

Римски период

Во Прилепскиот Регион во најголем број се наоѓалиштата од римскиот царски период, со оглед на тоа што населбите од тоа време всушност егзистирале врз оние од претходните периоди. Позначајни локалитети од ова време се Бакалица и Ташачица (Варош, Прилеп), Долиште и Безистен (с. Прилепец), Бостаниште (с. Алинци) и Пештерица (с. Ореовец). Покрај евидентираните населбински целини, откриени се исто така и голем број некрополи, како и воени утврдувања на доминантни позиции. Покрај градби за живеење и стопански објекти, откриени се и храмови кои биле подигани во чест на римските божества.



Остатоци од стопански објект од римскиот период на локалитетот Долиште, с. Прилепец



Остатоци од римска градба со бања на локалитетот Долиште, с. Прилепец

Покрај мноштвото наоди од керамички и бронзени садови, накит, монети, оружје и други предмети за секојдневна употреба, како и статуи на божества и видни граѓани, вредни наоди претставуваат епиграфските мермерни споменици: плочи со официјални (административни) содржини, ари - жртвеници и надгробни плочи - стели.



Бронзени наоди од римскиот период

Градот Стибера кај селото Чепигово бил најголемиот антички град во Прилепскиот Регион (урбан центар на областа Дериоп), особено во времето на Римската империја. Воедно, тој е и најистражено археолошко наоѓалиште. Се спомнува во изворни, пишани антички извори и тоа во врска со настани поврзани со македонско-римските војни. Во 200 година пр.н.е. римскиот конзул Сулпикиј кој војувал против македонскиот крал Филип V, влегол во градот за да набави намирници за своите легии. Последниот крал на античка Македонија, Персеј, во 169 година пр.н.е., токму во Стибера го стационирал неговиот воен штаб. По походот на територијата на соседните илирски племиња - Пенести кои биле сојузници на Римјаните, односно по враќањето од нивниот главен градски центар Ускана (денешно Кичево), во Стибера извршил продажба, како робови, на заробените непријателски војници.



Комплекс на римски градби во долниот дел од секторот Бедем на античкиот град Стибера, с. Чепигово

Градот Стибера го имал својот зенит во 2 и 3 век за време на династиите на Антонините и Северите, кога во Римската империја владеела општа благосостојба, период познат како pax romana. Откриени се остатоци од училиштето - Гимназионот, од храмот посветен на богинката Тихе, заштитничката на градот, како и од храмот посветен на култот кон императорите. Само привилегирани градови во Империјата можеле да одржуваат храмови во кои се славеле императорите, што значи дека Стибера бил град со големо значење и позиција. Истражени се и мал плоштад со чешма, работилница за теракоти и керамички ламби и административната зграда на Агората (главниот градски плоштад, каде се одржувале разни собири на граѓаните, но бил исто така и место каде се одвивала трговијата со разни продукти). Во оваа зграда, покрај уникатната мерна маса за течни продукти кои се продавале во пазарните денови, била поставена и биста на Фаустина помладата, сопруга на императорот Марко Аврелиј, кој владеел во текот на втората половина од 2 век. Оваа биста е импорт, односно е донесена по налог на самиот император, а како синкретичка претстава на неговата сопруга како заштитничка на трговијата.



Храм посветен на императорите во Стибера

Со навлегувањето на варварските племиња од север во средината на 3 век, градот постепено ја губи својата економска и политичка моќ, а по средината на 4 век н.е. се губи од мапата на античките градови. Заради откриените бројни, исклучително добро изработени мермерни статуи на божества и видни граѓани, Стибера е наречена „Македонска Помпеја”.



Биста на Филоксен, виден граѓанин на Стибера



Статуи на император и богот Асклепиј од Стибера

Нумизматика

Монетите претставуваат најсигурен показател за датација на археолошките наоѓалишта. Нивната циркулација ја покажува економската поврзаност на поширокиот простор. Покрај златни монети кои биле ковани по повод позначајни настани, ковани се и сребрени, како и бронзени, употребувани во секојдневната купопродажба. На археолошките наоѓалишта во Прилепскиот Регион најрани монети се оние на грчките градови Атина, Тасос, Дирахион и други.



Раноантички сребрени монети - депо од локалитетот Долиште, с. Прилепец



Монети на грчките градови

Со постепеното зајакнување на влијанието на моќната македонската држава, разбирливо, во регионот преовладуваат монетите на нејзините кралеви. Највредни наоди претставуваат златниот статер на Филип II и сребрените тетрадрахми и драхми на неговиот син, големиот војсководец Александар III Македонски.



Монети на македонските кралеви

За време на Римската империја, монетите на кои доминираат ликовите на императорите се главно средство во трговските трансакции. По обезбедувањето на границите на царството во почетокот од новиот милениум започнува т.н. pax romana, односно период на благосостојба, кога се коваат најквалитетните монети, при што преовладуваат сребрените денари и антонинијани, но и големите бронзени примероци на асови и сестертиуси. Во 3 век за нашиот регион карактеристични се монетите на македонскиот коинон, ковани со одобрение на императорите, а како огромна почит кон Александар Велики, така што на аверсот е претставен неговиот лик.



Римски монети

Со распаѓањето на Римската империја и воздигнувањето на христијанството како главна религија, во нејзиниот источен медитерански дел јакне нова политичка сила, Византија. На територијата на Прилепскиот Регион се пронајдени бројни монети од неколкувековното постоење на оваа доминантна империја (од 6 до 14 век).



Византиски монети

Душко Темелкоски
кустос советник

Среден век

Средниот век претставува период на трансформации и континуитет – време кога на темелите на антиката се развиваат нови култури, верски идеи и урбани структури. Во овој период се обликуваат средновековните градови, населби, цркви и утврдувања, кои денес сведочат за динамичен живот меѓу X и XIV век. Археолошките истражувања од овој период на територијата на Прилеп и пошироко започнуваат уште во 1958 година. Тие се фокусирани на низа значајни локалитети:

- **Маркови Кули** – Варош, монументален археолошки комплекс кој претставува утврден град со акропола, со бројни градби од станбен и стопански карактер;
- **Градиште** кај с. Дебреште;
- **Илино** кај с. Лениште;
- **Задна Река – Грамаде** кај с. Витолиште;
- **Трпчева Црква** кај с. Дуње;
- **Стражата** кај с. Крушевица;
- **Врбјанска Чука** кај с. Славеј.

Истражуван е и поширокиот простор околу црквите **„Св. Никола“** кај с. Манастир и **„Св. Ѓорѓи“** во с. Пресил. Најистражуван меѓу нив е локалитетот **Маркови Кули**, каде се откриени значајни остатоци од архитектура, некрополи и сакрални објекти. Посебен акцент има на западниот и југоисточниот дел од падините, каде се развивала и неутврдената средновековна населба **Варош**. Истражувањата потврдуваат континуиран живот на овој простор – од X до крајот на XIV век – и нè водат низ еден од најживописните и најдинамични периоди од историјата на овој крај.




Локалитет Маркови Кули



Накит, бронза, лок.Накит, сребро и бронза, Накит, бронза, лок. Маркови Кули, X-XII в. Варош, XII – XVI в. Под Кули, X-XII в.

Со археолошките ископувања од 1964 година и во повеќе наврати во седумдесетите и осумдесетите години на локалитетот *Градиште* кај село Дебреште констатирани се повеќе стратуми од праисторија, хеленизам, римски период, доцна антика и среден век. Во просторот на тврдината од VI век, како и надвор од неа, извршени се археолошки истражувања на остатоци од станбени, сакрални објекти како и некрополи кои се дел од населбата која егзистирала континуирано во подолг период, од доцната антика па сè до крајот на XIV век. Средновековниот период се следи преку културните слоеви од крајот на VII, почетокот на VIII век, сè до XIV век, при што се истражени остатоци од станбени објекти, некропола и црква.



Накит, бронза и сребро, лок. Градиште, с. Дебреште, VII – X век

Од 1979 година до 1989 година на локалитетот *Врбјанска Чука* село Славеј при вршење на заштитни археолошки истражувања во горните културни слоеви се констатирани материјални остатоци од средновековна населба со некропола која датира од X – XIV век.

На локалитетот *Задна Река Грмајте* кај село Витолиште од 1983 година до 1990 година истражена е средновековна некропола која настанала и се развила врз остатоци од доцноантичка населба со некропола. Богатиот движен археолошки материјал изразен во примероци на накит од сребро, бронза и стаклена паста е одраз за економската моќ на населението од оваа некропола. Средновековната некропола ѝ припаѓала на населба која егзистирала од X до XII век.



Накит, бронза и стаклена паста, лок. Задна Река – Грмајте, с. Витолиште, X - XII век

Почнувајќи од 1991 до 2000 година во неколку кампањи на локалитетот *Трпчева Црква* кај село Дуње истражена е средновековна некропола од раниот словенски период.

Оваа некропола според наодите формирана е на крајот од IX и почетокот на X век врз остатоците на постар доцноантички сакрален објект. Нејзиното постоење се следи до крајот на XII век. Оваа некропола ѝ припаѓа на стопански моќна и развиена населба со христијанско население чиј социјален статус и економска моќ се гледа преку предметите кои лично ги поседувал секој поединец. Во содржината на гробовите од оваа некропола најдено е богатство на накит (белегзии, прстени, ѓердани) како и неколку бронзени крстови. Паралелно со археолошките истражувања, вршени се и антрополошки истражувања кои говорат за старосната структура на населението, за смртноста и патолошките промени кај оваа средновековна популација. Анализата од овој материјал ја извршил антропологот д-р Фаница Вељаноска.

На локалитетот *Страгата* кај село Крушевица 2001 година истражуван е тумул од доцно бронзено време и е констатирано дека врз тумулот е формирана средновековна некропола со повеќе типови на гробни конструкции која според наодите од гробовите датира од X –XI век.

Освен остатоци од недвижни градби и гробни конструкции, на средновековните локалитети евидентирани се и многубројни движни наоди: предмети за секојдневна употреба, украсни предмети, предмети поврзани за погребниот ритуал и делови од орудија, оружје и опрема.

Украсните предмети како наушници, обетки, ѓердани, приврзоци, белегзии, прстени, се изработени од сребро, бронза, железо, стакло и стаклена паста. Некои од овие предмети имаат апотропејска улога како што се енколпионите и приврзоците – крстови, кои најдиректно се поврзани со христијанизацијата на словенската популација.

Во предметите кои освен украсна имаат и практична намена се вбројуваат појасни токи, копчиња за облека и аграфи, изработени од бронза и сребро.



Накит, сребро и бронза, лок. Трпчева Црква кај с. Дуње, X –XI век



Ѓердани, лок. Трпчева Црква
бронза, с. Дуње, X – XI век



Крстови реликвијари,
с. Дуње, X – XI век

Керамичките садови се дел од предметите за секојдневна употреба кои според намената и нивната функција се дел од кујнската или трпезната керамика. Некои форми од керамички садови се употребувани и во погребни ритуали.

Движните археолошки наоди ги сочинуваат и орудијата за работа: разни форми на струшки, ножеви, делови од ножици, српови и сл., изработени од железо.

Наодите од оружје и опрема, иако се застапени во помала мера, сепак се присутни и претставени преку примероци од копја, стрелки, мамузи и дел од панцир кошула, изработени од железо.

„Средниот век, низ призмата на археологијата, ни раскажува тивка, но моќна приказна. Преку секој фрагмент од накит, секој крст, сад или урнатина, ја слушаме тишината на времето и го чувствуваме пулсот на некогашните животи“.

Габриела Христовска
кустос

ИСТОРИЈА

Пред формирањето на Народниот музеј - Прилеп, во рамките на Народноослободителниот одбор на Општина Прилеп, во 1948 година е формирано Одделение за историја, како засебно одделение со музејска збирка од која произлегла постојана изложбена поставка на документи, фотографии и уметнички дела со тема од НОВ.

Со формирањето на Народниот музеј во Прилеп, 1955 година, кој во 1981 година прераснува во Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј − Прилеп, Одделението за историја влегува во негови рамки.

Со своите активности, Одделението за историја го опфаќа периодот од најраната историја на средновековен Прилеп, па сè до периодот по Втората светска војна, односно, современиот период. Поинтензивен развој ова Одделение доживува по 1981 година, кога се дели на три реферати: Реферат за среден век, Реферат за преродба и илинденски период и Реферат за периодот меѓу двете светски војни и НОВ.

Последниве години истражувачките активности се прошируваат преку собирање нови и групирање на веќе собраните податоци за знаменити места, настани, објекти, личности. Странската и домашна литература изобилува со воопштени разноразни описи, записи, приказни кои се рафинираат и се поврзуваат со конкретни историски случувања, настани, споменици и знаменитости. Фондот на сочувани фотографии, лични документи се збогатува со нови и така се дополнува и дооформува културно-историскиот мозаик на регионот, кој се стекнува со повисока додадена вредност.

Рефератот за среден век од 1994 година започнува со поинтензивно проучување на историските пишани извори, литература и документи од средновековниот период. Последниве години активностите се насочени кон корелирање на протолкуваните податоци од историските извори со средновековните настани, коишто ни се археолошки потврдени преку реализираните истражувања.

Својот фонд овој Реферат го збогатува со илустративен материјал, турски тапии, факсимили, како и извадоци од турски документи значајни за историјата на Прилеп и прилепско.

Напоредно со претходното и периодот од националната преродба, илинденскиот период, периодот меѓу двете светски војни, НОВ и повоениот период поинтензивно се проучуваат од 1981 година.

Рекогносцирањата на теренот во Прилеп и прилепско, истражувањата во архивите, Институтот за национална историја, Народната и универзитетска библиотека и други институции, како и добивањето на музејски материјал по пат на поклони и откуп, доведоа до збогатување на историските фондови со архивска граѓа, фотодокументи, оружје и воена опрема, печати, штембили и одликувања, како и формирање фондови на фотографии од разни периоди на историјата на Прилеп и прилепско.

Врз основа на претходното, реализирани се голем број проекти од истражувачки карактер, а воедно се реализирани и проекти за презентација на културното наследство на Прилеп и прилепско.

Во рамките на Одделението за историја се истражува и проучува историјата на Прилеп од неговото настанување до денес. Се проучуваат ликовите и делата на голем број прилепчани кои имале значајна улога во историјата на градот и Републиката, луѓе од разни професии кои дале голем придонес во просветата, науката, културата, уметноста и други области. Револуционерите од преродбенскиот, илинденскиот и периодот меѓу двете светски војни и особено НОБ, се посебна тема на обработка и истражување.

Прилеп е место каде што се одиграле мошне значајни настани во историјата на македонскиот народ. Преку најразлични активности на Одделението за историја се расветлуваат непознаниците за сите овие значајни луѓе и настани, со што се пишува историјата на Прилеп. За дел од историјата на градот во страниците што следуваат.

ПРИЛАПОН, МАРКОВ ГРАД, ПЕРЛИПЕ, ПРИЛЕП, ГРАД ХЕРОЈ И ГРАД РИЗНИЦА НА ИСТОРИСКИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Прилеп во средниот век

Некогаш стратегиски и економски моќниот средновековен град Прилапон, како што го споменува византискиот император Василиј II, а подоцна со право нарекуван и Марков град, денес егзистира како периферија на новиот Прилеп. Но, упатениот посетител го препознава како извонредно складиште на паметници и старини − непишана страна на бурното минато.

Вековите минувале, народите се сменувале, а на тоа мало пространство оставале свидетелства за својот живот, својата култура и уметност.

Името на градот Прилеп (Прилапон) било предмет на интерес на повеќе ономастички трудови и за неговото потекло се искажани неколку различни мислења.

Првиот научник што се обидел да го објасни името Прилеп е хрватскиот лингвист и ономастичар, Петар Скок. Тој основата на името Прилеп го доведува во врска со старословенскиот глагол „лепи“, имајќи го предвид тука, пред сè, видот на населбата во која куќите биле ѕидани на начин што се добивал впечаток дека тие биле залепени една до друга.

Во старословенскиот речник на словенечкиот филолог Франц Миклошиќ забележан е апелативот прилѣпъ, но таму е наведено само неговото значење на „фластер“.

И други научници се занимаваат со името на Прилеп, како што се ономастичарите А. Селешев, В. Шмилауер и С. Роспонд. Името на градот Прилеп може да е добиено со топонимизација на географскиот термин „прилеп” од старословенскиот „прилѣпь“ со значење блатно, мочурливо место или место покрај блато.

Кај нас поопстојно објаснување на името Прилеп направил Блаже Конески, односно според него, тоа е образувано од личните имиња Прилепа и Прилепка, зачувани во руската антропонимија.

Името на средновековниот град Прилеп било пренесено на населбата која подоцна, во турско време, била изградена на оддалеченост од неколку километри од местото каде првобитно лежел градот. Денес, остатоци од некогашниот средновековен град се наоѓаат на локалитетот Маркови Кули и во приградската населба Варош, која всушност води потекло од прилепскиот подград.

Средновековниот град бил изграден на едно возвишение што доминира над пределот и што кај населбата Варош се спушта стрмно во полето. Тоа возвишение е составено од многу испокршени и измазнети камени грамади со чудесни облици и бои. Таму каде што природата не ги затворила пристапните места, човекот доградил високи ѕидови и масивни кули и на тој начин направил тешко освоива тврдина. На највисоката точка бил издигнат најутврдениот дел од средновековен Прилеп, горниот град. Под тоа орловско седело, на градските тераси и на други површини биле изградени куќи, цркви, како и други објекти.




Одбранбена кула од средновековниот град Прилеп


Најстарите траги од животот на луѓето на просторот на средновековниот Прилеп им припаѓаат на неолитскиот и бронзениот период. На истиот овој простор се пронајдени остатоци од населба од железниот период. Натамошното населување на овие простори може да се следи низ целиот подоцнежен архајски и антички период.

Лутањата на варварските словенски племиња завршиле со населување на племето Брсјаци во плодната рамница Пелагонија. Од VII до IX век Македонија била поприште на војувања меѓу Византија и Бугарското царство за господарење на таа територија, со променливи резултати и со периодични пресврти во корист на еден од ривалите. Тешко е да се тврди дали во тие времиња тврдината Прилеп функционирала. За тоа недостасуваат конкретни материјали од тоа време. Тука всушност, доаѓаме до необично важната проблематика поврзана со почетоците на средновековната тврдина.

Од овој период се двата монолитни камени столбови од тремот на црквата во манастирот „Св. Архангел Михаил“ во Варош. На едниот од нив е врежан вториот по старост словенски запис со кирилски букви од 996 година, а се однесува на епископот Андреја. Тој е сосема краток и стереотипен по содржина, но сепак е мошне значаен затоа што сведочи за писмената активност на овие територии уште во најстариот период на словенската писменост.



Кирилски натпис од 996 година на мермерен столб од манастирската црква „Св. Архангел Михаил“, Варош, Прилеп



Петроглиф „Слон“, локалитет Маркови Кули

До почетокот на XI век за Прилеп нема никакви познати податоци од пишани извори. Во византискиот „Сигилионум” на императорот Василиј II (976-1025) од 1018 година, Прилеп првпат се споменува како тврдина Прилапон. Градот и тврдината исто така се споменуваат и во Кратката историја на современикот на цар Самоил, од византискиот писател Јован Скилица.

Во текот на XI и раниот XII век преку откриените археолошки наоди може да се следи доселувањето на припадници на несловенски групи во Прилеп од разни делови на Византија, со што настанува мешање на новодојденото население со староседелците. Тоа било причина во текот на XII

век да се појават првите зачетоци на византиски Прилеп. Стариот градежен материјал се заменува со нов, а словенските градителски искуства често биле заменувани или дополнувани со искуства на градителите од напредната Византија.

Други пишани податоци за Прилеп и тврдината потекнуваат од времето на византискиот император Алексиј III Ангел (1195-1203), односно името на градот се споменува во неговата повелба од 1199 година, со која им се проширале правата на венецијанските трговци во Македонија, а со тоа и во Прилеп (Provincia Prilepi et Pelagonia). Во овој период Прилеп е во состав на феудот на Добромир Хрс.

По распаѓањето на Византиското царство во 1204 година, Прилеп е освоен од бугарскиот цар Калојан (1197-1207), а по неговата смрт како негов господар се појавува македонскиот властелин Стрез, самостоен владател на поголема територија со седиште во Просек. По ненадејната смрт на Стрез во 1214 година, се создала нова ситуација во Македонија. Прилеп како и некои други градови во западна Македонија биле освоени од деспотот на Епир, Теодор Комнен (1214-1224). Во 1230 година по битката кај Клокотница помеѓу бугарската и епирската војска и по поразот на Епирците, Прилеп потпаѓа под бугарска власт до 1241 година. По смртта на царот Иван Асен II (1218-1241), Прилеп повторно бил заземен од епирскиот деспот Михаил Ангел II (1237-1271), сè до 1254 година, кога градот преминал под никејска власт т.е. под возобновената Византиска империја.

Во 1334 година Прилеп потпаѓа под српска власт. За средновековниот Прилеп најмногу податоци има од времето на владеењето на српскиот крал, а подоцна цар Душан (1331-1355). Значајни извори во тој поглед претставуваат трите Душанови повелби – грамоти, дадени на манастирот Трескавец. Од нив се дознава дека Прилеп во тоа време бил големо и важно градско средиште и дека цар Душан тука имал свој дворец.

Во 1350 година, како Душанов жупан во градот Прилеп се споменува името на властелинот Волкашин, кој подоцна во 1360 година од страна на цар Урош добива титула деспот. По битката кај Марица во 1371 година против турците, загинува Волкашин. Него го наследува неговиот син Марко, легендарен јунак за кого за жал, има скудни податоци. Се знае дека Марко бил турски вазал кој учествувал во битката на Ровине против влашкиот војвода Јован Мирче во 1395 година, каде што и загинува.


Пред тоа, во 1385 година за време на султанот Мурат I (1362-1389) Прилеп потпаѓа под турска власт. Со смртта на Крали Марко завршува средновековната историја на Прилеп.



Фреска портрет на Крал Марко на влезот од манастирската црква „Св. Архангел Михаил“ – Варош, Прилеп



Монети ковани во средновековен Прилеп



Средновековен Прилеп според Александар Дероко

Прилеп за време на Отоманската империја, преродбенскиот и илинденскиот период


Турското присуство во Македонија, а со тоа и во Прилеп, во траење нешто повеќе од пет векови, оставило траги коишто и денес сведочат за тој период. Има малку познати податоци за Прилеп од XV-XVI век. За првите години од турската власт дознаваме од некои документи од Цариградскиот архив. Од турските пописни дефтери може да се согледа големината и структурата на тогашниот Прилеп. Така, според податоците од „Тапу тахрир дефтер" бр. 4 од 1467/68 година кога е извршен попис на домаќинствата во прилепската нахија, градот броел 438 домаќинства и бил поделен на 22 маала. Во градот живееле 2075 христијани и 105 муслимани. Од профаната муслиманска архитектура од ова време сочуван е ѕидот на Куршумли Ан од XV век, срушен во 1955 година, а дел од истиот, се наоѓа во центарот на градот.

Македонскиот народ за целиот период на турското владеење давал отпор поради грубите национални и верски понижувања од страна на поробувачите на разни начини, преку ајдутство или дигање на буни и востанија. Во средината на XVI век, во 1564/65 година е дигната познатата Прилепско-мариовска буна. Во неа учествувале повеќе од 1000 борци. Но, поради помногубројниот и подобро вооружен турски аскер, буната била крваво задушена.

Значајни податоци за Прилеп во XVII век оставиле турските патописци Хаџи Калфа, Евлија Челебија и други. Евлија Челебија во 1668 година споменува дека во градот имало 1000 куќи и 200 дуќани. Поголемиот број од жителите на градот се занимавале со изработка на играчки и ножеви.

Во своето патување низ Прилеп во 1807 година, францускиот конзул Анри Пуквиљ забележал дека градот имал 1000-1100 куќи и дека водел трговија со жито, волна и добиток. Според него Прилепскиот панаѓур бил еден од најголемите во Румелија и траел 25 дена.

Во средината на XIX век во Прилеп доаѓа до брз развој на занаетчиството и трговијата. Со стопанскиот развој се зголемувал и бројот на жителите: во 1836 година Прилеп имал 6-7000 жители, во 1868 година имал 15-20 000 жители, а во 1890 година 26674 жители. Економското зајакнување на градот поволно се одразило врз културниот развој и овозможило напредок на учебното дело.




Ѕид од Куршумли Ан, XV век

Во 1843 година во Прилеп било отворено првото народно училиште „Св. Кирил и Методиј”. Најголем придонес за развој на просветната дејност имале македонските преродбеници кои биле учители во Прилеп: Димитар Миладинов, Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, Кузман Шапкарев, Јосиф Ковачев и други.

Марко Цепенков (1829-1920) е познат преродбеник од Прилеп. Собирал народни песни, приказни, поговорки, верувања, обичаи, басни, соништа и слично, од прилепскиот крај. Неговото дело е печатено во повеќе томови.



Марко Цепенков (1829-1920)




Атанас Бадев (1860-1908)

Во 1865 година во Прилеп било отворено и Првото женско училиште, кое од 1880 година било сместено во новоизградена зграда во дворот на црквата „Св. Благовештение“. Во оваа зграда денес се наоѓа Галеријата на икони на НУ Завод и Музеј - Прилеп. Во 1867 година во градот работело читалиште со библиотека, забавиште за мали деца и неделно училиште за возрасни, а во 1874 година била отворена еден вид учителска школа. Во 1879 година бил организиран црковен хор раководен од Атанас Бадев (1860-1908), ученик на Николај Римски Корсаков и автор на композицијата „Златоустова литургија”. Во 1887/8 година прикажана е првата театарска претстава во салонот на женското училиште.

Во борбите за национално ослободување на Македонија во втората половина на XIX век, градот Прилеп одиграл значајна улога. Во прилепско во тој период дејствувале неколку чети предводени од Спиро Црне, Диме Чакре, Коне Павлов и други.



Ѓорче Петров (1865-1921)



Пере Тошев (1865-1912)

Од илинденскиот период, крајот на XIX и почетокот на XX век, најистакнати револуционерни дејци од Прилеп биле Ѓорче Петров (1864-1921), Пере Тошев (1865-1912), Петре Ацев (1877-1939), Никола Каранџулов (1876-1904) и други.

Во големата Илинденска епопеја, прилепскиот крај претставува значаен револуционерен центар. Во 1903 година на врвот Маргара кај село Чаниште во Мариово, се случила една од најголемите битки помеѓу турскиот аскер и здружените чети предводени од Ѓорче Петров.

Од овој период карактеристично сведоштво претставуваат оружјето, воената опрема и други предмети. Во Одделението за историја има ладно оружје: јатагани, ками и ножеви, сабји и анџари. Од огнено оружје има: кубури, пушки кременарки, каписларки, безмагацински пушки со еден куршум: „берданка", „мартинка" и „гра", како и магацински пушки: „манлихера" и „маузер". Од револверите најзастапени се „гасер" и „нагант".


Прилеп за време на Балканските војни, Првата светска војна и периодот меѓу двете светски војни

Во текот на Балканските војни (1912-1913 година) во Прилепскиот Регион се водат жестоки борби. По поразот на Турците и нивното протерување од Македонија, Прилеп се нашол во составот на кралството Србија.

Поради близината на Солунскиот фронт, крајот на Првата светска војна (1914-1918 година) Прилеп го дочекал ограбен и економски исцрпен. По нејзиното завршување градот влегува во рамките на Кралството СХС, подоцна наречено Кралство Југославија. Новата држава не ги исполнила очекувањата на населението. Новите господари започнале со поголеми економски, социјални и национални угнетувања. Од друга страна ширењето на идеите на големата Октомвриска социјалистичка револуција во Русија довеле во 1919 година во Прилеп да се формира Комунистичка партија што ќе услови во градот да се појави жива револуционерна активност меѓу двете светски војни. Прилеп во рамките на Кралството Југославија останал до 1941 година.

Прилеп за време на НОВ


Прилеп под фашистичка окупација потпаднал во април 1941 година. На 8 април таа година во градот влегле претходниците на германската фашистичка војска, а на 26 април влегла бугарска војска. Уште од првите денови на окупацијата се појавил општонароден отпор организиран од Комунистичката партија, која го подготвила и Првиот партизански одред. Како разултат на тоа, со првиот истрел на 11 Октомври 1941 година при нападот на Участакот отпочнало востанието на македонскиот народ за ослободување од фашистичкиот окупатор.



Скица за нападот на Участакот



Душко Наумоски (1921-1961)



Мирче Ацев (1915-1943)

Во текот на НОВ во многу куќи во градот борците имале свои скривници, работилници за изработка на оружје и санитетски материјал. Во Прилеп за цело време на НОВ делувала и раководела партиската организација, а исто така се чувствувало силно влијание на СКОЈ (Сојуз на комунистичка омладина на Југославија), Народна помош и Антифашистички фронт на жените (АФЖ).



Борка Талески (1921-1942)




Мице Козар (1910-1942) и Трајко Бошкоски-Тарцан (1918-1943)

Илегалната партиска техника која била организирана уште пред војната постоела и за време на окупацијата и издавала летоци, Билтен, Радиобилтен, а подоцна и весникот „Народен глас”. По неколкугодишна антифашистичка борба и по капитулацијата на Бугарија, Прилеп бил ослободен на 9 септември 1944 година, а конечното ослободување е на 3 ноември истата година.

Во текот на НОВ од Прилеп и прилепско од 8000 учесници, активни борци со оружје во рака биле 2700 борци. Од нив 650 се загинати, 15 прогласени за народни херои (10 загинати во НОВ) и 154 носители на „Партизанска споменица 1941”.

Поради сè она што градот Прилеп го направил за време на НОВ, со Указ од 7 мај 1975 година од страна на претседателот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Јосип Броз – Тито, го добива орденот „Народен херој”.



Орден „Народен херој“ со Повелба доделен на Прилеп

Одделението за историја од времето на народноослободителната и антифашистичка војна 1941-1945 година како музејски материјал поседува: фотографии, документи, оружје, воена опрема и друго.

Прилеп по НОВ

По завршувањето на народноослободителната и антифашистичка војна, Прилеп во рамките на Социјалистичка Федеративна Република Југославија доживува силен економски и културен подем. Градот од помала и неразвиена градска населба прераснува во индустриски центар, што доведува до негов напредок во сите сфери. Особено значаен е како центар на тутунската индустрија, односно Институтот за тутун основан во 1924 година многу придонесува во развојот на тутунопроизводството во поширокиот регион.

Од 1991 година Прилеп се развива во самостојна Република Македонија и во него денес живеат 69 025 жители (според пописот од 2021 година). Покрај брзиот економски развој, градот достигнува висок стандард на образовен, културен, научен, здравствен и спортски план.

Како образовни установи постојат голем број основни училишта, средни стручни училишни центри и Гимназија. Во 1960 година основана е Виша економска школа, која во 1974 година прераснува во Економски факултет во рамките на универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Почнувајќи од 1965 година во Прилеп секоја година се одржуваат театарските игри (денес, театарски фестивал) „Војдан Чернодрински”. Оваа манифестација претставува смотра на најдобрите остварувања на професионалните театри во државата.

Во населеното место Долнени (денес, Општина Долнени) од 1974 година се одржува Меѓународниот фестивал на народни инструменти и песни, кој од 1996 година го носи името „Пеце Атанасоски” во чест на доајенот на македонскиот фолклор.

Секако најзначајна личност од областа на литературата и науката е Блаже Конески, (с. Небрегово, прилепско, 19.12.1921 - Скопје, 1993), академик и прв претседател на МАНУ, професор на универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје, плоден книжевник и лингвист, добитник на голем број награди и признанија, автор на Граматиката и Правописот на современиот македонски јазик, Историјата на македонскиот литературен

јазик и уредник на Речникот на македонскиот јазик. Блаже Конески со право го носи епитетот основоположник на современиот македонски литературен јазик.



Блаже Конески (1921-1993)

Одделението за историја врши и ***педагошко-водичка служба*** во спомениците на културата и меморијалните музеи кои се тесно поврзани со нејзината дејност, а тоа се: „Паркот на Револуцијата“ со „Алејата на народните херои“ и „Могилата на непобедените“, Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“ и Меморијалниот музеј „Кузман Јосифоски - Питу“.

ПАРК НА РЕВОЛУЦИЈАТА

Омиленото шеталиште и збиралиште на прилепчани, особено на младината во минатото, било Прилепското брдо. Тоа било сведок на многу настани во Прилеп, тука се одржувале состаноци, кружоци, забавни игри со прогресивна тематика. На тоа место, изграден е „Паркот на Револуцијата“, парк со име кое во целост одговара на неговата улога и значење за историјата на напредното ослободително движење на Прилеп.

Во годината кога се уредува „Паркот“, во 1961 година, во рамките на истиот се подигаат и монументалните споменци: „Алеја на народните херои“ и „Могилата на непобедените“, а подоцна, во 1963 година и Споменикот „Жена - борец“, посветен на жената и нејзиното учество во народноослободителната војна, од авторот Драган Попоски-Дада.

„Паркот на Револуцијата“ се наоѓа на јужната периферија на Прилеп, хортикултурно уреден со високорастителна борова шума и нискорастителна зимзелена флора.

Од овој простор можеме да ја раскажеме богатата историја на Прилеп од НОВ.

Од тука има убав поглед кон Марковите Кули, Зеленик и Црвени Стени, зборните места на прилепските партизани, кои на 11 Октомври 1941 година извршија напад на градот и го започнаа Народното востание во Македонија против фашистичкиот окупатор.

Од ова место се гледа и Селечка Планина и месноста Бидимаш, каде бил партизанскиот логор на првите партизани, кои излегоа на 12 септември 1941 година.

Се гледа и планината Мукос, каде се водела борбата на борците од партизанскиот одред „Димитар Влахов“ со фашистичките сили на 14 септември 1942 година, како и селото Дабница, познато по Дабничкиот масакр од 19 септември 1942 година. Двата настани се длабоко врежани во меморијата на прилепчани, во кои се изгубени голем број животи на борци и луѓе патриоти, но воедно, настани кои директно влијаеја за омасовување на партизанското движење и засилување на борбата за слобода.

Од тука се гледа и Прилепец, познат по борбата кај манастирот Св. Никола на 19 декември 1942 година, а преку Селечка Планина е областа Мариово, револуционерно жариште со многу настани од поблиското и подалечното минато на Прилеп и прилепско.

Како што може да се заклучи од претходно споменатото, од ова место, од „Паркот на Револуцијата“, може да се зборува за богатата историја на Прилеп, воедно, место каде се реализира воспитно-образовен процес преку одржување на историски часови.

Вкупната површина на „Паркот“ изнесува 67600 м^2.

Алеја на народните херои

На источната страна од влезот во „Паркот“ расположена во една природно подигната ниша, се наоѓа „Алејата на народните херои“. На сиви мермерни постаменти, високи околу два метра, наредени во права линија се поставени бронзените бисти на десетте народни херои од Прилеп и прилепско, загинати во Народната револуција. Текстот на постаментите е

краток и содржи: име и презиме, кај некои и прекар, година на раѓање и херојска смрт. Гледајќи од лево на десно, се поставени бронзени спомен-бисти на следните народни херои: Кире Гаврилоски-Јане (1918-1944), Иле Игески-Цветан (1920-1944), Орде Чопела (1912-1942), Борка Талески (1921-1942), Кузман Јосифоски-Питу (1915-1944), Мирче Ацев (1915-1943), Борка Велески-Левата (1912-1942), Рампо Левката (1909-1942), Лазо Филипоски-Лавски (1918-1942) и Круме Волнароски (1909-1944). Прилеп дал уште пет народни херои кои ја преживуваат Втората светска војана, тие не се дел од „Алејата“, но вредно е да се споменат, а тоа се: Вера Ацева (1919-2006), Борко Темелкоски (1919-2001), Крсте Црвенкоски (1921-2001), Ѓоре Дамески (1922-1995) и Атанас Забазноски (1925-2013). Тие не само што ја преживеале војната, туку учествувале и во повоената изградба на земјата, извршувајќи разни општествени, политички или други функции.



Алеја на народните херои

Могила на непобедените

Во спомен на своите паднати борци во НОВ од 1941 до 1945 година, во 1961 година градот Прилеп во рамките на овој парк, го подига монументалниот споменик „Могилата на непобедените”. Автор на истиот е архитектот, уметник, писател, филозоф и професор на Архитектонскиот факултет на белградскиот универзитет, Богдан Богдановиќ (Белград, 1922 - Виена, 2010). „Могилата“ ја формираат два објекти: првиот се состои од осум (8) монументални мермерни скулптури (антички урни, столбови, стилизирани амфори и слично) со повеќекратно

симболично значење, по кои се доаѓа до вториот објект, заедничката гробница, односно, криптата.

Урните се различни по висина, од 2,90 м. најниската, до околу 5 м. највисоката. Тие се направени од бел прилепски мермер, кој изразува цврстина, трајност и убавина. Тие го изразуваат учеството на Прилеп и неговиот придонес во Револуцијата преку осум борбени партизански единици, претежно составени од прилепски борци. Разликата во големината и димензиите ја покажуваат нивната развојна линија, односно, прераснувањето од помали во поголеми воени формации.

На најголемата скулптура, стилизиран е вечен пламен, како симбол на постојаната борба и непокорот на македонскиот народ.

Другиот објект, заедничката кружна гробница − криптата, отворена е спрема северната страна, кон мермерните скулптури, односно спрема самиот град Прилеп. Таа е гробница на сите паднати борци од прилепскиот и во прилепскиот крај. Во внатрешноста, на 35 бели мермерни плочи се впишани имињата и презимињата на 462 загинати борци. Во изворите и литературата за загинатите борци од Прилеп и прилепско стои дека животот го дале околу 650. Во контекст на претходното треба да споменеме дека во повеќе населени места во прилепско има подигнато спомен-костурници каде се посмртните останки на борци кои загинале за слободата на Македонија, а потекнуваат од тие краеви.

„Могилата на непобедените“, како споменик на културата, согласно законската регулатива, ставен е под заштита на државата во 1989 година.



Могила на непобедените

Споменик „Жртви на фашизмот“ - Дабница

Спомениkот „Жртви на фашизмот“, посветен на 19-те борци за слобода, дабничани и прилепчани, кои беа стрелани на 19 септември 1942 година, беше уништен во 2002 година.

На иницијатива на НУ Завод и Музеј - Прилеп во 2019 година беше извршена реконструкција на спомениkот, дело на академскиот скулптор Димо Тодороски. Делумно реконструираниот споменик е изложен во Меморијалниот музеј „11 Октомври 1941“ - Прилеп, да биде сведоштво за овој настан од славното минато на градот херој.

На местото на уништениот споменик „Жртви на фашизмот“, денес стои нов, идентичен на претходниот, чиј автор е академскиот скулптор Сашо Поповски.



реконструкција на спомениkот
автор Димо Тодороски



нов споменик
автор Сашо Поповски

Рубинчо Белчески
кустос советник

ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ

Одделението за историја на уметност постои од 1960 година во рамките на тогашниот Народен музеј – Прилеп, најпрво како Галерија. Со прераснувањето на институцијата во Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј во 1981 година, Одделението официјално се оформува и функционира под сегашниот назив.

Основната дејност на Одделението опфаќа:
- раководење со збирките на музејски предмети;
- кабинетско и теренско истражување;
- прибирање и систематизирање музејски материјали и предмети;
- стручна и научна обработка на материјалите;
- водење евиденција и документација согласно законската регулатива за музејска дејност;
- публикација и презентација на музејски материјали и предмети;
- изработка на дескриптивна, техничка и фото-документација за живопис, икони, резба, црковен мобилијар и библиофилен материјал;
- изготвување програми за непосредна заштита на движното културно наследство;
- учество во подготовка на повремени изложби, едукативни програми и активности за музејски маркетинг;
- изготвување проекти за превентивна заштита, конзервација и евиденција на движен материјал (икони, библиофилен материјал, црковен инвентар) во цркви и манастири;
- изработка на елаборати за (ре)валоризација на движното културно и природно наследство и предлози за донесување акти за заштита;
- ревизија на музејски предмети;
- подготовка на концепции за постојани и повремени изложби;
- учество на стручни и научни собири.

Во рамки на својата работа, Одделението за историја на уметност прибира и обработува и дела од областа на современата ликовна уметност, организира тематски изложби и ги публикува резултатите од истражувањата.

Музејскиот материјал се класифицира според хронолошка припадност на неколку главни целини:

- византиски период,
- поствизантиски период,
- преродбенски период (XVII – XIX век),
- современа уметност.

Од основањето на Музејот и Одделението за историја на уметност до 2004 година, активностите беа насочени кон обработка на материјалите од градот Прилеп и прилепската општина. Со стекнувањето на статус на Регионална институција (2004), дејноста на Одделението се проширува и денес опфаќа материјали од територијата на општините Прилеп, Кривогаштани, Крушево, Долнени и регионот Мариово.

Вкупниот број евидентирани цркви во овие четири општини изнесува над 160. Дел од нив се регистрирани како споменици на култура, а останатите се евидентирани како споменици од локално значење. Покрај архитектонската вредност, висока уметничка вредност поседуваат живописот, иконописот и резбата.

Бројот на евидентирани икони во црквите и манастирите надминува 2500. Поголемиот дел се изработени од локални мајстори и иконописни школи кои дејствувале пошироко во Македонија. Најголемиот број потекнуваат од XVIII и XIX век, додека мал дел датираат од XV до XVII век.

Со акцијата на Народниот музеј во раните шеесетти години од XX век за прибирање икони од напуштени цркви и манастири во прилепскиот крај, е оформена Збирката на икони. Оваа збирка денес брои повеќе од 200 икони, царски двери и фрагменти од резба.

Покрај тоа, Одделението континуирано прибира дела од современи македонски сликари и ги претставува пред јавноста преку изложбени поставки, на тој начин создавајќи континуитет помеѓу културното наследство и **с**овремениот уметнички израз.

Византиски период

По надминувањето на иконоборската криза, поради близината на Византија, во Македонија уметноста доживува голем подем. Прифаќајќи го византискиот стил како сопствен начин на уметничко творење, македонските словени стануваат активен фактор давајќи свој придонес во општите текови на неговиот развој.

Прилеп е еден од центрите во Македонија во којшто византиската уметност доживува свој процут. За живописување на црквите и манастирите покрај локални, биле повикувани и мајстори од Цариград и Солун, кои творејќи на овие простори покажале дека се работи за високо образовани уметници кои токму овде го постигнале врвот во своето уметничко и теолошко творештво. Повеќето од нив и во најстрогата ликовна валоризација добиваат високо место во историјата на уметноста не само кај нас, туку и пошироко.

Најстари сликарски дела во прилепскиот крај се остатоците од фрески пронајдени за време на археолошките истражувања во седумдесеттите години на XX век во манастирската црква Св. Архангел Михаил во Варош. На еден срушен ѕид под подот на црквата е насликана ктиторска композиција на која е претставено како св. Никола, членовите на едно кралско семејство, ги приведува пред Исус Христос. Сите досегашни сознанија водат кон тоа дека овој ѕид е дел од најстарата црква која потекнува од XII век и најверојатно била посветена на св. Никола. На мошне талентиран зограф од втората половина на XIII век му се припишуваат фреските во западниот дел од црквата. Иако доста оштетени, овие фрески покажуваат дека биле насликани композиции од циклусите на Страдањата Христови и Чудата на Св. Архангел Михаил. Десно од влезната врата во првата зона е насликан ктиторот на црквата, големиот хартулар на западот Јован, со моделот на црквата во рацете.



Манастирски комплекс
со црквата Св. Архангел Михаил, Варош

Од двете страни на влезот на западната фасада во цел раст се насликани фигури на кралот Волкашин и неговиот син Марко. Сликањето настанало веројатно по 1371 година, што може да се заклучи по божјата рака која става круна на главата на Марко и белата облека што Марко ја носи во знак на жалост за неговиот починат татко.

Во 1981 година отпочнат е процесот на конзервација на живописот. Од XIII век му припаѓа живописот во олтарниот простор на централниот брод во црквата Св. Димитрија во Варош. Северно од иконостасот насликано е попрсје на Богородица со Христос под кое е испишан текст во кој молитвено се споменува византискиот цар Андроник II и неговата жена Ирина. Ктитор на големата обнова на црквата во XIII век, а во исто време и нарачател на живописот бил византискиот властелин Димитрие Мисинополит, чија ктиторска композиција е насликана на северниот ѕид во јужниот брод. Околу 1380 година повисоките зони во црквата се насликани од познатиот зограф − митрополитот Јован кој живеел и творел во манастирот Св. Преображение во село Зрзе.



Црква Св. Димитрија, Варош


Во 1960 е започната конзервација на живописот која траела до 1970 година. Во овој период во покривот на црквата биле пронајдени стотина графички листови од XVII - XIX век.

Живописот во црквата Св. Никола во Варош е работен во две фази. Независно од натписот на северниот ѕид во кој стои дека црквата е живописана во 1298 година по нарачка на византискиот властелин Векос Капза и неговата жена Марија, живописот во апсидата се разликува од останатиот живопис и според стилските карактеристики се датира кон крајот на XII или на самиот почеток на XIII век. Тоа е декорацијата во олтарната апсида каде се претставени четири архиереи во литургиска служба со сцената „Мелисимос", во центарот, Богородица Ширшаја Небеса, фланкирана од двете страни со архангелите Михаил и Гаврил, како и декорацијата во лунетата на западната фасада каде е насликан патронот на црквата Св. Никола.





Црква Св. Никола, Варош

Фрескоживопис во црквата Св. Никола во олтарот и северниот ѕид

Во 2002 година направена е превентивна заштита на живописот на сводот и горните зони на северниот и јужниот ѕид.

Јасна слика за сликарството во втората половина на XIII век нуди живописот во црквата Св. Никола во село Манастир. Живописувањето е завршено во 1271 година за време на владеењето на Михајло VIII Палеолог. Долгиот натпис испишан

на грчки јазик во централниот брод ја објаснува историјата на црквата. Во него стои дека црквата е живописана во 1271 година по желба на Јоаникие кој откако се замонашил го променил името во Акакие, а живописувањето било извршено под раководство на Ѓакон Јован, „референдар на пресветата архиепископија“, кој повикал повеќе истакнати мајстори да ја живописаат оваа црква.



Црква Св. Никола во село Манастир, Мариово



Фрескоживопис во црквата Св. Никола во село Манастир, Мариово

Големиот иконографски репертоар застапен на фреските во црквата Св. Никола што делумно го дозволува и самата големина на црквата, е насликан со доста солидни теолошки познавања за што најзаслужен несомнено бил ѓаконот референдар Јован. Тука се присутни сцени од главните црковни празници, сцени од животот на св. Никола, воини, маченици, епископи, монаси, пророци и друго. Посебно внимание заслужува декорацијата во олтарната апсида каде централно е насликана Пресвета Богородица Ширшаја Небеса, фланкирана со архангелите Михаил и Гаврил од левата и десната страна, композицијата Причестување на апостолите, како и композицијата Дрво Есеево и Скалите на Јован Климак, а од посебните фигури на светители, фигурата на Климент Охридски.

Конзерваторско-реставраторските работи врз архитектурата и живописот започнале во 1965 година и траеле до 1970 година.

Ликовната активност станала мошне интензивна во текот на XIV век. Српските владетели кои ја држеле под своја власт прилепската област изразувале голема дарежливост со тоа што обновиле голем број стари цркви. Ваква активност појавувала и домашната властела која била поддржувана од српските владетели.

Живописот во црквата Успение на Пресвета Богородица во манастирот Трескавец е работен во неколку фази. Најстариот живопис кој ги покрива ѕидовите на егзонартексот и бочните компартименти е изработен по нарачка на крал Стефан Душан во периодот помеѓу 1334 и 1343 година. Во овој ансамбл фрески посебно внимание привлекуваат илустрациите од календарот, кој содржи многу интересни иконографски претстави. Стиховната форма на сигнатурите кај овие календарски сцени го зголемува нивното значење, бидејќи таа е редок пример и во самата византиска уметност. Како посебна целина се одделува и живописот во северозападната купола каде е насликана композицијата Небесен двор.



Црква Успение на Пресвета Богородица во манастирот Трескавец



Фрескоживопис во црквата Успение на Пресвета Богородица во манастирот Трескавец

На површината на ѕидовите и сводот во наосот зачувани се фрески што припаѓаат на една стилска целина, дело на една посебна група сликари кои работеле во втората половина на XV век. Олтарниот простор по големите оштетувања е обновен и во 1570 година повторно е насликан. Во внатрешноста на црквата се наоѓа двокрилна резбарена врата која датира од XVI век и припаѓа на прилепско-слепчанската школа.

Конзервација врз живописот е извршена во 1959 година.

Манастирот Зрзе е еден од најстарите и најзначајните монашки центри во средишниот дел на Република Македонија, а неговата духовна традиција започнала со ширењето на христијанството во овие предели. Можноста непосредно да го согледаме големото значење на Зрзе за проучувањето на средновековната култура и историјата на христијанството ја имавме преку учеството во систематските археолошки истражувања во објектите од бигорната карпа. Покрај интересот за организацијата на монашкиот живот во зрзевската монашка населба од особено значење за нашите истражувања беа фрагментите од фрескодекорација пронајдени со ископувањето на археолошките слоеви во внатрешноста и непосредната околина од два објекти со сакрален карактер, номинално определени како пештерна црква и параклис. Историјата на манастирот по изградбата на црквата Св. Преображение на горното плато од бигорната карпа може попрецизно да се проследи благодарение на бројните записи и натписи. Се чини дека токму натписите од ѕидовите на зрзевскиот католикон, кои се од големо значење како историски документи, биле главната причина за популарноста на Зрзе во науката, а самото ликовно творештво се вбројува меѓу највредните остварувања во византиската и поствизантиската уметност.



Манастир Св. Преображение, Зрзе



Фрески на надворешната страна



Натписи над влезовите на црквите
во комплексот на манастирската црква во Зрзе

Зрзевската мирска црква својот денешен облик го добила преку неколку доградби и приспособувања кои се случиле во текот на подолг временски период. Црквата е составена од три одделенија организирани под двосливен кров со несиметрични страни. За точната хронологија на подигањето на црквата Св. Никола не располагаме со пишани податоци. Информациите за ктиторството и создавањето на живописот неповратно се изгубени со уништувањето на ктиторскиот натпис, којшто бил испишан над западниот влез во наосот. Најраниот историски извор за постоењето на мирската црква се османлиските пописни дефтери од средината на 15 век. За пораниот датум на нејзината изградба сведочи фрескоиконата на Богородица Одигитрија, која е насликана во плитка ниша на некогашната северна фасада, а чии ликовни особености се карактеристични за уметноста од последната четвртина на XIV век. Од северната страна на првобитната црква бил дограден параклис кој се протегал по целата должина на наосот. На источната страна од параклисот е формирана полукружна апсида, целосно вдлабена во ѕидната маса поради што не се одразила во екстериерот на црквата. Првична студија посветена исклучиво на сликарството од XVI век во олтарот и наосот на црквите Св. Преображение во Зрзевскиот манастир и Св. Никола во селото Зрзе направил Бошко Бабиќ. Притоа, авторот направил опис на сликаната програма во двата споменици и ја потврдил сопствената теза за атрибуцијата на овој живопис како дело на Онуфриј Аргитис, уште еднаш датирајќи го во 1535 година.

Во словенскиот натпис од 1369 година како и во оној од околу 1400 година, јасно се гледа дека манастирот Св. Преображение во село Зрзе го основал монахот Герман во времето на српскиот владетел цар Душан. Манастирот бил обновен од неговите внуци Прибил и Пријезд, подоцна познати

како зографи Јован и Макарие, кои заедно со својата мајка дале да се живописа западниот дел на црквата во спомен на таткото и сопруг по име Хајко (Харитон).

Живописот во припратата е насликан во 1368/9 година. Сликарот од западниот дел од црквата направил посебен параклис со необична иконографија за овој простор: на западниот ѕид ја насликал композицијата Гостољубие Аврамово, а под неа Причестување на апостолите. И двете композиции имаат евхаристична симболика и се сликаат во олтар. Деисизот со дванаесетте апостоли, поставен на иконостасот е дело на јеромонахот Макарие, а го изработил околу 1400 година. Источниот дел од црквата во почетокот на XVI век е пресликан од зографот Онуфрие, кој подоцна ќе ја живописа и црквата Св. Никола во истото село.



Црква Св. Никола во селото Зрзе



Внатрешноста на црквата со дел од фрескоживописот на црквата Св. Никола во село Зрзе

Конзерваторско-реставраторски работи врз архитектурата и живописот се започнати во 1960 година. Во 1999 година преземена е превентивна заштита на живописот во црквата и тремот.

Поствизантиски период

Со доаѓањето на Османлиите на Балканот прекината е нишката на иконописното и живописното творештво на територијата на денешна Македонија. Турските власти ги респектирале старите цркви и манастири, но забраниле да се градат нови. Поради тоа, фрескосликарството постепено ги напушта тогашните културни центри и воопшто градските средини и преоѓа во селските средини, каде тајно се граделе нови цркви.

Во овие услови фрескоживописот и понатаму продолжува да егзистира, но се разбира не со оној занес и перфекција од претходниот период. Зографите и иконописците образованието го добивале во некоја од локалните сликарски работилници или биле необразовани, така што сликарството во поствизантискиот период во уметнички и теолошки поглед доста заостанува зад сликарството од претходниот византиски период.

Во населбата Варош, позната по занаетчиската и уметничка традиција која доживува највисок процут во XIV век, по падот на државата на кралот Марко, нов живопис добива само малата црква Пресвета Богородица Пречиста. Во лунетата над влезната врата е претставена Богородица со Христос. Долгиот посветен натпис на надвратникот е доста оштетен, така што едвај можат да се прочитаат имињата на киторите Павле и Радослав и годината на живописување 1420/21.

Ликот на Богородица Оигитрија, иако јасен во контурите, мошне е оштетен, така што не може многу да се зборува за квалитетите на уметничката постапка. Општата поставеност на фигурите и убавината на цртежот на сочуваните делови на облеките на Богородица и Христос, сведочат дека мајсторот израснал во една средина во која уметноста имала традиција. Овде се чувствуваат сигурните вредности на пелагониското сликарство од втората половина на XIV век во чијшто развој посебно место заземала работилницата на митрополитот Јован и јеромонахот Макариј, кој најверојатно ја насликал оваа фреска. Во 1990 година без одобрение од Завод и Музеј - Прилеп, фреската е пресликана со нов слој на маслена боја.

Живописот во наосот и олтарот е скоро целосно уништен од пожарот што црквата ја зафатил во седумдесеттите години на XX век.

Црквата Св. Илија во село Долгаец е прво архитектонско остварување во раните години на турското владеење, а во исто време и целосно насликана. Се наоѓа непосредно до селото, од

неговата северозападна страна. Таа е мала, еднокорабна, гробна црква, рустикално ѕидана со камен во варов малтер. Користеле локален материјал со што се одолговлекува нејзиното градење, а тоа секако се случува по смрта на Мурат II (1451). Централно на јужниот ѕид се наоѓа ктиторски натпис од кој можеме да прочитаме дека црквата Свети Илија Тесвичанин, е подигната во 1454 година по заслуга на сите „мали и велики“ жители на село Долгаец. Исто така се истакнува дека црквата е градена во времето на Мухамед II освојувач (1451-1481) односно, кога на престолот на прилепската епархија се наоѓа митрополитот Давид Харисен.



Црквата Св. Илија во село Долгаец



Фрескоживописот на северниот ѕид
во црквата Св. Илија во село Долгаец


Иконографски во оваа црква се додадени сцени кои се претставени со влијание од XIV и XV век. Грубиот сликарски јазик со кој работел мајсторот на фреските во Долгаец ни остава простор за размислување дека самиот мајстор е школуван во некој поголем центар.

Во неговите дела се чуствува нагласеност на графичката претстава на ликовите, суровата живост на колоритот со едноставност на претставените композиции. Од движното културно наследство во оваа црква се евидентирани пет икони како споменици на културата. Во 1999 година извршена е превентивна заштита на живописот. Додека во 2017 година оваа црква е валоризирана.

Во едно заокружување од 3-4 километри со останатите поствизантиски цркви во Долгаец, Зрзе, Костинци, Слепче изградена е гробна црква непосредно до селото Рилево посветена на Александрискиот патријарх свети Атанасиј. Податоци за времето и приликите за изградбата наоѓаме на ктиторскиот натпис кој е поставен над бифората, на јужниот ѕид од внатрешната страна, каде се вели дека црквата е изградена во 1627 година од мајсторот Иван од Крушево и зографот Јон од Костур.



Црква Св. Атанасиј во с. Рилево



Икона



Фрески во олтар

Денешниот изглед на црквата како и повеќето цркви, градени во овој период на отоманското владеење, се должи на неколку фази на изградба.

Првата фаза е од првата половина на XVII век односно пред 1625 година. Додека втората фаза на црквата е припратата. Според достапноста на истражената на оваа црква е утврдено нејзиното градење и живописување во XVII век. За нејзината изградба постои натпис кој е напишан на црковнословенски јазик и во него се споменува дека црквата е завршена 1627 година. Втората фаза на градење и фрескоживописување на црквата е потврдено со натписот поставен над влезот во црквата кој е испишан на црковнословенски јазик во осум редови и се споменува годината 1871 и зограф и мајстор од Крушево. Со ова се потврдува фактот дека во 1871 година е срушен западниот ѕид на првобитната црква и на западната страна е доградена припрата која е фрескоживописана истата година. Изборот на концепцијата на иконографската програма е карактеристичен за сите поствизантиски цркви со извесни промени наметнати од архитектонскиот склоп на црквата. Зографот Јован се потрудил во малите димензии на црквата да смести што повеќе композиции кои имаат локален традиционален манир и поседуваат скромни сликарски можности. Во црквата се регистрирани 22 икони, од кои 13 се од XVII век, а останатите се од XIX век.

Црквата Пресвета Богородица во село Костинци е подигната и живописана во 1624/25 година.

Иконографијата и распоредот на композициите се вообичаени за црквите подигнати и живописани во турскиот период. Во XIX век целиот живопис е пресликан со нов слој.



Црквата Пресвета Богородица во село Костинци



Ктиторски натпис



Прва зона фрескоживопис

Во првата зона се насликани светители во цел раст: свети воини, свети врачи, Деисиз на северниот ѕид до иконостасот, св. Никола на јужниот ѕид и архиереи и Визијата на Петар Александриски во олтарниот простор. Овде доаѓа до израз анатомската точност и елеганцијата на фигурите, особено на Богородица и Св. Јован Крстител во Деисизот и богато украсениот престол на кој седи Исус Христос. Во втората зона се насликани Големите празници, а на сводот Исус Христос од Вознесението, Богородица, Исус Христос Пантократпор и Исус Христос Ангел. На источниот ѕид од внатрешната припрата е насликан Страшниот суд, кој при проширувањето на влезната врата е оштетен.

Иконографските и стилските поврзаности со сликарството од црквите во селата Рилево и Зрзе, упатуваат дека најверојатно зографите од Костинци припаѓале на групата линотопски сликари или пак на локални зографи кои биле под нивно силно влијание.

Во 2003 година Завод и Музеј - Прилеп заврши со конзервација на архитектурата и живописот која траеше неколку години. Денес живописот од XIX век е симнат, а живописот од XVII век е целосно конзервиран и презентиран.

Од фрагментарно зачуваниот живопис во црквата Св. Атанасие во село Галичани може да се заклучи дека во поглед на уметничката вредност тој може да се вклучи во редот на просечните достигнувања од првата половина на XVII век. Во 1999 година преземена е превентивна заштита на живописот.




Црква Св. Атанасие во село Галичани

Манастирската црква Свети Никола, во село Слепче, сместена е во средишниот дел од источната половина на манастирскиот двор. Натписот над влезот на црквата од внатрешната страна укажува дека црквата била изградена и зографисана во 1674 година, од натпис на мермерната плоча во олтарскиот простор. Како година на изградба се среќава 1673, а според други извори наведено е дека црквата била изградена во 1672 година.

Од натписот над влезната врата се забележува дека ктитори на црквата биле игуменот и јеромонах Сергиј, јеромонахот Никифор, монахот Кирил, монахињата Јаникија, како и имињата Џоре, Михо, Тоде, двајца со име Петко, Цветко, Никола и Јосиф, кои веројатно биле мештани вклучени во црковниот одбор. Поголемиот дел на имињата од овој натпис се споменуваат и на натпис на мермерната плоча од олтарниот простор, а на него се среќаваат и нови имиња, како Јован, Јанко, јерej Неделко, Фило, Марко и Огнен.

Градбата на црквата претставува карактеристичен пример на црковната архитектура во Македонија од XVII век. Таа е еднокорабна, без апсида, со мали отвори на источната и јужната страна и со единствен влез на западната страна. Фасадите не се украсени, а градбата е покриена на две води. Во поново време, кон западната страна бил дограден затворен трем.

Натписот над влезната врата и фрескоживопис на северниот ѕид во манастирската црква Св. Никола, с. Слепче

Над влезната врата на црквата е живописан ликот на свети Никола со мали претстави на Богородица и Исус Христос од двете негови страни. На западниот дел од јужната страна има ниша со фреска на којашто е претставен Исус Христос на престол со наклонети фигури на Богородица од неговата десна и свети Јован Крстител од неговата лева страна. Црквата има иконостас којшто претставува богато резбарско и иконописно дело. Царските двери и Големиот крст со двете ламји го одразуваат влијанието на Атос. Како автор на резбарско-сликарските работи на царските двери може да се смета игуменот Сергиј кој оставил потпис на дверите. Од негово време потекнуваат и престолните икони на Богородица со Исус и Исус Христос, што е забележливо и од натписот на самите икони, како и чинот на Дванаесетте апостоли кој се наоѓа над престолните икони. Во најгорниот дел, иконостасот завршува со Големиот крст со Распетието Христово и две ламји. Внатрешноста на црквата е живописана во целост, а особено е впечатлива црнобојната основа. Не е точно наведено кои се зографите кои го изработиле живописот, но од ктиторскиот натпис над влезната врата се добива впечаток дека тоа се игуменот Сергиј и јеромонахот Михаил поради тоа што во натписот е наведено дека јеромонахот Михаил бил негов ученик. Меѓутоа, за автор на живописот се посочува зографот Коста од костурското село Линотопи, чие име се споменува во манастирскиот триптих. Во 1998 година преземена е превентивна заштита на живописот, а во 2004 година започнат е процесот на конзервација.

Доцен период XVIII-XIX век

Кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век во Турската империја настануваат крупни општествено-политички и економски промени, како резултат на воените порази, што ја доведуваат земјата во економска и политичка зависност во однос на европските земји. Со постепено истиснување на спахиството како оживеан облик на воениот феудализам и афирмирање на стоковно-паричната размена, селското стопанство се насочува кон стоковно производство, занаетчиството се унапредува и зголемува во обем.

До крајот на XVIII век македонското население главно живее и работи во село. Во првата половина на XIX век поради внатрешните немири во државата, грабежите и насилствата врз селаните и манастирските имоти, се засилува преселувањето на македонските селани во градовите. Отвореният процес на населување на селското население во градовите продолжува и кон средината на XIX век, кога градот покажува највисок степен на економски подем. Тоа постепено се конституира во влијателен општествен и економски фактор во градовите и покажува влијателен интерес за зацврстувањето на својата положба на културно-општествен план.

Влијанието на општествените односи ќе се почуствува врз најшироките основи на духовен и културно-просветен и уметнички план. Се отвораат школи со обележја на ќелијни училишта, се воведува црковнословенскиот јазик во богослужбата, се изучува народниот јазик. Се јавува сериозна иницијатива за градење верски објекти со впечатливо големи димензии, пространи и од траен материјал. Градежната дејност ја следат живописот и иконописот. Тековите на националната независност, стремежите за самостоен културен и уметнички живот се одвиваат во рамките на црковната еманципација.

Развојот на уметноста во XIX век се одвива во мошне тешки, сложени и специфични, општествено-политички и историски околности, со што уметноста наоѓа своја тема и инспирација во постоењето на Света Гора, која во XVIII век сè уште претставува моќен уметнички центар на Балканот. Според тоа, духот и стилот на оваа уметност се нераскинливо сврзани со континуираниот тек на поствизантиската уметност. Универзалната идејно-уметничка концепција, што ги опфаќа традиционалните естетски правила, формирани врз широката платформа на византиската, односно поствизантиска уметност, претставува трајна константа на уметноста од XVIII век.

Во првата половина на XIX век дејствуваат релативно мал број познати и анонимни зографи, кои доаѓаат од подрачја со значително постара и поразлична сликарска традиција.

Но, со подобрувањето на економската состојба се создаваат значајни услови за подигање на општиот подем на културниот живот, со што се појавуваат поголеми потреби за подигање цркви, а со тоа и на нивно украсување и се создаваат услови за приклучување на роднокрајните зографи.

Во XIX век во Македонија се афирмираат многу вешти иконописци, кои по порачка за изработка на икони ја крстосуваат целата земја и оставаат огромно културно наследство од преку 25 000 икони. Поголем број од нив, поради високата уметничка вредност, од музејските институции се евидентирани како споменици на културата.

Во селските места во околината на Прилеп од ова време датираат поголем број помали еднобродни цркви со скромни димензии и архитектонски градителски решенија. Исклучок се неколкуте трибродни цркви во селата Бешиште, Тројаци и Тополчани, села кои веројатно биле со поголема економска моќ. Фрескоживописувањето на црквите во периодот на преродбата е со доста поскромен уметнички квалитет и покрај обидите на некои мајстори да го достигнат нивото на стариот византиски стил.

Прилеп иако бил поголем град со 10-12 илјади жители, до овој период воопшто немал црква. Христијанското население своите верски обреди ги обавувало во бројните постари цркви, како и во манастирот Св. Архангел Михаил во блиското тогашно село, денес приградска населба Варош.

Во 1838 година граѓаните успеале да добијат царски ферман за изградба на соборниот храм Св. Благовештение. Тоа е монументална трибродна црква, со три полукружни апсиди на источната страна и извонредна архитектура.



Соборниот храм Св. Благовештение, Прилеп

Над јужниот и северниот брод се протегаат галерии, а над западниот портал исто така е изградена галерија која претставува простор за црковниот хор. Најимпресивен дел во овој сакрален објект е изработената резбана дрвенарија, односно иконостасот, владичкиот престол и амвонот (певница).




Внатрешноста на Соборниот храм Св. Благовештение, Прилеп



Иконостасот на којшто преовладува билна орнаментика е изработен од познатиот мајстор копаничар Димитар Станишев, додека владичкиот престол и амвонот се дела од најпознатиот копаничар во Македонија и на Балканот, Петре Филипович Гарката. Покрај монументалниот иконостас во црквата се наоѓаат поголем број вредни престолни и слободни икони.

Благодарение на влашкото и гркофонско лоби, во 1871 година исто така е издејствувано добивање дозвола за подигање на црквата Св. Преображение позната како „Грчка црква“. Црквата претставува тробродна петтокуполна градба во впишан крст со назначена централна купола. На северозападната страна се простира долг трем кој е поставен на пиластри и лакови. Фрескоживописот во црквата е со скромни уметнички квалитети.




Црквата Св. Преображение, позната како „Грчка црква”

Во втората половина на XIX век се одвива значајна сликарска дејност од Адамче Најдов и Јован Будимир кои се родени во Прилеп и кои се стремат кон зачувување на сликарството во неговиот неизменет традиционален стил. Посебна заслуга му припаѓа на Адамче Најдов Јанов, кој извршил големо влијание врз зографот кој работи во црквата Свето Благовештение во Прилеп на престолните икони.

Истражувајќи го градот Крушево се доаѓа до информации за три издвоени групи на зографи кои работеле во овој ист период. Михаил од Самарина, еден од истакнатата лоза Зиси, со неговите синови Димитрие и Никола. Од истата лоза е и Атанас, со неговите синови Коста, Никола и Вангел. Третата група на зографи е од рензовскиот род, Станко и неговиот син Стојанче.

Во осумдесетина цркви и манастири во прилепскиот поширок регион може да се сретнат икони од познати македонски иконописци. Од локалните мајстори од периодот на преродбата со своите колорити и складно обликувани ликови на светците препознатливи се зографот Адамче Јанов Најдов и неговиот ученик Јован Атанасов Прилепчанин, особено зографот Адамче кај кого доминираат неговите Богородици со Христос. Силен белег со своето присуство и творење на територијата на општина Прилеп оставиле зограф Дичо од Тресонче и неговиот син Адам, Спасе од Гари, зограф Папрадишки, Костантин со тајфата од Крушево, а посебно тајфата на извонредниот мајстор Петре Филипович Гарката и неговиот зет Димитар Станишев.

Збирка на графички листови

Колекцијата хартиени - графички икони при НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп се вбројува меѓу најзначајните збирки од овој вид на Балканот. Оваа колекција ја сочинуваат стотина графики коишто се изработени од гравери чија цел била да ја презентираат православната религија преку приспособување на старата техника со нов материјал, додека содржината е паралела на традицијата со религиозното сликарство. Техниката се состои во гравирање на цртежот во дрвена или метална плоча којашто потоа е премачкувана со боја и под притисок втиснувана врз лист хартија. Тие носачи на цртежите: глинени, дрвени и метални плочи, се архолошки потврдени кај древните цивилизации.

Крајот на XIV век се смета за време на инаугурирање на графиката. Тоа е периодот кој се обележува со нови импулси во социјалниот, стопанскиот, културниот и религиозниот подем на западна Европа, кога започнува помасовната изработка на хартијата.

Пред појавата на процесот на печатење, наједноставен и најчесто применуван начин на комуникација била усната комуникација. Тоа е период кога писменоста е на ниско ниво, а книгите се достапни за мал број луѓе и претежно се со религиозен карактер, препишувани и илуминирани во манастирските скрипториуми за религиозни цели.

На балканските простори графиката за првпат се јавила во XV век, воедно тоа е времето кога графиката за првпат се среќава и во Македонија како илустрација во црковните книги. Тоа е време на османлиското владеење кога Црквата грчевито се бори да ја зацврсти својата вера и тоа потпирајќи се најповеќе врз ракописната традиција, како и врз православната византиска иконографија. Илустрациите за книгите биле вешто изработувани, а иконографијата внимателно селектирана.

Црквата како стожер на верата била принудена да ги прифати и да се приспособи на новонастанатите сосотојби.

Најсилното упориште на православието во овој период е Света Гора. Во XIX век на Света Гора графичката уметност доживеала масовно прифаќање. Оваа уметничка гранка се негувала и во претходните два века, така што се изработувале скромни дрворези од монасите, а бакрорезите најчесто се нарачувале од Венеција, Виена, Москва и Константинопол.

Првите автори кои работеле на крајот на XVI век биле скромни и анонимни. Основоположник на балканската графика е македонскиот зограф и гравер Христифор Жефаровиќ, кој своето основно знаење за сликарството го добил преку изработувањето сликарски ерминии од кои еден примерок е сочуван во библиотеката на романската Академија. За жал, негови дела немаме во оваа колекција. Дел од неговиот опус на графики се присутни во светогорските манастири. Паралелно со Жефаровиќ работат и други гравери, кои се познати според нивните дела кои се распространети низ црквите во Македонија. Меѓу нив се истакнуваат имињата на српскиот бакрорезач Захариј Орфелин (1726-1785), рускиот монах Акакиј кој работи во XVIII век, потоа се среќаваат дела од граверот Антониј Јовани Зулијани во Венеција, познати се и графиките работени во печатницата на Антонио Бартоли во Венеција, познатите крушевски златари Кирил и Тома Сидер.


Првите графики од Македонија се откриени во Прилеп, во црквата Св. Димитрија во Варош, во 1968 година кога под раководство на д-р Бошко Бабиќ се извршувале конзерваторски работи врз архитектурата на црквата. Второто откритие на графики е во 2003 година, повторно при извршувањето на конзерваторските зафати на кровната конструкција во црквата Свето Благовештение, под раководство на дипломиран архитект конзерватор Илија Ристески, кој потоа ги известил колегите Славица Алексоска − виш кустос историчар на уметност и конзерваторот Горан Стојаноски. Дел од пронајдените графики се припишуваат на Константиновата печатница, дел се графики на Антим од Пелопонез, на монахот Кирил, на Партениј од Закинтос, како и отпечаток од бакрорез од 1780 година, дело на Захариј Орфелин и многу други. Графиките се со религиозни сцени и панорамски погледи на манастирите од Света Гора, на планината Синај и на други места, погледи на цркви со светителите − заштитници и споредни сцени со сцени од животот на светците. Панорамски погледи на манастирите се изведени под силно влијание на ренесансата. Во најголемиот дел колекцијата се состои од гравури направени на Света Гора од јеромонаси, монаси и лаици гравери и златари, чие мнозинство имало работилница во Кариес, главниот град на монашката заедница на Света Гора. На отпечатоците има натписи кои ги споменуваат имињата на нивните творци.

Најстарата графика од оваа колекција, со претстава на Богородица со Христос е пронајдена во црквата Свето Благовештение во Прилеп и се чува во самата црква. Датирана е

од 1725 година. Оваа графика е реплика на чудотворната икона Богордица Черниговска – Илинска, чиј култ бил обновен кон XVII век во Светотројанскиот Илински манастир.




Пресвета Богородица, XIX век



Богородица со Исус



Свети Димитрија, XIX век



Богородица Елеуса, 1833 г., Венеција

Мимоза Христоска
виш кустос

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

Одделението за историја на уметност функционира од 1960 година, најпрво во рамките на тогашниот Народен Музеј – Прилеп, во почетокот како Галерија, а во 1981 година со прераснувањето на институцијата во Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости и Музеј се води официјално како Одделение за историја на уметност.

Според истражувањата по хронолошка датација на опсервираниот материјал, одделението е поделено на четири реферати: ***Реферат за византиски период, Реферат за поствизантиски период, Реферат за доцен период – XVII - XIX век и Реферат за современа уметност.***

Одделението за историја на уметност прибира, документира, се грижи, заштитува и обработува дела од областа на современата ликовна уметност од македонски и странски уметници, организира тематски изложби и стручно водење низ постојаните поставки и го публикува истрагениот материјал.

Ова одделение брои вкупно 136 уметнички дела, слики, графики, цртежи со молив, од домашни и странски ликовни уметници. Најбројна е збирката цртежи од Ѓорѓи Ачески-Аче и збирката масла на платно од Мајк Клос.

Останатите 11 уметнички дела се од различни автори и во различни техники.

Збирка од прилепскиот уметник Ѓорѓи Ачески-Аче (1914 - 1975)

Збирката ја сочинуваат 27 цртежи со туш на хартија, на тема стара македонска архитектура и пејзажи, дела кои претставуваат вистински бисер во македонската уметност. Нивното значење е големо не само од уметничко естетски, но и од историски и културен аспект. Тоа се цртежи − документи за едно минато време, за старата архитектура од педесеттите, шеесетите и седумдесеттите години на минатиот век.

Ачески е роден во Прилеп на 10 април 1914 г. Неговиот животен пат го трасирала уметноста. Аче бил вонсериски талент со немирен и бунтовен дух, со едно претчувство дека треба да се оддаде на уметноста, за што бил охрабруван од мајстор Дичо кој му велел: „*Или уметник, или ништо*“. Ѓорѓи Ачески спаѓа во забележителната група автодидакти кои се

основоположници на уметничкото движење во Прилеп пред Втората светска војна, подучувани од Велебит Рендиќ. Во 1937/38 година посетувал курс по сликарство кај познатиот сликар, професор Петар Добровиќ на „Коларчевиот универзитет“ во Белград, кој за жал го прекинал поради повикот за воена вежба во Скопје. Во 1945 година во Скопје го посетува 6-месечниот курс за наставници по цртање, со што ја остварил својата намера да предава цртање во прилепската гимназија (1945/46 год.) Неговиот обид да се запише на Ликовна академија во Софија, не успеал поради немање средства. Но, за Аче секој неуспех започнувал со нов почеток и секогаш подобар и помотивиран за работа. Учествувал во работата на ликовната секција во друштвото „Абрашевиќ“. Цртал со молив или со дрвце (чепкалка за заби) и туш врз бела хартија (најчесто хамер или лист од блок бр. 5). Ачески останува врзан за трошната стара архитектура.

Цртањето во техника туш на хартија е фаворизирано од уметничките групи кои експериментираат со изразни медиуми, какви што се најстарата *уметничка дружина* во некогашна Југославија „ЛАДА“ и „ЕХАТ 51“, кои воедно се обележје на белградското авангардно движење од минатиот век, поттикнато од Минхенската уметничка школа, чиј претставник е Љуба Ивановиќ – првиот учител по уметност на Аче. Според тоа и нашиот Аче се вбројува во редот на југословенската авангарда на XX век.

Животниот пат на Ачески бил турбулентен, но тој навистина живеел за уметноста велејќи: „*Сликањето ми е секојдневност, нешто без кое не можам*“. И навистина, во секоја повлечена линија се препознава неговата жед и жарот со кој создавал и цртал, во едно време кога севкупните состојби и социјално-економските прилики биле поразлични и малку потешки за афирмација на уметноста и уметникот. Благодарение на неговата непоколеблива природа и трудољубивост денес сме побогати со над 4000 цртежи во кои успешно го документирал нашето минато. Овие цртежи од денешен аспект претставуваат историско сведоштво со големо културно и уметничко значење. Трошната стара архитектура ја гледал *an plen er* седејќи пред своите модели, на своето триножно столче и со дрвце натопено во туш на белата цртачка хартија трпеливо и умешно ги гравирал старите прозорци, гелендри, конзоли, еркери, стреи, од некогашните домови на пријателите, соседите, дуќаните на занаетчиите, го цртал она што неговото око го перципирало во даденият момент за што знаел да каже: „*Еден ден старата*

архитектура ќе ја има само на моите цртежи“. Неговите дела оставија свој печат на нашата историја и идентитет. Ачески велел: „*Колку што можам да го збогатам своето творештво, а тоа подоцна да стане благо за Прилеп, за еден град чија „генеза“ е репродуцирана на моите слики*“.

Ние можеме да заклучиме само дека навистина успеал не само Прилеп, туку и многу други градови, села и предели низ Македонија и Југославија да ги овековечи и со цртеж да ги долови и сочува од заборавот.


Денес многу од неговите цртежи се наоѓаат по индивидуални домови, институции, музеи, галерии низ Македонија, но и низ бившите југословенски републики како Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора и др. Од денешна временска дистанца може да кажеме дека се единствени и уникатни дела на македонскиот цртеж и од естетски аспект и од културен, како сведоштва за животот и духот на едно минато време, различно од денешното.

Ачески го обезбеди своето место во вечноста. Годинава на датумот на неговото раѓање 10 април 1914 г., Заводот за заштита на спомениците на културата и музеј – Прилеп, својот јубилеј 70 години од формирањето, го отпочна со јубилејот „111 години Аче“ со реализирање изложба на неговите цртежи, во галеријата „Бабанеделино училиште“. На истата беа презентирани 27 дела цртежи од музејската збирка, но за првпат беа изложени пишани материјали од неговите дневници во ракопис и дела во сопственост на неговото семејство.


Во оваа прилика изразуваме благодарност за соработката на раководителот на архивата на МАНУ Љубомир Ѓоревски, кој најпрофесионално и најљубезно нè упати во работата и ни го стави на располагање целокупниот фонд „Ѓорѓи Ачески“ од архивот „Харалампие Поленаковиќ“ при МАНУ, како и до ќерката на уметникот – Викторија Смилеска.

Посетеноста на изложбата само го потврди значењето на уметникот Аче. Галеријата беше премала за да ги собере сите љубопитни посетители. Восхит и позитивна енергија струеше меѓу посетителите. Аче одново е достојно испочитуван од своите сограѓани. Постарите се потсетија, а помладите за првпат се запознаа со ликот и делото на овој уметник. Делото и ликот на Ачески беа претставени во полн сјај, токму како што заслужува неговиот талент и карактер, заради неговата непоколебливост, заради пргавоста и потребата што ја имал да црта постојано, да го зачува времето од незаборавот. Неговите цртежи се полни со живот и приказни за едно време навидум

сиромашно, но богато по дух. Ако не беше Аче, не ќе беше ни старата чаршија, ни занаетчиските дуќани, ни куќите, ни оваа стара архитектура. Минатото ќе го немаше овој албум со спомени. Ачески е чувар на незаборавот. Неуморен цртач, непоправлив оптимист, чија потреба да создава уметност е рамна на потребата да се преживее и опстои во секоја смисла на зборот. Гладта да создава никогаш не ја заситил. Тој е личност која по секој пад и разочарување уште посилно поупорно, и во подобра кондиција продолжува да твори. И во моментите на недостиг на цртачки материјал, бел лист хартија, Ачески сликал и на другата страна од веќе насликаниот лист, белината ја почестувал со уште една, со негови очи видена претстава. Еден таков двостран цртеж имаме во музејската збирката. Аче подеднакво бил успешен не само во цртањето стара архитектура, ами и во цртањето портрети. Бил сестран уметник, самоук, интелектуално поткован, самиот вложувал во себеси. Ачески бил високо ценет и од тогашната критика, и како личност и како уметник. Заклучокот е дека Аче го достигнал зенитот во уметност, а кога бил прашан од новинарите дали знае колку цртежи има и каде се наоѓаат секогаш одговарал со негација „Не, не знам“. Талентот му оставал простор само да создава не оптоварувајќи се со бројноста на цртежите.



Постер од изложба



„Стара архитектура“, цртеж со туш на хартија,
Ѓ. Ачески-Аче, 1955 г.



„Морско океански богатства“, цртеж со туш на хартија,
Ѓ. Ачески-Аче, 1960 г.




„Куќата на Стеван Роскопо“, цртеж со туш на хартија,
Ѓ. Ачески-Аче, 1961 г.



„Стара чаршија - казанџиите“, цртеж со туш на хартија,
Ѓ. Ачески-Аче, 1962 г.

Ачески како да имал потпишано доживотен договор сам со себе, и тој договор го испочитувал за што доказ се неговите цртежи кои денес ги красат ѕидовите во многу простории од институции, галерии и приватни домови. Она што го кажал тогаш денес е вистина, дека еден ден, старата архитектура ќе ја има само во неговите цртежи. Денес, во новиот век, споменарот со татковските и дедовските куќи и дуќани го сочинуваат неговите цртежи. Постарите генерации со благопријатност ќе ја нахранат носталгијата за минатото, а помладите за првпат ќе го видат минатото пред себе. И секој може да ја започне својата приказна за овде и некогаш. Ачески бил пример за успех и кога условите биле буквално оскудни, тој чекорел само напред, не оставал простор за очајување, ниту пак помисла за откажување, напротив уште повеќе се вложувал себеси, несебично го давал својот талент, цврсто верувајќи дека еден ден неговата работа ќе биде од корист.




„Саат Кула Прилеп“, цртеж со туш на хартија,
Ѓ. Ачески-Аче, 1971 г.

Уметнички слики од познатиот канадски академски сликар и уметник Мајкл Клос, (1954 г., Торонто)


Мајкл Клос е канадски сликар со македонско потекло. Во сликарството на Клос има нешто повеќе отколку само академска пракса – има чиста порака за неговата сопствена двојност. Однадвор композиции типични за европските креации, а одвнатре карактеристики на американското сликарство. Неговата личност им припаѓа на двата света: европско-македонскиот и северноамериканско-канадскиот. Во неговото сликарство неколку европски влијанија се јасни: art nouveau, кубизам, фовизам и експресионизам, но не во форма на повторување на овие модернистички правци, туку со неговиот јазик рефлектирани во пост или нео-модернизмот.

Овие 98 уметнички слики, варијации на тема − портрет во мал формат, работени во акварел техника, мал дел во масло и туш, се подарени од авторот на Завод и Музеј - Прилеп во 90-тите години на минатиот век.

Нацртаните лица и делумните фигури се испреплетени со други асоцијативни форми и со незаборавен спектрум од црвени, зелени, плави, бели и црни линии. Преку овие линии гледаме како една боја раѓа друга, еден имиџ преминува во друг. Симболизмот му претставува друг проток на уметничкото претставување.



Портерет минијатура, туш и акрилик на хартија, Мајкл Клос, 1991 г.



Портрет минијатура,
туш и акрилик на хартија,
Мајкл Клос, 1992



Портрет „Доминик“,
акрилик на платно,
Мајкл Клос, 1993

Машките и женските, доброто и лошото, светото и вулгарното рефлектирајќи го двојното што егзистира во природата. Неговите портрети се кривулести биолошки некоректни лица, носеви и усти, амфас кој го сочинуваат два профили лев и десен, три лица во едно во зависност од кој агол и колку „длабоко“ го гледаме делото. Час ни личат како реални личности, за во следниот да ги доживееме како креација на нашата имагинација.

Клос има успешно излагано во Канада и Европа и неговите слики можат да бидат пронајдени во многу приватни колекции и во јавни галерии, како и во музеи низ земјите по светот каде патувал, изложувал и ги поклонувал своите дела.

Елизабета Иваноска
кустос

ЕТНОЛОГИЈА

Со формирањето на Народниот музеј во Прилеп како самостојна институција каде што се чува и презентира целокупното духовно и материјално наследство, постои и Одделението за етнологија.

Првиот званично заведен предмет во инвентарните книги е на 09.01.1956 година, но сепак ова Одделение не е активно во целост, иако Музејот повремено откупува или добива подароци поврзани со етнографското минатото на овие простори и така се формира основата на етнографската збирка. За пообемен и поосмислен раст на ова одделение не може да станува збор, затоа што Институцијата нема вработен етнолог.

Од 1987 година, со вработување на етнолог, активностите на ова одделение се зголемуваат со поинтензивен откуп на етнолошки предмети, евидентирање на истите, теренски истражувања и бројни изложби.

Во 1994 година е вработен и втор етнолог – антрополог, кој започна со водењето на Одделението за социјална и духовна култура, со што Институцијата започнува со покривање на ова мошне значајно, недопирливо културно наследство.

Во 2018 година е примен и трет етнолог, кој ја задолжи збирката на етнолошка материјална култура и со тоа Институцијата веќе го има затворено кругот на трите вида традициско наследство: материјална, духовна и социјална култура.

Денес, Одделението за етнологија е поделено на Референт за материјална култура и Референт за социјална и духовна култура.

Материјална култура

Збирките од материјалната традициска култура, односно етнографската збирка е поделена според материјалите од кои се направени експонатите, што неминовно води до различни производни техники, односно занаети, со сите последици што тоа ги носи, па имаме: збирка предмети од метал, збирка од накит, збирка предмети од текстил, збирка предмети од керамика и збирка предмети од дрво.

Збирката предмети од метал составена е од предмети со стопански карактер и предмети кои секојдневно се употребувале во домаќинството во XIX и XX век. Тоа се занаетчиски производи, кои се произведувале во градски услови од неколку видови занаетчии, но исто така имаме и импорти од други градови со поразвиени занаетчиски техники, како и странски импорти, кои зачестуваат по руско-турските војни, на крајот на XVIII и почетокот на XIX век.



Утија, железо, XIX век



Ѓум, бакар, XIX век

Збирката од накит содржи предмети кои се употребувале за украсување на човечкото тело и облека и секако, различни видови облека, што има долга традиција кај нашиот народ. Предметите се направени од метали, со доукрасување со скапоцени или полускапоцени камења, посребрување, позлатување, калајдисување, но исто така постојат и предмети направени од драгоцени и/или полудрагоцени метали. Овие предмети секогаш имале декоративна и апотропејска намена за заштита од „уроци“ и „зли очи“, но исто така „обезбедувале“ заштита од магии и сторенија во кои народот верувал не само овде, туку и низ целиот ареал на Балканот. Некои од нив носат и предисламски и исламски шематизирани синкретски наслаги, кои се одразени во мотивите така што се исчукани, ровашени, лиени, штанцани или пунктирани. Доста мотиви одразуваат остатоци на старите словенски верувања, посебно во женските богови и/или демони.



Пафти, сребро, позлата, XIX век



Пафти, сребро, седеф, XIX-XX век

Збирка предмети од текстил е поделена на два главни дела: носии и други предмети од текстил. Носиите се делат на селска и градска.

Носиите се најзастапениот облик на традициско материјално наследство во етнографските збирки и тие се собирани низ откуп и подароци уште од самиот почеток на формирањето на етнографскиот фонд. Посебен акцент е ставен на мариовските носии, кои се не само специфични, туку и претставуваат вистински раритет, од гледна точка на народната изработка, самата тежина на носиите, како и застапените мотиви на самите носии, кои се со прастара симболика. Самите носии, во минатото имале многу намени, а не само за заштита од временските услови. Имено, голем број носии имаат сопствен симболички „апотропејски оклоп“, затоа што тука среќаваме симболи за плодност, за заштита од очи и симболи на реинкарнација.

Во врска со селската изработка на овие несекојдневни носии, во минатото постоел цел систем занаетчии за припрема на материјалите за производство на облека и предмети од текстил, за валање, штавување и боење на материјалите (волна, козина, кожа), додека финализацијата била во домашна режија.

Сепак, за изработка и декорација на облеката постојат и народни „институции“ како што се „девојчините куќи“, каде младите девојки го учат занаетот за везење, плетење, ткаење, каде и го усвојуваат традициското декорирање, често без свесност за магиските и апотропејските елементи во нив.

Како и да е, богатството на народни носии е импозантно во оваа збирка.



Мариовска женска носија, XX век

Покрај носиите, оваа збирка содржи и килими, фути, ирамчиња, прекривки, кујнски крпи, простирки, макрамиња, чаршафи, како и делови од облека и обувки, кои се изработуваат со посебни техники и/или ги изработуваат вешти специјализирани занаетчии (опинчари, ортомари, бојаџии, мутафчии и сл.).

Збирката предмети од керамика се состои од предмети за секојдневна употреба, со едноставна форма и лесни за изработка, како и украсни предмети наменети за свечени и обредни моменти. Грнчарството како занает е доста застапено во прилепската околина и не спаѓа во „градско“ производство, затоа што е секогаш лоцирано во близина на наоѓалишта на добра глина. Уметноста на енгобирање и орнаментирање на грнчаријата е доста стара во прилепско и тоа посебно се прави со обредната теракота, односно со садовите, кои имаат култна улога за Велигден, Духови и некои други празници, поврзани со култот на претците и обредните лебови, поврзани со житниот демон.



Барде за вино,
керамика, глеѓосување,
XIX век



Барде,
керамика, глеѓосување,
XX век

Збирката предмети од дрво е најскромна по бројност и во поголем дел содржи предмети од стопански карактер, а во помал дел предмети од домаќинството. Предметите се од домашно и занаетчиско производство. Ова е разбирливо поради фактот дека дрвото е материјал кој најбргу пропаѓа под влијание на временски услови, но и под дејство на секојдневната употреба (утилитарност на предметите).

Ова одделение сепак има бројна збирка дрвени алатки, од селско-стопанската дејност, но и разни предмети од областа на покуќнината, кои се набавувале низ градот, а неретко се импорт од Турција, Србија, па дури и од Австрија и Влашко.



Кобле за боза, дрво,
XX век



Ковчеже-каса, дрво, кожа,
XIX-XX век

Истражувачка дејност

Главниот акцент во ова Одделение е ставен врз истражувањето на занаетите кои се денес на изумирање или повеќе ги нема во прилепската чаршија.

Од прилепските летописци дознаваме дека во прилепската чаршија имало над 38 занаети - организирани во еснафи, како што се: казанџискиот занает со 38 дуќани, ковачкиот занает со преку 60-70 дуќани, кантарџискиот занает, за изработка на кантари, кои биле барани како најдобри во тогашната Отоманската Империја, а кои се по облик англиска верзија на римските Кантариуси, со подвижен тег.

За најстар податок за еснафско уредување на некој занает дознаваме од „Кодикот на манастирот Трескавец" од крајот на XVIII век и тоа за ќурчискиот занает, а од летописите и патописите дознаваме за богато развиениот занаетчиски живот, до доаѓањето на Турците, кога карактерот и актерите на занаетчиското производство се знатно менети.

Има многу пишани и материјални податоци за Прилепски панаѓур од средината на XIX век, кој непрекинато траел 25 години и прераснал во меѓународен, затоа што тука доаѓале трговци и занаетчии од цела Европа и Блискиот Исток. Тоа се должи на фактот дека Прилеп ѝ бил даден како маазија (лено за издршка) на мајката на султанот, во 1852 година.

Со згаснувањето на панаѓурот и наглиот прилив на индустриска роба од Европа, започнува постепеното одумирање на занаетите. Тоа нагло се забрзува од половината до третата четвртина на XX век. На почетокот од XXI век има само неколку традиционални занаетчиски дуќани во прилепската чаршија, но од друга страна се појавуваат некои уметнички занаети за производство на сувенири, сакрални производи и сл.

Поради оваа ситуација, Одделението за етнологија во изминатиот период врши интензивни истражувања на занаетите кои биле застапени во прилепската чаршија. Засега истражени и документирани се следниве занаети: кантарџискиот, секирџискиот, ковачкиот, ножарскиот, казанџискиот, гајдаџискиот, кожуварскиот, јорганџискиот, самарџискиот, бочварскиот, ортомџискиот, наланџискиот и дел од грнчарскиот занает. Некои од занаетите се објавени во посебни стручни трудови.

Горанчо Цветкоски
кустос

Социјална и духовна култура

Ова одделение се занимава со сите аспекти на традициската нематеријална култура, сега наречена „недопирливо културно наследство“ и методологија на етнологија и антропологија, како и со другите етнографски и антрополошки теми, од интерес на Институцијата, кои вклучуваат методологии на етнологија, антропологија, социологија, феноменологија и современи аспекти на традицијата. Со тоа, тематското подрачје на ова одделение, спрема научната таксономија ги покрива двата вида културно наследство на етнологијата: социјална и духовна култура.

Сепак, социјалната култура кај нас слабо ја проучуваме и следиме, науката не ја следи современата состојба на социјалните феномени и традициски матрици токму затоа што е тоа доста тешко и бара големо знаење, додека духовната култура на нашиот народ, воглавно е мошне стереотипно и дефанзивно проучувана на ниво на појавност и феномен, а не низ научно пофундирани методологии, кои антропологијата ги нуди.



Завршеток на проектот „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“ во 2013 г.



Работилница со наставници од проектот „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2012 г.

Без амбиција да правиме дигресии, мораме да напоменеме дека социјалната и духовната култура – наспроти материјалната традициска култура зафаќаат „лавовски дел“ од целата традициска култура.



Следење на обичаите кои имаат организирана форма: Голем Петок во Варош

Одделението за социјална и духовна култура (ОСДК) следи и феномени и настани, кои припаѓаат во други научни референтни рамки (на пример – на социологијата, политикологијата или на историските науки), но имаат последици по инструментализација на јавното мислење, или се работи за пласирање празноверија и создавање лажни дискурси и предубедувања во јавноста. Тоа е форма на јавна одговорност на Одделението. Се разбира, ако овие прашања немале традициска основа и корен во социјалната или духовната култура на нашиот народ или на целото човештво, тие би биле предмет на матичните науки, кои за жал немаат методологија за третирање генеза на културни одлики, кои станале јавни и политички прашања, вообичаено, со мошне негативен јавен ефект.

Така, ОСДК го третира и прашањето на точноста на календарите и нашето прославување на годишните подвижни или неподвижни празници, за да се справи со пласираните теории за „погрешноста на православниот календар“.

Втор таков пример би било прашањето на традициска корупција, која е социјално и духовно фундирана во феноменот наречен општествено структуиран дефект (ОСД) и феноменот наречен „пљачкашко стопанство“, кои ниту социологијата, ниту криминологијата и политикологијата не можат да ги третираат, токму поради немањето методологии за тоа, додека во антрополошко светло, сите вакви појави лесно и јасно се

приведуваат пред разумот, давајќи им јавна слика на граѓаните за овој феномен, кој е предмет на политичка инструментализација и води до социјално разочарување, дезориентација и општа пасивност на граѓаните.



Натпревар во изведби на перформанси од социјалната култура, ЦК „Марко Цепенков“, проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2007 год.

Вака пласираните јавни предубедувања, кои треба да бидат споделени од медиумите или институциите да ги стават во своите стратегии, од кој било извор и со која било намера има уште многу и бара високо знаење и општествена одговорност од институциите, но и сериозно знаење за справување со нив.



Проектни изведби на учениците и снимање, проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2012 год.



Натпревар во изведби на перформанси од социјалната култура, ЦК „Марко Цепенков“, проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2007 год.

ОСДК го следи одвивањето на годишните традициски обичаи во јавната сфера (манифестации) и нивните промени, како фактографски, така и феноменолошки. Тука се опфатени јавните аспекти на обичаите: Коледе, Василица, Водици, Св. Трифун, Ѓурѓовден, Проштени поклади („Прочка“), Велигден. Предмет на одделението од овој аспект се и маскираните поворки во Македонија, пригодното маскирање по повод одредени празници или пригодни семејни обичаи, како и други социјални феномени со традициска матрица и генеза.

Заштитата на духовното и социјално културно наследство преку нивна утилитаризацијата за туристички цели, се одвива преку училишниот систем и овој значаен пристап ОСДК го користи како начин за опстојување на народните обичаи и верувања, но и повеќе, заштитата на овие видови социјално и културно наследство подразбира и заштита на кинетичкото наследство. Во тој поглед одделението работи на едукација на наставници и на училишни драмски групи за социјална и духовна култура, но исто така преку снимање глумечки перформанси со овие драмски училишни групи, со креативен пристап кон социјалната и духовна култура, како извор на теми и содржини за креирање „глумечки перформанси во народен стил“.

Овој пристап е поддржан преку објавување трудови во научна периодика за есенцијалноста на културното наследство, како предмет на туристичка експлоатација и преку развој на методологии за проучување на културните манифестации од позиција на теориите: култура и личност и култура и комуникација.

Како легитимно поле на работа на ОСДК е и состојбата со традициските празноверија кај нас, како што се: магијата, гатањето, јасновидството, празноверијата базирани на традициски матрици и сл.

Посебно внимание ОСДК посветува на етномедицинската практика и народните верувања. Во тој контекст ова одделение има издадено радио труд со наслов „Црвјарка“, во кој се опишува етномедицинската практика на вадење црви од ушите на бебињата во Прилеп, односно лекување на запаление на средното уво кај бебињата. Современата состојба со магиските дејствија од страна на голем број лица со „божја дарба“ и степенот на народно верување во нив е исто така предмет на овој реферат.





Курс за наставници за имплементација на проектна настава по социјална и духовна култура во пилот-класови, проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2012 год.

Дијапазон на интерес на ОСДК

- Методологија на етнологија (социјална антропологија);
- Народна религија;
- Табуа и општествени забрани (табуа за брак, раѓање, смрт, забрана во однос на полот, на крвни и духовни врски, однос со странци, од обредно–религиски карактер, во врска со одредени временски прилики, на исхраната, на земјоделски и сточарски работи, периоди на денот, денови во годината и временски интервали и сл);
- Обичаи од аспект на „обред на премин“: свадба, матура и полуматура, купување имот, иницијација на млади; (аспект на „обред на премин“, функционално, структурално, функционално–структурално, психоаналитички, комуникациски и сл.);
- Традиционални стопански правила: заедничка работа, моба, позајмица, систем на командување, решавање стопански спорови, воспоставување и одржување системи на стопански улоги, социјализација на децата во насока на одржување на системот и репродукција на системот;



Работилница за креативност за утилитаризација на културата,
проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2015 год.

- Фолклористика во врска со социјалната и духовната култура: јазик, максими, поговорки, гатанки, приспивни песни, детски игри;
- Селото како регулативна социјална заедница, роднинската регулација на пристапот кон добрата: Селски заеднички инсталации, поим за атар (синор), патишта, мостови, одводнување, наводнување, заеднички огради, одбранбени ѕидови, каптажи за вода, поила, пландишта, пасишта, амбари, воденици, валалници, боилници, катуништа, „сред село“, цркви и манастири, вакафски места, места за иницијација, објекти и површини за размена и трговија;
- Системи на регулација на заедниците: правила и процедури за избор на функционери, правила за избор спрема најстариот женски предок или избор по принципи на авункулат, правила за избор по - од властите дадени функции и статус, селско претставување пред власта и пред трети лица, обичајно-правни уредби;
- Селски суд („Старец“, кмет, поп, учител, мудрец, пљаку, „јак род како суд“) и поими за пресудување;
- Наследување (минорат, проста делба, делба по зони, делба на „горно“ и „долно“), мираз како наследување;



Увежбување на улоги пред снимање, проект „ Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2015 год.

- Селски функционери (кмет, гускар, говедар, овчар, учител, „старец – судија“, полјак, баждарџија, работни специјализанти), селски верски функционери (поп, бајачка, бабица, тажачка, кушачи, треварки, јасновидци, змејовчиња);
- Стопанска производна регулација: раситнување на земјиштето согласно преовладувачкиот роднински систем, трговија и размена со катуништата, плодоред, вршење, издиг на стока, пашитна регулација, „штета“, правила и редослед за

напојување, за молзење, користење стопански објекти, за поправка на објекти и за унапредување, правила на синхротон низинско-планински семеен режим на стопанисување, поими и верувања за сопственост;



Презентирање на снимени перформанси пред училиштата, проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2015 год.



Жири комисија за најдобар перформанс на Завршна манифестација, 2013 год.

- Стопанска магиска регулација (преземање млеко, умилостување, одбрана и пренасочување на штеточини, обреди за заштита на стока и посеви, периоди за зајадување плодови, табуирање на производни целини, табуирање на пристап до стопански објекти, табуирани производни периоди);
- Стопански обичаи за помош и испомош (позајмица, моба, испомош, работа за родот, преместување тешки објекти, сезонска испомош, моби за куќи и штали), регулација на специјални задолженија (дервенции, соколари, раја со специјални задолженија), стопански паритет (надокнада за занаетчиски услуги, надокнада за духовна услуга, паритет на различни работни операции, враќање заем со работа, враќање услуга);

- Обичајно право, семејно право (правила), родово право, женидбено право (правила на загледување, свадбени функционери, правила на просидба, обичаи на свадбата, свадбен верски функционер);
- Ставови и преовладувачки мислења (јавно мислење): пожелен лик за одредена улога (свршеник, невеста, свекор, свекрва, кумови, побратими, старосват, девер, кмет), време за мажење и женење, припрема на младите за брак, сексуална подука, време на созревање и карактеристики;
- Домашно воспитување и култура: стратегии за социјално клонирање на единката, вградување на фатализмот како темелна вредност, системи на учење во тригенерациско семејство, вредности и нивно всадување, народни приказни со скриени пораки за агнати и когнати, учење посакувани трансакции и ограничување на трансакции, бивалентност, учење бинарни опозиции преку приказни, учење за почитта кон постарите, скалестото почитување (во смисол на ниво), социјална ориентација на младите, учењето на сопствениот статус во роднинскиот систем, улогата на роднините, прифатеното однесување во рамки на различните групни ентитети на селото (фактичко роднинство, побратимување, кумство, заколнување, генерациски групи, групи на истоветност и солидарност, женидбени групи), системот на детски вредности, системи за избор на професија и постигнување посакуван лик во заедницата;



Снимање перформанси пред родители и наставници, проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2019 год.

- Космогонија: замислената стратификација на оноземското (митови за настанувањето, приказни за устројството на небото, улогата на Бог, ангелите и другите натприродни суштества, демони на регулацијата);

- Статус на единката и културна промена: семејни митови за потекло, постигнување личен и професионален статус, приказни за докази на храброст;
- Системи на селска егзогамија и ендогамија, располутување на селата како роднинско–стопанска категорија и начин на производство;
- Јазични сурвивали и нивно значење: архитипски изрази, заборавени регулативни демони, архаизми и нивно толковно и контекстуално значење (правец: „јазикот како археологија“), тајни јазици, акултурација на поими и значења;
- Истражување на кинетичкото традициско наследство, во варијанта на современ пресек.



Снимање перформанс со најмладите, проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2015 год.

Иако ова одделение нема доволен капацитет за континуирано и постојано дејствување од многуте споменати различни области кои социјалната и духовната култура ги содржи, сепак интенција е во следните 5 години да се постават барем базичните реферати, како основа за понатамошен развој на одделението, за што постои силна општествена потреба, која бара зголемена одговорност на институциите од областа на културата.

Тоа се должи на општата дехуманизација на општеството, падот на нивото на образование – со драматичен пад на нивото на знаење и финално, падот на просветителските премиси на образованието, се закануваат македонското општество да го разорат како одделит комплекс на етничка сума, која овој народ го легитимира и дистинктивно го прикажува како посебен народ.

Александар Цветкоски
кустос советник

Едукативната мисија на нашата институција и тоа во форма на етаблирана училишна едукација, која поприма форма на „континуирана едукација“, е развиена во делот на заштитата на духовната и социјална култура, како видови традициско наследство (недопирлива култура), кое најтешко се заштитува не само заради тоа што е нематеријално наследство, туку и заради тоа што е невидливо за најголем слој од граѓаните, иако живеат по нивниот секојдневен диктат. Голем дел од социјалното културно наследство има иста есенцијалност како музиката или друга изведувачка уметност, што значи дека е наследство кое може да се види само во одвивање и исчезнува следниот момент.



Снимање перформанс
во Спомен дом „Блаже Конески“ во с. Небрегово,
проект „Училиштата во музеите или музејот
во училиштата“, 2012 год.

Ова е постигнато преку проектот со наслов „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, кој Министерството за култура го финансираше од 2007 година до 2023 година, при што се реализирани серија обуки за заштита на социјалното и духовно културно наследство и за утилитаризација на културното наследство, во училишен контекст. За времетраењето на овој проект, реализирани се курсеви за едукација на наставниците во основните и средни училишта, посебно за тие кои водат драмски секции, за да можат да

реализираат настава во училишни услови, во рамките на постоечките предмети по македонски јазик, музика и уметност, граѓанско општество, физичко воспитување и сл. или во облик на пилот-проект, или како наставен курикулум. Овие курсеви и едукации се на ниво на одржување интерес за традициската култура, како извор на видео материјали, со традициска тематика.

Проектно реализирани едукативни сесии:

- Инструктажен курс за водење на училишни драмски групи и припрема на кинетички израз за видео утилитаризација, февруари, 2003 год.;
- Курс за препознавање и училишна утилитаризација на Недопирливото културно наследство, ЦСЛУ, октомври 2019 год.;
- Курс за препознавање и училишна утилитаризација на традициската социјална култура во наставата, ноември 2017 год.;
- Курс за водење драмска секција за утилитаризација на традициската социјална култура, во училишни услови, 2016 год.;



Снимање во присуство на родители,
Проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2019 год.

- Курс за презентација на културното наследство за наставници од основните училишта, 2015 год.;
- Курс за реализација на наставни курикулуми во пилот – училишна настава за социјална култура, поими и категоризација, идентификација на овој вид култура во секојдневието, 2015 год.;

- Курс за едукација за социјална култура како регулативен механизам, преку методите „Реминисценција“ и „Игра на улоги“, 2013 год.;
- Курс за педагошки методи и дидактика за водење драмски секции во основните училишта во врска со социјалната и духовната култура и утилизација на традицијата за креирање видео продукти со ученици, мај 2013 год.;
- Курс за Училишна имплементација на едукација за социјална и духовна култура, 2008 год.;
- Курс за наставници и инволвирани драмски секции за утилитаризација на социјалната култура низ јавни манифестации, со завршна јавна манифестација во Центар за култура „Марко Цепенков“, Прилеп со наслов „Социјалните обичаи низ очите на децата“, 2007 год.;
- Воведен курс за традициско наследство за наставници во основните училишта во Прилеп и неговото значење, мај 2007 год.;



Доделување благодарници и дипломи,
Проект „Училиштата во музеите или музејот
во училиштата“, 2012 год.



Практикум за наставници „Утилитаризација на НКН“,
Проект „Училиштата во музеите или музејот
во училиштата“, ЦСЛУ, 2019 год.

Реализирани ученички проекти

Сите ученички проекти се снимени професионално, монтирани се и од нив е создаден финален материјал за класичните и социјални медиуми, преку нашата фејсбук страница „Етнокинезија Етнологија“ (www.facebook.com//etnokinezija.etnologija). Така, снимени се и јавно емитувани повеќе од 50 ученички перформанси, од кои некои се со траење од 30 минути (драмски емисии или „народни приказни“). Исто така, во рамките на овој проект емитувани се 4 телевизиски емисии и десетици медиумски известувања од настани. Фејсбук перформансите се мошне популарни кај наставниците, дечињата и родителите и се прегледани повеќе од десетици илјади пати.

Со нашите перформанси наставниците учествуваат и на меѓународни натпревари и освојуваат награди (ООУ „Кире Гаврилоски“).

Проектно креирани и јавно емитувани ученички перформанси

1. Општествени правила – училишна драматизација на обичај;
2. Брачни обичаи, глумечки перформанс по зададено сценарио;
3. Свадбарски ритуали – драмска импровизација;
4. Додоле, етноекспликативен приказ;
5. Наречници, глумечки перформанс по зададено сценарио;
6. Тутунари, уметничка стилизација;
7. Свети Никола, етноекспликативен приказ;
8. Ромска свадба – обичај „Бабак“, експликација на социјални елементи;



Прикажување на сработеното,
проект „Училиштата во музеите или музејот
во училиштата“, 2017 год.

9. Црковен чин на венчавка, примена на проектен метод;
10. Седенка на млади моми за спремање руба, метод „реминисценција“;
11. Момчиња, серенада, додворување, глумечки перформанс;
12. Оговарање и систем на контрола, метод „игра на улоги“;
13. ТВ емисија „Лист тутун – на него се пишува“, развој на креативни техники за туристичка експлоатација, ТВ Канал Визија, 2010 год.;
14. Креативна репродукција – изработка на предмети од тутун;
15. Изложба на „тутуни за размислување“, примена на креативни методи;
16. Изработка на индијанска перјаница од тутун, примена на креативни методи со претходно истражување;
17. Селски суд – „Колнење на своја земја“, глумечка етноекспликација;
18. Перформанс „Момче со 9 занаети“, креирање јавно мислење;
19. Која ќе ја меси славската погача?, хумореска во народен стил;
20. Кој го „курдисува“ син ми жената да си ја слуша?, глумечка гротеска;
21. Хаџи Јанко прави метли од босилек, метод на латентно учење;
22. Милица асли маж да ти била, драматизација на ОСД;
23. „Носот да и падне не си го дига“, етно приказ на Тодорова сабота;
24. Бегчето тежи три свадби, драмска хумореска;
25. Социјални односи во домот, „С’пакост упрауење“, народна приказна;
26. „На колку гигабајти работи тој Конески?“, парадокс – хумореска, метод на латентно учење;
27. „Звукот патувал 74 години“ (од првата пушка, до денес), хумореска;
28. „Анџија, а не бостанџија“, метод на учење архаизми;
29. The Old Bazaar Prilep (англиска верзија на „Анџија, а не бостанџија“);
30. Кривата кула во Прилеп, драмска гротеска;
31. The Clock Tower (Англиска верзија на: „ Кривата кула во Прилеп“);
32. „Јавнија, боднија“, драматизација на социјални значења;



ОСДК е постојано присутно во медиумите по повод годишните големи празници (Коледе, Божик, Бадник, Водици, Прочка, Велигден, Ѓурѓовден), современите феномени со традициска основа и традицискоto секојдневние; ТВ Сител, 2015 год.



Снимање во училишни услови



Припрема за снимање

33. In the restaurant (Англиска верзија на: „Јавнија, боднија“);
34. „Ширден македонски“, метод латентно учење;
35. „Од дивјак до примитивец“, драматизација на парадокс;
36. „Многу шетани и скопјанка и икона“, метод социјална ориентација;
37. „Духовите на Војдан Чернодрински“, глумечко потпури;



Проектна настава, метод „социјална ориентација“, Проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2012 год.

38. „Чок ко’ Бектеш“, метод на драмска експликација;
39. „Ајде да лудујемо во Участакот“, отворање културен простор;
40. Гејмери, метод на структурирање на став;
41. „Народни игри и леб со какао“, метод реминисценција;
42. „Една е мајка, иако е заморна“, драмски приказ за демистификација;
43. Гости за Бадник – импровизација, метод одговор на ситуација;
44. „На пазар Милувани, во кафана целувани“, глумечка утилитаризација;
45. „Плети, плети – нафрли, ако однопаку“, метод реминисценција;



Фотографија пред снимање
Постојана проектна вклученост на малцинствата



Во пишувањето сценарија, вежбање и режирање се вклучени и професионалци

46. Надежда за малку надеж („Итар Пејо на ролери“), хумореска;
47. На пазар тиквите лежат, не одат – теренска импровизација;
48. „Поранешните шампионки“;
49. Додворување со потфрлање;
50. Додворување во говорни формули.



Наставнички курс за реализација на проектна настава, 2008 година



Новинарство и стимулирање на „граѓанско новинарство“ (community reporting) за заштита на НКН, Проект „Училиштата во музеите или музејот во училиштата“, 2017 год.

Популаризација на духовна и социјална култура

Александар Цветкоски, „Етномедицина – Црвјарка“, радио труд емитуван на III програма на Македонско радио, МРТ, емисија „Цивилизациски теориски вредности“, Скопје, август 1998;

144 ТВ интервјуа и ТВ емисии на национални ТВ концесионери (МРТ, Канал 5, Сител, Сонце, Канал Визија, Телма, А1, Алфа, Тера, Алсат): Времеброење, Православен и католички календар, Одредување датум на Велигден, Градски дух, Градски навики, Јавен морал, Кинетичко културно наследство, Воспитување деца во традиционални услови, Морални пораки на нашите празници, Обичаи за Прочка, Велигденски народни обичаи, Обичаи за Чист понеделник, Тодорова Сабота, Величетврток, Обичаи за Коледе и Бадник, „Коледе и современо славење“, Словенска митологија и обредност во Македонија, Антички трагови во нашите народни обичаи, Пости, Обичаи за Тримир, Маскирани поворки и Прочка, Касапите во Прилеп и мечкарите, Акултурација на тутунот во социјалната култура во Македонија, Киривџиски јазик, Прилеп како клуч за Македонија, Анови во Прилеп и прилепско, Воспитување во повеќегенерациско семејство, Морални центри на градовите, Григорие Акиндин, Прилепскиот светец Тисмански, 32 прикази на празнична обредност во Прилеп и прилепско, Етногастрономија во Прилеп, Мариово во минатото, Итар Пејо како прифатен лик од литературата, Синкретскиот карактер на ликот на Крали Марко и др.





Многу проби за успешно снимање





Кој ќе ги добие главните улоги? Музејските експерти се
Тестирање на дикција, 2017 год. постојано со учениците



Перманентно следење на современата состојба на обичаите,
кои имаат и форма на манифестации.
Манифестација „Прочка“



Покрај проектната настава, снимањето и едукацијата на наставниците, тие заедно со учениците постојано ги посетуваат просториите и поставките на НУ Завод и Музеј – Прилеп, каде се дооформува едукацијата за културното наследство, а исто така тука ги увежбуваа и глумечките перформанси.

Стратешки насоки за иден развој

1. Обогатување на етнографската поставка (материјална култура), дефинирање на етнографската поставка и експонирање по оски на групирање, кои ја поддржуваат туристичката експликација;
2. Проекти за етнографски теренски истражувања за следење на социјалната култура;

- Видео и фото евиденција на остатоците од руралната сакрална и световна архитектура,
- Видео и фото евидентирање на преостанатите етнографски материјални феномени и артефакти.

3. Продолжување на проектот „Училиштата во музеите или музејот во училиштето“, кој создава видео депо за социјалната култура, во училишно-драмски формат;

- Формирање Реферат за традициска кинезија,
- Формирање Реферат за традициски базирани форми на едукација.

4. Формирање Реферат за духовна култура (основите се веќе формирани), со стручно лице заради проучување и следење на

современиот вид на обичаите, како и други современи состојби на етнографски, етнолошки, антрополошки и социјални промени во оваа широка сфера;

- Подреферат за „Киривцискиј јазик“,
- Подреферат за Современа состојба на обичаите,
- Подреферат за Следење на манифестацијата „Прочка“, која е воспостановена од нашата институција и маската „Мечкари“,
- Подреферат за архаизми и народни „кратки форми“ и нивен современ изглед и промени,
- Подреферат за приказни, легенди и сурвивали за места на културата, знаменити и вакафни места, заради формирање туристички приказни („приказни, кои недостасуваат“),
- Видео депо за обредите на иницијација, во современа форма (Свадба, матурирање, дипломирање, прослави од животниот циклус и сл).

5. Обогатување на етнолошко–социолошко–антрополошка библиотека;
6. Обогатување на фото и видео депото на Институцијата со ваков вид записи од терен и во тек на одвивање на манифестациите;
7. Формирање Реферат за НКН, со едукација за значењето и формите што може да ги поприми, во проектна форма (проекти за аплицирање).



Иницијална средба со дечињата,
проект „Училиштата во музеите или музејот
во училиштата“, 2023 год.

Александар Цветкоски
кустос советник

Музиката се смета за еден од најстарите културни феномени на човековиот род, која од сакралното, преминала во човековото духовно секојдневние, како народна музика. Таа лесно се пренесува од еден ареал на друг, креативно се репродуцира и има силно духовно делување на секој човек. Таквата природа на музиката, која Римјаните ја сметале за „математичка наука“, придонела за нејзина локализација и етницизирање, затоа што се повторувала во рамките на племињата, како при обредите, така и при пригодните моменти во животот на човекот.

Музиката е една од првите форми на човековата „глобализација“, односно ширење и регионална акултурација на популарна музика, која е креативен продукт, а не традициски пренесувана матрица.

Организираната вера и вкусот на властелата придонела кон создавање преовладувачки музички форми и начини на изведба. Така, кај нас, на средновековната традициска (народна) пентотонална или дијатонска музика, додаден е омажот на исламската мелодиска скала, па низ вековите е створен прекрасен спој и амалгам на специфична „чалгиска“ традиционална музика, која е дур–молска во својата основа. Со текот на вековите, покрај традиционалните гајди и дувачки инструменти, започнуваат да се употребуваат инструменти, кои се импорт од Мала Азија.

„Западната музика“, како што овде ја нарекувале, почнува да се одомаќинува кај нас уште со пронаоѓањето на радиото, но исклучиво кај граѓанската класа, додека кај другите категории, музиката е „народна“ и изведбена, а секако, поврзана со пригоди од верскиот и секојдневниот живот на населението.

Во Прилеп мошне рано започнува усвојувањето и негувањето на западноевропската музика и музичка култура, што е присутно кај пресната граѓанска класа, но посебно тоа се случува по Втората светска војна.

Сознанието за уметничката вредност на нашата народна и забавна музика, изразено со желба таа да се зачува и да се прикаже надвор од границите на нашиот народ, го среќаваме уште кон крајот на XIX век, кај прилепските дејци, кои се вбројуваат меѓу пионерите на македонската мелографија. Свеста за значењето и улогата на роднокрајното музичко творештво во будењето на националното сознание сè повеќе се

развива, поттикнувајќи значителен број културни дејци кон собирање и издавање на фолклорни материјали, во тој ред и на мелографирани напеви.

Од Атанас Бадев па сè до денес, трудот на прилепските музички дејци е незаменлив придонес во ризницата на македонската духовна култура како вредност по себе.

Креирањето на **Роднокрајно музичко творештво и креирање поставка** е финансирано од Министерството за култура и тоа во неколку години, за да се создаде иницијален фонд експонати, да се припреми простор и витрини за експонирање.

За реализација на таа задача, пристапивме кон прибирање предмети, поврзани со предметната тема од најразлични извори, но секако акцент е ставен на славните имиња на музичката сцена (пејачи, музички водители, инструменталисти, композитори, диригенти итн). Во тој правец, беа огласени нашите намери за граѓаните да можат да бидат информирани и да соработуваат со Музејот во нудење ваков вид материјали.

Голем број познати имиња од македонската сцена беа контактирани за да ги информираме за намерата и тие со одушевување прифатија да бидат дел од овој иницијален напор за формирање на оваа поставка.

Поставката беше отворена на самиот јубилеј – 67 години од формирање на НУ Завод и Музеј – Прилеп на 21 јуни 2022 година, во „Бабанеделино училиште“, со 200 предмети, кои им припаѓале на 20 музички дејци. Тука се најдоа вредни музички предмети, награди, признанија, аудио и видео записи, скриптозаписи, како и фотографии, цртежи и карикатури на следниве музички имиња: Блага Петреска, Пеце Атанасоски („долненскиот гајдаџија“), Илија Јанчулески, Нина Спирова, Коста Смилески, Кевсер Селимова и Ѓорѓи Желчески, Гога Зафироски – Зафирот, Влатко Стефановски, групата Бен Хур, Ристо Бомбата и Кучешка тенија, Cros road blues band, но имаме и експонати на КУД „Мирче Ацев“ од Прилеп.

На отварањето присуствуваа и музичките дејци, кои имаа свои експонати во поставката, како Блага Петреска, Кевсер Селимова, членови на семејствата на музички имиња, кои не се веќе меѓу нас.



Роднокрајна музичка поставка



Хармониум, 1918 год.



Грамофони



Зурли и кавал




Тапан со чукало



Витрина од КУД „Мирче Ацев“



Облеката и гајдата од Пеце Атанасоски



Витрина од Блага Петреска





Витрина од дуетот Селимова-Желчески

Александар Цветкоски
кустос советник

ВРАБОТЕНИ ВО
НАРОДЕН МУЗЕЈ - НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ – ПРИЛЕП

1.	**Георгиевски Александар,** препаратор, конзерватор	01.01.1951	30.11.1964
2.	**Насески Александар,** економ	01.03.1954	30.06.1980
3.	**Бабиќ Бошко,** археолог, советник кустос	01.07.1955	31.05.1980
4.	**Коруноска Загорка,** етнолог, кустос	31.12.1959	
5.	**Расолкоска Загорка,** препаратор-конзерватор	01.09.1955	30.04.1958
6.	**Никуљска Нада,** историчар на уметност, кустос	01.11.1955	1.01.1956
7.	**Звездоски Ордан,** секретар	15.10.1956	31.10.1958
8.	**Попоски Драган,** препаратор-конзерватор	01.11.1956	30.09.1957
9.	**Керимовиќ Сабрија,** хигиеничар	01.04.1957	30.09.1958
10.	**Манески Ордан,** сликар	01.07.1957	01.11.1957
11.	**Белазелкоски Борка,** реставратор-конзерватор	01.10.1957	
12.	**Кафкалески Илија,** реставратор-конзерватор	01.10.1957	30.04.1960
13.	**Јованоски Борис,** историчар, советник кустос	01.11.1957	03.04.1987
14.	**Чатлеска Дивна,** библиотекар	01.04.1958	30.10.1958
15.	**Ристеска Панда,** хигиеничар	01.10.1958	31.05.1962
16.	**Ќовкароски Илија,** книговодител-сметководител	15.10.1958	30.04.1966
17.	**Абрашоска Горица,** библиотекар	05.11.1958	12.12.1996

18. Китаноски Благоја, археолог, советник кустос	01.04.1959	31.03.1996
19. Спиркоски Војислав, техничар-конзерватор	12.09.1960	31.08.1966
20. Кавкалески Васил, столар	01.11.1960	18.02.1962
21. Здравески Живко, столар	01.01.1962	31.05.1980
22. Коруноска Менка, хигиеничар	15.05.1962	31.03.1991
23. Кепески Костадин, археолог, советник кустос	15.11.1964	15.02.2001
24. Иванишевиќ Радмила, препаратор-конзерватор	15.11.1964	30.12.1999
25. Божиноски Љубен, чувар	01.12.1964	30.06.1980
26. Котески Алекса, чувар	01.12.1964	30.06.1979
27. Цветкоски Божидар, секретар, архивар	01.07.1966	31.01.1996
28. Јованоски Илија, општ работник	01.06.1968	30.06.1980
29. Трајкоски Љубе, општ работник	10.07.1968	29.02.1980
30. Седлоски Трајче, возач	11.09.1969	09.01.1974
31. Трајкоски Ристе, ѕидар	09.10.1969	30.06.1980
32. Даскалоски Божин, ѕидар	09.10.1969	04.10.1971
33. Ристески Димитар, книговодител, економ	01.02.1970	27.01.2005
34. Шукуроски Ицко, столар	02.02.1970	31.05.1980
35. Јошески Данчо, столар	16.02.1970	25.08.1971

36. Петрески Томе,		
столар	03.03.1970	31.05.1980
37. Петрески Трајан,		
општ работник	23.03.1970	30.06.1980
38. Стојаноски Мирослав,		
општ работник	23.03.1970	30.06.1980
39. Коњарец Александар,		
чувар	20.05.1970	30.06.1980
40. Трајаноски Кирило,		
општ работник	11.05.1971	30.06.1980
41. Бошкоски Ѓорѓија,		
општ работник	17.06.1971	28.02.1979
42. Подигачоски Стеван,		
шеф на столарска работилница	21.06.1971	01.05.1991
43. Шошески Јордан,		
столар	21.06.1971	31.05.1980
44. Малиноски Киро,		
столар	21.06.1971	31.05.1980
45. Мирчески Цветан,		
курир	22.06.1971	18.03.1988
46. Цветкоски Стеван,		
sидар	27.08.1971	09.07.1972
47. Подигачоски Сребре,		
столар	17.04.1972	31.05.1980
48. Кепеска Лилјана,		
археолог, советник кустос	01.09.1972	15.05.2012
49. Бицоски Симон,		
благајник	01.10.1972	31.12.2007
50. Филипоска Гордана,		
археолог, кустос	01.02.1973	15.10.1975
51. Мирчески Томе,		
општ работник	10.05.1973	30.06.1980
52. Јелиќ Бранислав,		
фотограф, документатор	21.05.1973	24.11.1981
53. Авмедоски Суле,		
општ работник	01.07.1973	30.06.1980

54. Велкоски Ристе,		
општ работник	06.07.1973	05.07.1975
55. Велјаноски Блаже,		
ѕидар	07.07.1973	31.12.1978
56. Магероски Драгутин,		
ѕидар	03.09.1973	21.02.1979
57. Маркоски Киро,		
молерофарбар	08.09.1973	21.04.1979
58. Божиноска Пројка,		
хигиеничар	25.10.1973	30.06.1980
59. Трајкоска Блага,		
хигиеничар	01.11.1973	15.02.2001
60. Стојановски Богоја,		
општ работник	21.11.1973	14.10.1979
61. Халески Славко,		
општ работник	23.11.1973	01.08.1979
62. Проева Наде,		
документатор	01.12.1973	04.03.1975
63. Трајкоски Живко,		
возач	17.01.1974	30.05.1977
64. Радески Методија,		
столар	19.02.1974	30.06.1980
65. Сркески Миле,		
столар	25.02.1974	31.05.1980
66. Вељаноски Цветан,		
столар	06.03.1974	21.02.1979
67. Момироски Данчо,		
градежен техничар	18.03.1974	12.11.1978
68. Ѓорѓиоски Ѓорѓија,		
водоводџија	25.05.1974	31.12.1978
69. Митревски Никола,		
историчар на уметност, кустос	03.07.1974	30.06.1980
70. Коракоски Петре,		
општ работник	17.07.1974	23.07.1980
71. Ристески Ристе,		
општ работник	17.07.1974	29.02.1980

72. Пешески Аспарух, архитект, конзерватор	10.09.1974	31.03.1975
73. Димитриоски Ѓорѓи, столар	01.10.1974	31.07.1980
74. Ристески Димитрија, столар	01.10.1974	30.06.1980
75. Спиркоски Иван, администратор	14.10.1974	15.03.1979
76. Андоноски Љубен, електричар	12.12.1974	20.02.1980
77. Атанасоски Михајло, историчар, кустос во Музеј за тутун	01.03.1975	30.06.1980
78. Бахтири Назиф, општ работник	19.03.1975	18.09.1975
79. Велкоски Ристе, sидар	17.07.1975	23.07.1980
80. Размоски Стојан, sидар	12.08.1975	17.10.1975
81. Милошеска Митра, техничар	01.09.1975	31.05.1980
82. Самарџиоски Ѓорѓи, општ работник	02.09.1975	30.06.1980
83. Симоска Лола, преведувач	01.11.1975	30.06.1980
84. Богески Милан, археолог, кустос	01.04.1976	30.06.1980
85. Гермова Анастасија, книговодител	01.06.1976	30.06.1980
86. Танурова Слободанка, архитект, конзерватор	14.07.1976	28.02.1979
87. Мирчески Јован, столар	20.07.1976	31.05.1980
88. Симеоноски Стеван, sидар	01.09.1976	23.07.1980
89. Ристески Стојко, возач	20.09.1976	23.07.1980

90. Тошески Петре,			
општ работник		24.09.1976	16.02.1978
91. Петрески Јаков,			
чувар		01.10.1976	31.07.1979
92. Крстески Ристо,			
хаусмајстор		25.10.1976	01.10.1980
93. Зоговиќ Соња,			
историчар, кустос		01.06.1977	30.06.1980
94. Пашоски Богоја,			
шеф на градежна група		01.06.1977	16.09.1979
95. Мамудоски Сулиман,			
општ работник		17.06.1977	23.07.1980
96. Кирилова Велика,			
општ работник		17.06.1977	30.06.1980
97. Пеливаноски Ѓорѓи,			
општ работник		17.06.1977	23.07.1980
98. Ристески Јован,			
општ работник		21.06.1977	14.10.1979
99. Грујоски Лазар,			
општ работник		17.08.1977	14.10.1979
100. Авмедоски Извет,			
општ работник		19.08.1977	31.03.1980
101. Дуракоски Исмаил,			
општ работник		19.08.1977	31.03.1980
102. Танасоски Симон,			
сидар		08.09.1977	31.03.1980
103. Савески Павле,			
сидар		08.09.1977	31.03.1980
104. Адамчески Илија,			
книговодител		21.02.1978	30.06.1980
105. Трајкоски Живко,			
возач		28.04.1978	30.06.1980
106. Велкоски Илија,			
ист. на умет., кустос	советник	01.11.1980	11.05.2004
107. Печијареска Васка,			
арх., конзерватор	советник	01.02.1981	31.01.2020

108.	**Крстески Киро,** историчар, виш кустос	01.02.1981	16.02.1997
109.	**Талески Благоја,** историчар, виш кустос	01.02.1981	01.02.2010
110.	**Димески Димитрија,** фотограф	01.05.1982	30.06.2022
111.	**Филипоски Гога,** архитект	01.08.1983	09.02.1984
112.	**Милошеска Ристеска Марија,** документатор, виш кустос	01.11.1984	20.05.2013
113.	**Шљупкова Снежана,** раководител на одд. за сметководство	01.08.1985	30.06.2022
114.	**Ристеска Љубица,** секретар правник, виш конзерватор	01.08.1985	17.03.2011
115.	**Јованоски Киро,** архитект, конзерватор советник	01.12.1985	02.04.2024
116.	**Атанасоски Благоја,** историчар на уметност, конзерватор советник	01.03.1986	30.06.2022
117.	**Алексоска Славица,** историчар на уметност, виш кустос	01.05.1987	14.10.2003
118.	**Чагороски Петре,** етнолог, кустос советник	01.10.1987	30.06.2022
119.	**Миткоски Ацо,** археолог, кустос советник	01.07.1989	25.08.2024
120.	**Белчески Рубинчо,** историчар, кустос советник	01.08.1994	вработен
121.	**Цветкоски Александар,** етнолог, кустос советник	17.11.1994	вработен
122.	**Ристеска Панда,** референт во архива	01.02.1996	12.08.2015
123.	**Темелкоски Душко,** археолог, кустос советник	01.05.1996	вработен

124.	**Темелкоска Биљана,** библиотекар советник	01.05.1997	вработена
125.	**Крстеска Неда,** хигиеничар	01.10.1997	30.06.2022
126.	**Михајлоска Паре,** историчар на уметност	23.10.1997	27.07.1999
127.	**Ќососка Славица,** историчар на уметност	01.05.1998	31.12.1999
128.	**Ристески Илија,** арх., конзерватор советник	25.05.1999	вработен
129.	**Бицоска Снежана,** библиотекар	10.01.2000	12.09.2000
130.	**Најдоска Гордана,** архитект	03.09.2001	31.12.2004
131.	**Стојаноски Горан,** конзерватор советник	01.08.2002	11.09.2022
132.	**Цветковски Цветан,** возач	15.08.2002	вработен
133.	**Најдоска Гордана,** архитект	03.09.2001	31.12.2004
134.	**Јарић Наташа,** ист. на уметност, кустос	29.07.2002	31.08.2002
135.	**Гацоски Роберт,** чувар	01.10.2002	31.01.2003
136.	**Николоска Габриела,** историчар на уметност	01.03.2003	31.03.2006
137.	**Филипоска Благица,** библиотекар	01.06.2004	31.03.2006
138.	**Крџиќ Елена,** економист	01.11.2004	30.04.2005
139.	**Алексоски Божидар,** работник за обезбедување	10.03.2008	вработен
140.	**Јовческа Љубица,** хигиеничар	10.03.2008	вработена
141.	**Парапанска Снежа,** самостоен референт главен благајник	10.03.2008	вработена


142.	**Илиоски Филип,** стражар	10.03.2008	30.09.2008
143.	**Спиркоски Миле,** водич	10.03.2008	31.08.2018
144.	**Христовска Габриела,** археолог, кусос	10.05.2008	вработена
145.	**Крстеска Васе,** архивар	15.09.2008	вработена
146.	**Рајчиноски Виктор,** работник за обезбедување	01.10.2008	вработен
147.	**Ѓоргиевска Елена,** архитект, виш конзерватор	01.10.2008	30.06.2022
148.	**Грибовска Сузана,** арх., конзерватор советник	01.10.2008	вработена
149.	**Христоска Мимоза,** ист. на уметност, виш кустос	14.02.2014	вработена
150.	**Грабулоска Софија,** конзерватор соработник	01.03.2014	19.04.2016
151.	**Брмбеска Моника,** референт за издаваштво	31.07.2018	13.01.2019
152.	**Иваноска Елизабета,** ист. на уметност, кустос	01.08.2018	вработена
153.	**Јандреска Оливера,** археолог, виш кустос	01.08.2018	вработена
154.	**Заревска Паре,** ист. на уметност, виш кустос	01.08.2018	вработена
155.	**Неделкоска Лилјана,** библиотекар	01.08.2018	вработена
156.	**Цветкоски Горанчо,** етнолог, кустос	01.08.2018	вработен
157.	**Спиркоска Тамара,** продавач	01.08.2018	вработена
158.	**Бошкоска Наташа,** продавач	01.08.2018	вработена
159.	**Аческа Ангела,** виш соработник за општи, администтр. и правни работи	15.12.2018	вработена

160.	**Камчески Тони,** самостоен референт за администр. работи	09.02.2019	вработен
161.	**Крстески Владимир,** археолог, конзерватор	18.06.2019	вработен
162.	**Гическа Весна,** фотограф	19.06.2019	вработена
163.	**Ралева-Миладиновски Маја,** соработник за меѓународна соработка	01.04.2021	вработена
164.	**Папакоча Јоргу,** историчар, конзерватор	15.12.2019	21.01.2020
165.	**Божиноски Валентин,** помлад соработник сметководител	30.12.2019	21.01.2020
166.	**Макриевска Бисера,** архитект, конзерватор	22.07.2022	вработена
167.	**Макреска Елена,** помлад соработник сметководител	18.11.2022	вработена
168.	**Трајкоски Здравко,** документатор	15.07.2025	вработен
169.	**Кебакоски Дејан,** археолог, конзерватор	01.08.2025	вработен

ДИРЕКТОРИ ВО
НАРОДЕН МУЗЕЈ - НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ - ПРИЛЕП



БОШКО БАБИЌ
дипл. историчар на уметност,
директор на Народен Музеј-Прилеп
од 01.07.1955 до 31.05.1980 год.



БОЖИДАР ЦВЕТКОСКИ
економист,
директор на Народен Музеј-Прилеп
од 31.05.1980 до 01.07.1981 год.



ИЛИЈА ВЕЛКОСКИ
дипл. историчар на уметност,
директор на Завод и Музеј-Прилеп
од 01.07.1981 до 25.05.1999 год.



ИЛИЈА РИСТЕСКИ
дипл. инж. архитект,
директор на Завод и Музеј-Прилеп
од 25.05.1999 до 11.04.2001 год.



КИРЕ ЈОВАНОСКИ
дипл. инж. архитект,
директор на Завод и Музеј-Прилеп
од 11.04.2001 до 25.11.2002 год.



РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ
дипл. историчар,
директор на НУ Завод и Музеј-Прилеп
од 25.11.2002 до 12.11.2007 год.




АЦО МИТКОСКИ
дипл. историчар на уметност,
в.д. директор на НУ Завод и Музеј-Прилеп
од 12.11.2007 до 18.12.2007 год.



ГОРДАНА ДАНИЛОСКА СПИРОСКА
дипл. историчар на уметност со археологија,
директор на НУ Завод и Музеј-Прилеп
од 20.12.2007 до 25.07.2017 год.



БЛАГОЈА АТАНАСОСКИ
дипл. историчар на уметност,
директор на НУ Завод и Музеј-Прилеп
од 24.07.2017 до 29.06.2022 год.



ГОРАНЧО ЦВЕТКОСКИ
дипл. етнолог,
директор на НУ Завод и Музеј-Прилеп
од 29.06.2022 до 02.09.2024 год.



МИМОЗА ХРИСТОСКА
дипл. историчар на уметност со археологија,
директор на НУ Завод и Музеј-Прилеп
од 02.09.2024 год. ...



Вработени во НУ Завод и Музеј – Прилеп, 2025

СОДРЖИНА

Предговор 3
Бошко Бабиќ 5

ПОЧЕТОЦИ И РАЗВОЈ НА МУЗЕЈОТ
Значењето на музејската дејност 8

МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

АРХЕОЛОГИЈА
Археолошки истражувања – Предисторија 16
Археолошки истражувања – Антички период 17
Археолошки истражувања – Среден век 18
Преглед на археолошки истражувања 19
Пелагонија и Мариово во праисторијата 29
Рана антика 45
Македонски период 47
Римски период 50
Нумизматика 54
Среден век 57

ИСТОРИЈА
Прилеп во средниот век 63
Прилеп за време на Отоманската империја, преродбенскиот и илинденскиот период 69
Прилеп за време на Балканските војни, Првата светска војна и периодот меѓу двете светски војни 72
Прилеп за време на НОВ 72
Прилеп по НОВ 75
Парк на револуцијата 76
Алеја на народните херои 77
Могила на непобедените 78
Споменик „Жртви на фашизмот“ - Дабница 80

ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ
Византиски период 82
Поствизантиски период 91
Доцен период XVIII-XIX век 98
Збирка на графички листови 102

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОВРЕМЕНА УМЕТНОСТ

Збирка од прилепскиот уметник Ѓорѓи Ачески-Аче 105
Уметнички слики од познатиот канадски академски сликар и уметник Мајкл Клос, (1954 г., Торонто) 111

ЕТНОЛОГИЈА

Материјална култура 113
Истражувачка дејност 118
Социјална и духовна култура 119
Едукација за социјалната и духовна култура 129
Роднокрајно музичко творештво 141

Вработени во Народен Музеј - НУ Завод и Музеј - Прилеп 147
Директори во Народен Музеј - НУ Завод и Музеј - Прилеп 157



CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7:069(497.785)(081)

ОД артефакт до идентитет, седум децении културна меморија : музејска дејност / [уредници Биљана Темелкоска, Паре Заревска ; фотографии Димитрија Димески]. - Прилеп : НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, 2025. - 164 стр. : фотографии ; 16 x 23.5 см

ISBN 978-608-4511-17-5

а) НУ Завод и Музеј - Прилеп -- Македонија -- Монографии
б) Музеј -- Македонија -- Монографии

COBISS.MK-ID 67483397







"Музејската дејност е тивок стражар на културното наследство - таа го чува, истражува,документира и пренесува она што времето би можело да го избрише. Преку неа, наследството не е само спомен од минатото, туку жива врска што не обликува, не учи и не обврзува."



